СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дов.број_________________

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од продолжението на Единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 18 април 1991 година

Скопје, април 1991 година

ДИСКУТАНТИ НА ПРОДОЛЖЕНИЕТО НА 11-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 18 АПРИЛ 1991 ГОДИНА

1. АБДИ ФАИК......45,107,170,188,1990,
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД -134,167,211
3. АЛИУ ХАМИД .227
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО -31,109,155,232
5. АНДОВ СТ0ЈАН-27,51 (пауза) б0,173,190,191,199,209
6. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ-58,172
7. АРНАУДОВСКИ ЛАМБЕ -29,235
*8.* АРСОВСКИ БРАНКО
9 . БЛАЖЕВСКИ БРАНКО.........*165, 239*
10. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 137
11. БОЖИНОВСКА СТЕВИЦА - 132
12. Б0ШК0В ЈОРДАН -109,120,157
13. ГАЈДАРЏИСКИ ТОДОР -24
14. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР -182
15. ГОШЕВ ТУШЕ - 132
16. ДАВЧЕВ САНДРЕ -15,58,134,140,184
17. ДИМИТРОВСКИ ДИМИТАР -141
18. ДИМИТРОВА РАТКА - 211
19. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР -34
20. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО -206
21. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН -231
22. ЗИБЕРИ НАСЕР - 104
23. ИВАНОВ ИВАН -149
24. ИВАНОВ РИСТО -133
25. ИВАНОВ ЉУБИСАВ -42
26. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО
27. ЈОВАНОВ РИСТО
28. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН-151,186,189,201,230,234,
29. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИЦТАНА - 52,73
30. КЕЛЕШОВ ВАНЧО -34
31. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН -164
32. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 41,67,115,121,125,198,200,202,206,207,209,212
33. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА-50,123,135,139,140
34. ЛЕПАВЦЕВ АЛЕКСАНДАР -131,138,141
35. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО -223.222
36. МАНЧЕВСКЕ ЈОВАН -17
37. МИНОВ ПАНЧЕ - 225
38. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН -192,226
39. МУРТЕЗАНИ АВДИ -102

40.МУРАТИ ЏЕЛАДИН -95,106,155
41. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 8
42. НАСЕВ ПАНЧЕ - 13
43. НАУМОВСКИ СЛАВЕ - 118, 122, 229
44.НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - 197
45. НИКОЛОВ ЈОВАН - 238
46. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 36
47. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 6, 150
48. ПЕТРОВ ТОДОР - 100, 225, 236
49. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 43, 93, 111
50. ПЕТРЕВСКИ ГОЦЕ - 180
51. ПОПОВСКИ КИРО - 21
52. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 155
53. ПРЕВАЛА ШАБАН - 176, 179, 180
54. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 40
55. СЕЛМАНИ АСЛАМ - 243
56.СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 143
57. СТАМЕНОВ РИСТО - 24
58. СТАНКОВСКИ РИСТО - 11, 12
59.СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 61, 139, 192
60. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 207, 210, 237
61. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 60, 102, 236
62. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 205, 205
63. ТОМЕВСКИ МЕТОДИЈА - 2, 52, 62, 66, 149
64. ТРПЕНОВСКИ ПЕТАР - 15
65. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 30, 139
66. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 4, 47, 50, 129
67. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 28, 230
68. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 38
69. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО
70. ЏАФЕРИ НЕЏАДИ
71. ЏАФЕРИ НЕЏАДИН

КРАЈ

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од продолжението на Единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 април 1991 година

Седницата се одржа во салата за седници на Парламентот, со почеток во 9,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа.

Ве известувам дека пратениците Флоре Масалковски, Ешреф Алиу и Мухамед Халили, поради оправдани причини не се во можност да присуствуваат на продолжението на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со расправата.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи Предлогот на законот содржи одредба која има повратно дејство, согласно член *"262,* став 2 од Уставот на СРМ, Собранието треба да утврди дали постои општ интерес за усвојување на оваа одредба.

Го молам претставникот на Владата да го образложи општиот интерес за усвојување на оваа одредба.

Има збор членот на Владата, министерот за финансии господин Методија Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на СИЗ од општествените дејности за потрошувачката во првото тромесечие од 1991 година, се предлага одредбите од член 1 до член 4 да се применуваат од 1 април 1991 година, односно да имаат повратно дејство.

Повратното дејство на овие одредби се предлага во смисла на член 262 од Уставот на СРМ со оглед на постоењето на општиот интерес. Општиот интерес се состои во создавањето на услови за еднаков третман во финансирањето на јавните потреби и определување на приоритетните расходи во одделните дејности. Оттука, поради сериозните проблеми што се присутни во финансирањето на општествените дејности, пред се во образованието се налага потребата од концентрирање на сите приходи на буџетите на општините и на СИЗ-овите освен на приходите за пензиско и инвалдиско осигурување, здравство и вработување во Републичкиот буџет.

Укажуваме, меѓутоа, дека ниту ваквиот систем на обезбедување на приходите, со оглед на општата состојба на стопанството не ќе значи дека во потполност ке бидат задоволувани барањата на општествените дејности.

СТОЈАН АНДОВ:

Го чувте образложението на членот на Владата, министерот за финансии дека постои општ интерес за усвојување на оваа одредба.

Дали Собранието прифаќа дека постои општ интерес за повратно дејство на одредбата на овој предлог на закон?

Молам да се изјасниме со кревање рака.

Молам, кој е за, нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Констатирам дека 72 пратеници се за, според тоа, тоа е мнозинство на гласови и нема потреба да прашувам кој е против или кој е воздржан бидејќи тоа нема да влијае на конечниот исход на гласањето.

Констатирам дека е прифатен предлогот на Владата дека постои општ интерес.

Дали се согласувате тека? (Се согласуваме).

Констатирам дека Собранието утврди дека постои општ интерес за повратно дејство на дел на одредби од овој Предлог на закон.

Ве изветувам дека Пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата и Комисијата за здравство поднесоа амандмани на член 6 односно 5-а со различна содржина.

Амандмакот на Пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата е поддржан од Комиситата за финансирање и буџет и од Комисијата за социјална политика.

Согласно член 338 од Деловникот на Собранието на СРМ за амандманите се гласа според редот по кој се поднесени. Меѓутоа, со оглед на тоа што со Амандманот на Комисијата за здравство се предлага бришење на член 5-а од Предлогот на законот, прво ќе се гласа за Амандманот на Комисијата за здравство и ако овој амандман биде усвоен, нема потреба да гласаме за другиот амандман.

Ве молам, прво, дали се отстранија несогласностите помегу двата амандмани?

Има збор господин Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, господа пратеници,

Со оглед на тоа што во работата на телата на Собранието на СРМ, по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за ограничување на потрошувачката... да не го читам целиот текст на насловот на Законот се појавија различности искажани по пат на амандмани во однос на членот 5-а а согласно на членот 196 став 2 и 3 од Деловникот за работа на Собранието на СРМ овие комисии одржаа денеска заедничка седница.

На седницата присуствуваа претставници на ЗПК, од 8 члена присуствуваа вкупно 6, потоа од Комисијата за финансирање и буџет од вкупно 7 члена присуствуваа 4, Комисијата за здравство од вкупно 8 члена присуствуваа 6, од Комисијата за труд и социјална политика од вкупно 6 членови присуствуваа 5 и на Пратеничката група за образование, наука и култура од вкупно 8 члена присуствуваа 5 пратеници. Или, од вкупниот број членови 37 пратеници на овие комисии, на заедничката седница присуствуваа 26 пратеници. Тоа значи дека групата имаше мнозинство на гласови и мозеше да работи.

Во расправата по текстот на Законот учествуваа 8 пратеници од сите комисии и претставникот на Владата, Министерот за финансии м-р Методија Тошевски.

По завршувањето на расправата, согласно Деловникот за работа се премина прво на изјаснување по амандманот поднесен од Комисијата за здравство, со кој се бара целосно бришење на членот 5-а од Предлогот на законот. Овој амандман не доби поддршка односно за него гласаа само 11 пратеници, што значи дека тој амандман не доби мнозинство.

Според Деловникот за работа се премина на изјаснување по Амандманот на Комисијата за образование, наука и култура. По тој амандман 20 пратеници се изјаснија "за", 5 беа"против" а 1 пратеник беше "воздржан".

Со оглед на ваквите резултати од расправата и гласањето на заендичката сеница на сите комисии што расправаа по овој предлог на закон Групата одлучи да му предложи на Собранието да го прифати амандманот на Комисијата за образование, наука и култура што гласи:

"Во членот 5-а, по зборовите: "1 април 1991 година" се додаваат зборовите: "до 30 јуни 1991 година", а зборовите "надоместок за превоз и општествена исхрана" како и ставот 2 се бришат."

Тоа значи дека се прифаќа одлагање на исплаќањето на надоместокот за годишен одмор или регресот за годишен одмор или популарниот К-15, а не се прифаќа предлогот на Владата да се закинат надоместоците за превоз и хранарина.

СТОЈАН АНДОВ,:

Се подразбира дека со овој исход на гласањето и овој амандман сега го прифати претставникот на Владата.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Реков дека претставникот на Владата остана на предлогот на Владата, на изворниот текст, според тоа претставникот на Владата не го прифати амандманот за кој се изјаснија мнозинството членови на вака формираната парламентарна група.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес по амандманот на Пратеничката група, ова што го образложи Ханџиски. Тоа е амандман, а сето друго е усогласено со Владата и оди со текстот на законот, освен оваа измена.

Има збор господин Тодосија Паунов.

ТОДОСИЈА ПАУНОВ

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека Законот за привремено ограничување на дел од општествени средства ги задираме оние дејности и општествени организации што имаат најниски лични доходи и имаат најголеми проблеми и тешкотии. Мислам дека какво ни е здравството, таква ќе ни биде и работата, такво ќе ни биде и производството што го имаме. А, да не зборувам за образованието. Какви кадри ќе даде образазованието, такви кадри ќе имаме во производството што ќе бидат главни носители на развојната политика.

Мислам дека ние треба да ги бараме решенијата во стопанството, да отвораме нови дејности, да дадеме примат на малото стопанство, повеќе да се работи. Мислам дека без работа нема успех. Треба да се свртиме кон организациите во стопанството и мислам дека членот 5-а целосно да се избрише да отопадне.

Ако направиме анализа колкави се овие средства што ќе ги заштедиме, ќе видиме дека тоа се никакви средства за Републиката, а правиме еден голем револт токму пред оние што подготвуваат кадри и имаат најниски лични доходи.

Ако пак мора вака да направиме тогаш предлагам да важи за сите и за стопанството и за нестопанството. Во овој закон да се стават сите до еден. Инаку, не би можел да прифатам за една категорија што има најниски лични доходи а има наголеми проблеми да биде вака. Ние не вршиме рационализација. Зошто не појдеме одозгора, да видиме. Се договараме каква ќе биде иднината на Југославија со месеци и години. И поминува. Државната администрација во Сојузното собрание, во извршните совети, во интерсните заедници и натаму ќе земаат лични доходи поголеми. Кога ќе направиме рестрикција на овие служби. Кога ќе направиме рационализација на овие служби да видиме што ни треба во Федерацијата? Да видиме што ни треба во Републиката во интересните заедници, да видиме што ни треба. . .

СТОЈАН АНДОВ:

Господине Паунов, амандманот е на дневен ред. За амандманот дискутираме

ТОДОСИЈА ПАУНОВ:

Добро, за амандманот, мислам дека целиот член 5-а да отпадне а да се прифати амандманот со допуна односно надоместокот за годишен одмор која сума е многу мала, а повекето од тие средства се веќе исплатени. Мислам дека целиот член 5-а треба да отпаднеа амандманот да се прифати со ова дополнување и регресот за годишен одмор да биде прифатен.

Мислам дека ќе направиме голем револт кај здравствените работници и работниците во образованието ако вака донесеме. Тие се и така подготвени на револт а со ова и натаму ги поддржуваме тие револти. Мислам дека со ова ќе направиме голем преседан и голема неправда спрема другите работници.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, господинот Паунов, не го прифаќа амандманот. Господине Насев немојте да му дофрлувате. Тој не го прифаќа амандманот. Сака да се брише целиот член 5-а.

Треба да прифатиме дека имаме и различни погледи по одредени прашања.

Има збор Владимир Митевски

ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:

Дами и господа, јас сум член на Комисијата за култура и образование и ќе кажам зошто јас се одлучив да бидам за овој амандман што го предложи Ханџиски и што сега на Комисијата го усвоивме.

Прво, следејќи ја изјавата на премиерот на нашата Влада господин Кљусев, што ја даде пред извесно време во "Вечер" а "Нова Македонија" го објави како изјава на неделата мислам дека овој закон што се предлага до 30 јуни нема да има временски карактер. Членот 5-а што не фигурираше во првиот дел од Законот до 31 III значи сега е ставен како член 5-а. Веројатно, сега со ова озаконување би бил од траен карактер. Значи, бришење на средствата што до сега општествените дејности ги примаат како регрес за годишен одмор, за општествена исхрана и патни трошоци. Тоа е мое лично миселење. Сметам дека оваа мерка не е од времен карактер. Штом оди во закон, сигурно, како член 5-а ќе биде од траен карактер.

Што би донела оваа мерка? Како што кажа претходниот дискутант, големи немири би се јавиле во сферата на општествените дејности. Не само во здравството туку и во образованието. Сведоци сме на овие штрајкови што траеја до пред извесно време. Ако продолжат, а ќе има револт ако ова денес се усвои, би се ставила под прашање валидноста на учебната година што сега изминува. Значи може да се случи да не се признае школската година во основното образование, што за нас е катастрофа.

Второ, слушам тука господинот Насев нешто реагираше, директорот на "Астибо" кога на"Астибо" му одеше добро тие отвораа погони во Кратово, Пробиштип и други места. Меѓутоа, сега кога не им оди ги затвораат тие погони. Ја незнам што во здравството може да се затвори. Во стопанството може да се затвори она што е нерационално, а здравството е нужно зло на ова стопанство и незнам што во здравството можеме фактички да ампутираме.

Таква е состојбата во Кумановското здравство. Во селата имаме единствена ситуација каде што екипите се со постојан престој. 24 часа се во перманентна работа. Ако на тие вработени не им дадеме средства за исхрана, значи топол оброк и ако ги натераме да патуваат, ако работното време го скратиме на 8 часови, тие треба од сопствениот џеб да партиципираат за нормално одвивање на работата. Истото се однесува и за вработените во образованието. Зарем треба некој денеска со лични средства да партиципира за да се одвива една општествена работа. Мене воопшто не ми е јасно. Иако треба претседателот на СИС Марковиќ да ни каже колку ќе изнесува очекуваната девалвација на динарот, со овие мерки треба сигурно 30 или 40% да ги намалиме личните примања на вработените во овие дејности ќе излезе дека некаде 80% да се намали моменталниот личен дохот на тие луге. Јас мислам дека треба добро да размислиме. Со овие наши мерки преку 30 или 40% ќе се намалат и ако уследи девалвација, а се очекува околу 40%, каде ќе се најдат тие луге.

Јас ги ценам напорите што ги прави новата Влада. Го респектирам сето она што го прави стопанството за рационализирање согласен сум со тоа дека треба голема рационализација во образованието и здравството, меѓутоа ваква мерка во овој момент би била непопуларна.

Исто така слушнавме и овој умен предлог од претходниот дискутант да имаат исти права вработните во стопанството и вонстопанството. Едно време постоеја платни разреди па ако е републиката до тука со средствата, да воведеме и платни разреди. Да

имаме  исти права тие  што се во вонстопанството и стопанството.

Во, овие материјали што ги добивме пред малку има апел на повеќе вработени во образованието и мислам дека тоа треба да го цениме. Ако тие сега продолжат со штајк, како што се кажа пред малку ќе се доведе во прашање валидноста на школската година.

СТОЈАН АНДОВ:

Има доста што се јавуваат за збор, но прво да се договориме.

На дневен ред за расправа е Амандманот на Пратеничката група што работеше заедно. Ве молам наведувајте ги аргументите но одредете го вашиот однос. Дали го прифакате амандманот или не.
Зборувате за целата состојба околу здравството и образованието а од овде одите со нејасен став по амандманот. Овде треба да кажете вие кога доаѓате на говорницата, за амандманот сте зеле збор и треба да го одредите вашиот однос дали го прифаќате или не. Инаку се друго што зборувате е само аргументација. Тоа е друго, дали другите ги убедувате но треба да го определите вашиот однос кон тоа што е за расправа. Определете го вашиот однос кон предлогот на амандманот.

Има збор господин Станковски.

РИСТО СТАНКОВСКИ;

Со голема почит кон присустните се јавив за дискусија во функција за известител на Комисијата за општествен надзор и претставки што работеше како Парламентарна група од причини што сеуште не е верифицирана во ова Собрание. Ке се осврнам и на овој амандман, меѓутоа, незнам зошто од оваа Комисија немаше присутни членови на денешната пратеничка група, за што се произнесе господинот Ханџиски.

Би сакал да кажам во врска со оваа пратеничка група Извештајот што ви е даден од таа комисија не е веродостоен на она што се договаравме на Комисијата. Имавме сосема други ставови. Секретарот на Комисијата или незнам кој ги напишал да речеме, округло па на  ќоше, така што не се знае. Инаку на Комисијата имаше сосема конретни ставови за што се залага, а јас морам да ги изнесам бидејќи сум задолжен.

Прво се поддржуваат првите четири члена од овој закон.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ќе поминеме на расправа по текстот на законот. Сега расправаме за амандманот.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Во пратеничката група не бевме консултирани

СТОЈАН АНДОВ:

После ќе се јавите во расправата по текстот на законот. Текстот на законот целосно ќе го ставиме на расправа.

Сега расправаме по амандманот предложен од пратеничката група, а го образложи Ханџиски. Дали имате нешто да кажете по амандманот.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Јас вака ги сфаќам работите: се формира некоја пратеничка група на која присуствуваат членови на повеќе комисии. Зошто немаше член од Комисијата за општествен надзор и претставки, односнс пратеничката група? Поради тоа сакав да го изнесам ставот на таа пратеничка група.

СТОЈАН АНДОВ:

Ке го изнесете во расправата по текстот на Законот
Дали имате нешто по амандманот.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Добро, значи ние како некоја друга пратеничка група бевме изземени од ова, значи нема проблеми.

Инаку, тој став е сосема спротивен по овој амандман и затоа после ќе го изнесам. Според тоа, не го поддржуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега изнесете го ставот по амандманот. Вашиот став по амандманот изнесете го сега, бидејќи после нема да се расправа за амандманот.

РИСТО СТАНКОВСКИ

Не се разбравме. Не се согласуваме со овој амандман.Не би сакал да дадам образложение бидејќи се надевам дека после во расправата ќе добијам збор за да дадам поконкретно образложение.
Сега не се согласувам со овој Амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали го поддржувате основното решение на Владата.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Да, го поддржувам, ставот на Владата а после ќе изнесам зошто.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е ваш став
Има збор господин Панче Насев

ПАНЧЕ НАСЕВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,бидејќи претпослениот дискутант ме прозва морам да се јавам.

Не е во прашање тука дали му оди на "Астибо" или не му оди. Ако другарот го интересира дали му оди на "Астибо" може да дојде и да провери. Не е така лошо како што мисли тој.
Во прашање е дали му оди на македонското стопанство во целина или не. Тука не дискутирам од иметот на "Астибо" дали му оди или не. Според тоа, во прашање е дали може стопанството да го поднесе тоа што ние го бараме.

Инаку, што се однвсува до амандман, мислам дека, се согласувам со овие од стопанството, она за превоз и храна да помине, а за К-15 да не помине. Главниот револт кај работниците се јавува кога се исплаќа К-15. Инаку, ако сакаме да имаме проблеми проблемите можеме да ги направиме и од другата страна. Другарот постојано се заканува дека здравството ке штрајкува и просветата. Доста со тоа уценување дека ќе штрајкувате и нема да заврши школската година. Што ќе направиме ако штајкува стопанството. Видовте што се случи вчера и завчера во Србија. Генерален штрајк па сите одредби од барањата се усвоени. Дали сакате и ние тоа да го направиме? Тоа ќе направи голема штета во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Давчев

САНДРЕ ДАВЧЕВ:

Почитувани пратеници, јас мислам дека во еден дел го прифаќам амандманот што го предложи работната група, во оној вториот дел, но во првиот дел дека тие прифаќаат за распоред во областите од 12 до 14 тука неможам да се сложам. Бидејќи има нереалности во однос на претпријатијата кои се поставени во тие области. На пример, претпријатие за професионална рехабилитација на инвалиди и вработување, тие работат во стопанство, а се ставени во нестопанство и сега се ограничуваат. Неможам да се сложам за сите претпријатија кои се монопол за нашето општество, ПТТ, дистрибуција и да не набројувам и т.н. дека тие се стопанство и се друго и дека не се привелегирани во ова општество и дека К-15 можат да земаат кога сакаат. Секако и со тоа неможам да се сложам. Мислам дека ние мораме и во овој првиот дел од членот 5-а од 12 до 14 и тука да направиме некоја селекција. Неможе сите што се монопол во ова општество да земаат и К-15, а општествените дејности да не земаат. Тука неможам да се сложам, треба од 12 до 14 да се прошири, односно да се измени ово] член.

ПЕТАР ТРПЕНОВСКИ:

Уште веднаш да кажам дека го прифаќам амандманот од Комисијата за образование, наука и култура. Образложение, прво, општествените дејности, здравството ги прифаќа сите рестрикции што ги врши односно што се вршат во општествените дејности како барање на стопанството. Мислам дека тој е еден однос кој што треба да го цениме. Меѓутоа, ако 500 илјади активни осигуреници лекуваат популација од 2.200 жители врз основа на материјална супстанца што се создава со стапка на придонес односно врз непазарен концепт, тогаш лесно може да се заклучи во каква состојба материјално се наоѓа здравството. Ако на ова му додадеме и еден втор финансиски удар што се врши и на стопанството и на здравството, а и јас се чудам зошто стопанството досега не си ги откри изворите што се исфрлени од циклусот на финансирање на општествените дејности. Имено, здравството од 500 илјади активни осигуреници лекува бесплатно 50 илјади невработени, лекува 12 илјади од социјалната група, лекува вработени во странство кои што ништо не плаќаат и лекува категории кои што многу малку плаќаат, 80 илјади земјоделци со 200 илјади членови на нивните семејства, 800 учесници во НОБ. Исто така, ги лекува носителите на демографската експлозија која врши поход на освојување на територијата во западните предели на Македонија. Молам, во Струга, Гостивар и Тетово. Природен прираст е 7 илјади. Сите овие категории се ослонети на материјалната супстанца што ја издвојуваат 500 илјади активни осигуреници врз стапка на придонес со примена на рестриктивни мерки. Ако го извршиме и овој социјален удар врз здравствените работници преку укинување на регресот за годишен одмор, топлиот оброк и надокнадата за превоз, исто така, имаме и еден игнорантен однос спрема мегународната конвенција за трудот. Оттука, го прифаќам амандманот на Комисијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Една молба, јас прифаќам да се даде образложение, корисно е, меѓутоа имајте предвид дека за здравството и за состојбите во здравството ние денес ќе расправаме. Имаме посебна точка и тоа точката 39 за тоа и сега дајте сега аргументи за или против амандманот.

За збор се јави господин Манчевски.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, да се изјаснам веднаш дека сум за целосно бришење на членот 5-а. Не сум за штрајкови, посебно во здравството, вчера се изјаснив дека не сум добил плата за три месеци, меѓутоа штрајковите ми се одвратни. Меѓутоа, многу ми е непријатно што морам да ги потсетам сите присутни што

седат во овие клупи дека на еден или друг начин се производ на своите учители, наставници или професори. До колку не го признаеме тоа, ќе мора да си признаеме нешто друго, а тоа е дека сме производ на улицата.

Неслучајно се нарекува образование и воспитание. Во образованието човекот може да биде и самоук но во воспитанието, тоа е исклучено. Затоа, може би требаше да се нарече воспитание и образование, а не обратно. Ова го велам од причина што се осеќам и стручен и компетентен како што имаме обичај да речеме, а не што сакам да ви држам некакво предавање.

Првата љубов на детето кога ќе се издиференцира со либидото спрема спротивниот пол не е некој врсник или врсничка, туку нашиот друг, другар, драг или драга учителка. Најголемиот авторитет за детето не е радителот, туку учителот, Него или неја ја емитираме, се определуваме за идната професија.

Моите професори беа, се и ќе останат мои богови. Ниту Исус Христос не бил бог ако не биле неговите ученици.

Прашањето е како во денешни услови во услови да се произведе бог. Тоа е можно само со почит и вера. Но, кого да почитуваме и во кого да веруваме? Во просјачните работници сигурно не.

Ако се потсетиме на нашите први просветители, кои станале светители и како ги бранел Гоце, кога едно момче од Солунската гимназија им ја пцуело сликата, - фрлајки му ја капата на земја му рекол: „овча главо, запомни дека пред оние на кои им ја должиш можноста да го напишеш своето име човек, треба да стоиш без шапка и кога го псуеш“.

Но, можеби просветителите и да биле просветни само во мрачните векови. Сега е сеедно кој ќе ги воспитува нашите деца.

СЕКРЕТАРОТ НА САМОСТОЈНИТЕ СИНДИКАТИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

СТОЈАН АНДОВ:

Го опоменувам господинот Пановски тој да не дава збор, тој може да бара збор, тој не дава збор, давам збор јас, додека седам овде и на кој сум му дал збор, а уредно е поканет овде да го ислушаме. Инаку, ова нема да биде парламент, туку улица.

СЕКРЕТАРОТ НА САМОСТОЈНИТЕ СИНДИКАТИ:

Претседателството на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија укажува дека за содржината на новиот член 5-а од предложениот закон со кои на работниците кои вршат дејност распоредена во областите од 12 до 14 според Одлуката за единствена класификација на дејности, како и за работниците кои работат во организациите што се финансираат од приходи и даноци и придонеси им се укинуваат исплата на регрес за годишен одмор, надоместок за превоз и исхрана на работниците во текот на работата. Во претходната постапка неизвесно требаше да биде консултиран Синдикатот со оглед на тоа што се работи за веќе стекнати права на работници односно се задира во материјално-социјалната положба на работниците. Едновремено со ова решение се повредува начелото на рамноправност на работниците. Со амандман XXV од Уставот на Македонија секој се вклучува во работа со општествени средства слободно и под еднакви услови. А со член XXV, точка 7 на Уставот на СР Македонија и Амандман X од Уставот на СФРЈ, став 4 се вели: "Работниците што вршат општествени дејности остваруваат во стекнувањето на доход еднаква општествено-економска положба како и работниците од претпријатијата во материјалното производство". Оваа проблематика е регулирана и со Сојузен закон за исплата на лични доходи. Средствата за непосредна заедничка потрошувачка и на средствата за исхрана на работниците во текот на работата. Во основните начела на Уставот на Југославија и на Македонија 1 и 2 се вели дека еднакви се интересите на работничката класа со еднакви права, должност и одговорност. Ова решение не е во согласност со Сојузниот и Републичкиот закон за работни односи, како и со колективниот договор.

Исто така, во член 71, став 5 во Законот за сметководство повеќе не се зборува за општествена исхрана, туку за трошоци за исхрана на работниците. Тие се третираат како материјални трошоци, а не како што стои во Одлуката дека се потрошувачка. Со ваквиот начин на интерпретација директно се влијае на деловните расходи на претпријатијата.

Дејностите од 12 до 14 и оние што остваруваат приходи по основ на даноци и придонеси не се финансираат целосно од СИЗ-овите. Според проценката до 1/3 тие дејности остваруваат приходи од услуги што ги даваат на непосредните корисници на пазарот и во тој дел тие се слободни да располагаат и да го распоредуваат.

По ова прашање, поточно член 5-а не би сакал да ги коментирам, но само би ги апострофирал мислењата на соодветните комисии на Парламентот како и Одлуката на Уставниот суд на Македонија. Доколку се донесе неуставна одлука, тоа би значело дека се дискриминира Уставниот суд на Македонија и дека на овој Парламент не му се потребни такви институции.

Исто така, сакам да истакнам дека примената на член 5-а значи намалување на животниот стандард на работниците од минимум 15 до минимум 41%. Евидентни беа реакциите на работниците, се разбира пред се од овие дејности. Согласно со водените разговори, со претседателот на Републиката, како и нашите програмски задачи сите спорни прашања по можност да се решаваат во институциите на системот и нашиот денешен настап во Парламентот.

Што се однесува до образложението овие категории дека не се во духот на пазарното работење, не се прифатливи за Синдикатот, бидејќи сознанијата говорат дека тоа се цивилизациски придобивки на вработените присутни во правните и демократски општества, ако не се лажам тоа е основното гето и на овој Парламент.

Претседателството, исто така укажува на различниот карактер на овие надоместоци, па поради тоа во услови на исклучително тешка, финансиска ситуација во Републиката заклучи дека може да се прифати одложувањето на исплатата на средствата за регрес за годишен одмор на работниците во областа од 12 до 14 до 30.VI.1991 година, што подразбира дека не е прифатлив став 2 на член 5-а за повраток на веќе исплатените средства односно нивниот третман како исплатени лични доходи. Исплатата на регрес да се врши со добивање на решение за годишен одмор на работникот.

Надоместокот за превоз до и од работа и надоместокот за исхрана на работниците во текот на работата задолжително и натаму да им се исплатува на работниците според постојните прописи што значи задржување на права што произлегуваат и од нормите на меѓународната организација. Според тоа, предлогот на комисиите што беше даден по член 5-а во целост го прифаќа Советот на Синдикатите на Македонија.

КИРО ПОПОВСКИ:

Очигледно Одлуката на Владата, и сега Законот предизвика доста бурни реакции како во стопанството така и вонстопанските дејности. Мислам дека не би правел реплика, а доколку не беше последната дискусија во однос на Одлуката на Владата, се сложувам дека Владата само во исклучителни случаи може да се меша во односите на репродукцијата и по тој основ всушност и законот кој сега се предлага треба да биде покритие и на таа одлука што Владата ја донесе, а со која одлука Владата не може да ги дерогира постојните законски прописи. Во таа смисла се користи членот 305 од Уставот во кој што децидно се наведува во кои исклучителни случаи може Владата да интервенира во процесите на репродукцијата. Би ве потсетил дека ТОЈ гласи „само во случај кога е неопходно да се спречат или да се отстранат поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на народна одбрана или други вонредни потреби на земјата". Со закон може да се пропишат. Потоа, третата алинеја, дека се користи, бидејќи се користи како уставен основ привремена забрана на располагање на дел од општествените средства итн. Според тоа, Уставот е јасен дека само во овие три случаи може Владата да интервенира и исклучиво само со закон.

Според тоа, оваа иницијатива од Владата сега што се покренува во функција е на остварување на уставните начела и законот, вусшност, ние во начелната расправа дадовме согласност дека треба да се донесе и дека такви вонредни услови, поголеми

нарушувања во оптшествената репродукција постојат. Значи, ние дадовме виза дека Законот треба да се донесе. Второ, дека со Законот фактички се исправува еден однос што беше покажан со Одлуката, на што реагираше и Уставниот суд, само оспори карактерот на Одлуката на Владата дека не може со одлука, а не ги оспори решенијата што ги предлага Владата. Да не правиме тука некоја забуна, бидејќи со закон може да се регулира ова и вака да се ограничува согласно член 305 и такво овалстување има самата Влада. Според тоа, Одлуката беше драматична по својот карактер, по својот начин на примена, веднаш се применува и ги дерогира постојните законски прописи кои ја регулираат материјата во одделни области на општествените дејности.
Посебно би нагласил дека исто така Уставот бара вакви интервенции на Владата во општествената репродукција дека може да бидат само од привремен карактер, значи привремена забрана. Согласно на определбите на Владата овој закон да биде само до првите шест месеци, според тоа и сите одредби на Законот, вклучувајќи го и член 5-а е од привремен карактер и тој ќе се применува само до крајот на јуни.

Трето, што сакав да нагласам во однос на конкретната определба и дилеми кои што се поставуваат, очигледно Комисијата и предлогот на Синдикатот предлагаат некое средно решение, мегутоа, мислам дека се повредува сепак една одредба и на деловничките наши однесувања. Претпоставувам дека сите ќе се учиме во оваа практика, оној кој што предлага амандман, поготово кој што задира во материјални сфери треба да предложи и од кои извори на средства ќе се покрие тој предлог што се предлага.

Имајќи ги предвид овие состојби и причините за оваа неликвидност во стопанството неисплатувањето на личните доходи, тие се проблеми кои што настануваат во сферата на општествените дејности би требало сега да се понуди од Комисијата и финансиска конструкција од кои средства како би се обезбедиле овие средства со кои би се покриле исплатата што се предлага за материјални трошоци односно исхраната и превозот на работниците. Бидејќч такви материјални биланси овде немаме сега како предлог, како образложение на Комисијата, а претпоставувам дека тешко би можеле, а и од Владата немаме објаснување и изјаснување дали е можно ваков предлог, мислам дека би било добро доколку можеме да чуеме дали финансиско покритие ќе има овој предлог односно дали може да се обезбеди финансиско покривање на овој предлог од Комисијата кој што бара средно решение во дадениот предлог.

КИРО ПОПОВСКИ: (Продолжение)

Посебно се јавив дека ова исклучиво може да биде само од аспект на времена забрана до крајот на јуни и дека само палијативно односно времена е забраната што ја предлага Владата. Во таа смисла овој предлог на времена забрана на Владата го поддржува, а конкретните решенија мислам дека треба да се дадат материјални показатели за покритието било за овој предлог Синдикатот и Комисијата што го даваат било од Владата од кои средства би се обезбедиле, да не предизвикаме нови нарушувања во општествената репродукција.

ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ:

Колеги пратеници,

Ке бидарм сосема краток, ми се чини дека сега објаснуваме работи кој се многу познати. Не ние е познато со кој акт може, некое право кое го имаме, да се одземе. Ако тоа право може со закон да се одземе, во таков случај, тој закон кој го донел да се измени, а не со интервентен закон.

Второ, го подржувам предлогот на пратеничките групи што предлагаат амандман од причини што се цени дека во овој момент немаме доволно средства и од тие причини се согласувам да се одложи до 6-ти месец, меѓутоа, веројатно треба оваа точка никакво продолжување по 6-ти месец.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Ние вчера усвоивме закон по 2-та точка за репродукцијата и од Владата баравме и бараме да ги реши постојните проблеми.

Ако продолжиме вака Владата што предложи нешто што е во согласност со нашите желби да не го прифатиме сметаме дека оваа Влада не може да реши во наредниот период ни еден проблем. Од тие причини сметам дека предлозите на Владата да ги прифаќаме ако сакаме Владата да има некакви резултати во одреден период на време. Инаку, оние заклучоци вчера затоа ги дадовме да направат тоа и тоа, па како таа Влада ќе работи ако ние, штом се судриме со првиот проблем Владата каже го ограничувам ова утре таа ќе предложи отпуштање на луѓето во оваа свера и во другите. Ние нема да прифатиме ниеден нејзин предлог односно ќе бараме улицата и штрајковите да ги решаваат проблемите. Оттука сметам дека стојам против овој амандман и сум да се прифати предлогот и законот за Владата што го предлага, а Владата ќе одлучи по 6-те месеци ако има средства, ако се подобрат условите да може тоа да го измени не мора да ги примиме овие средства до 6-ти месец, може и по 9-ти месец што стопанството реагира тоа кога не прима личен доход на кого да се жали. И таму не се примаат овие средства ако нема пари.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Пред да се произнесам бидејќи до сега еднаш зборував на оваа тема, го повторувам мојот протест до претседателот на Собранието што се узурпира правото. Ова е говорница на народните пратеници и на тие членови на Владата кој ќе бидат повикани да дадат образложение, а не на други организации, а поготово не на синдикатот овој сегашен македонски негови претставници да доагаат од ова место да ни сигурерираат нам за што и како да гласаме. Тоа го зборувам од повеќе причини меѓу кои нашиот македонски Синдикат незнам дали беше единствен во Југославија, но важно му даде целосна поддршка на српскиот синдикат кога одеше на рушење на Анте Марковиќ. Сите многу добро знаеме и пратениците што сме дека дури и Стејд Департментот нас како македонска држава сме опоменати дека кај нас се рушат синдикалните слободи. Да го земам примерот со РСВР и др.

Исто така кој е другарот од Синдикатот или господин да ни сугерира нам за уставниот суд дали е уставен овој закон што ни го нуди Владата или не е уставен. Јас го, сфаќам тоа како привремени мерки па ако одиме така и Декларацијата беше противуставна. Ние сме тие што ги носиме законите и го носиме Уставот, а надвор од тоа што овој Уставен суд на Македонија сите добро знаеме дека е од монистичкиот режим. Конкретно каква рационализација има извршено во своите редови, да ми се одговори Синдикатот, дали оваа одлука што ни ја сугерираше претставникот на Синдикатот дали има поддршка од работните организации Охис. Металски завод, Желзарницата? Дали нивните права ги бранат? Да ни кажат и колку членство доброволно им пристапило. Според мене, извинете ме, но нив не ги сметам како легални претставници на работничкиот синдикат.

Ке бидам краток го поддржувам претходното излагање на господинот Стаменов и господата пред него и предлагам да го подржиме овој член и овој закон што ни го нуди Владата, бидејќи е од интерес на сите нас.

СТОЈАН АНДОВ:

Само една напомена за некои работи да се објасниме. Политички став може да биде на господинот Пановски и неговата Партија дали овој Синдикат ваков или онаков, меѓутоа, кога се работи за работнички права било од која област и кога донесуваме за тоа законски акт во неизграден систем на претходно префилтрирање на сите односи кога немаме работодавач приватен, кога немаме Влада која функционира во тие услови, овој Синдикат се согласувам дека е во фаза на престројување таков каков е тој е дел од оној Синдикат во Југославија кој е регистриран во меѓународната организација на трудот АИЕЛОУ на кој мора да им се допушти право во постапката на донесување на закон да се искажат инаку нашата постапка за донесување на закон е фалична по мегународните конвенции кој сме ги потпишале. Одтаму ги викаме на овие точки.

Политичките расправи околу тоа колку е вреден тој Синдикат се за надвор од оваа сала и тоа нека се расправи, а во оваа сала мораме да се држиме кон законите и конвенциите што земјата ги има потпишано. Затоа се тие поканети и затоа му е дадено овде право и јас уште еднаш го молам г-Пановски да не ми го зема правото јас на кого

давам збор. Нека не вика, нека се држи како сите други пратеници, тоа е негова обврска и право е да земе збор кога сака да каже нешто, но во овие работи водиме сметка законот кој ќе се донесе така како што ќе се донесе во постапката да нема фаличност, да не биде ни од која меѓународна или домашна институција нападнат во постапката. Ете, затоа е Синдикатот овде. Не значи дека ние ќе ги прифатиме гледиштата на Синдикатот, може да имаме спротивни гледишта, за сега само таа организација на работниците е легална пред Меѓународната организација на трудот, таа е таму членка, таму поднесува извештај за заштита на правата на работниците без оглед колку од неа не сме задоволни. Тоа е наша обврска, додека е така мораме вака да работиме.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Почитувано претседателство, дами и господа,

Не сакав да се задржувам на дискусијата бидејќи ние го предложивме овој амандман и Парламентарната група од образованието инсистира да се води расправа и тоа темелна. Пред да се надоврзам на ова образложение би зборувал нешто во интерес на сите парламентарци овде.

Често пати излегува дека Парламентарната група од ВМРО, СКМ-ПДП, ПДП, Реформските сили и Социјалистичкиот сојуз, тука во Парламентот такви одвојувања не треба. Сите ние сме пратеници - народни, јас не можам да се чувствувам пратеник од албанска припадност ако не сум подеднаков припадник на македонскиот народ, на Власите, Турците, Ромите и други кои живеат во Македонија. Нашиот народ е легитимитет е тоа и мислам дека такви подвоености во наредниот период да не се повторуваат.

Токму нашиот амандман што е предложен е роковски определен до 30-ти јуни.

Само со едно кратко образложение знаеме ние Владата во каква состојба е не само во стопанството, не само на политички план и на други стопански и вонстопански гранки. За кратко време ќе дојдеме да и личните доходи нема да ги земеме затоа што секој ден слушаме дека стопанството ни е во колапс и ако стопанството е во колапс, тогаш од кои други извори. Меѓутоа, нека го имаат предвид сите пратеници овде, дека и просветната струка не смее да се запостави затоа што во последните години сите послаби ученици ни се ориентираат таму, а со вакви укинувања на средствата за топол оброк и признавање на патните трошоци повеќе ги осакатуваме. Па, да не дојде да и онаа гранка на која сме се потпирале да ја исечеме, но сепак закон треба да се донесе, но да се размисли тоа да важи до 30-ти јуни.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Веднаш а се изјаснам јас сум за предлогот на Владата, а накусо ќе објаснам зошто.

Огромен број стопански субјекти користејќи ги економските параментри како индикатор за успешно или неуспешно работење денеска, а и 10-тина години наназад ги имаат укинато надоместоците во своите претпријатија, било по основ на К-15, а во последно време вие сте сведоци дека работниците кој работаат во тешки услови на работење укинат е надоместокот на топол оброк. Со ова јас се прашувам дали некој реагираше во донесувањето на тие интерни акти во претпријатијата во одредени стопански субјекти кој за укинување да ги заштити тие работници а ние од своја страна бараме со целосен почит спрема професијата на професорите и докторите, меѓутоа, таква гаранција во овој момент не може да ни даде кога во оние стопански субјекти каде се создава доходот и каде и тие немаат гаранција, ние да дадеме некоја гаранција за исплата на надоместоците.

Уставно право господа пратеници и личен доход да се зема, да се надомести трудот кој е вложен, она што е вложено, треба да се плати, меѓутоа, вие гледате дека и по 3-4 месеци лични доходи не се исплатени, меѓутоа, за тоа никој не реагира.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господа,

Утринава, го слушнавте излагањето на претседателот на заедничката седница

на телата на Собранието во врска со амандманот на членот 5-а. Комисијата за зравство заседе сосема поинаков став со тоа што се брише членот 5-а и со тоа се отфрла предлогот на Владата на СРМ. Меѓутоа, во дискусијата беа изнесени доста предлози и Комисиајта за здравство се приклони кон Пратеничката група на образование, наука и култура и со 20 гласа го усвои нивниот амандман. Го усвоивме нивниот амандман од овие причини што тековните моменти во однос на исплаќањето на патните трошоци во однос на исхраната тие не можат да се надокнадат ретроградно а одлуката односно оној дел кој се однесува на регресот тие можат да се земат и по 30 јуни оваа година. Меѓутоа, останува Комисиајта за здравство на своето становиште дека не треба да се прави никаква разлика меѓу луѓето во однос на овие бенефиции со тоа што и онака личниот доход на здравствените работници од година во година се намалува, а и оваа бенефиција во однос на К-15 ако во оваа година не се исплати, во тој случај оние што се наоѓаат во близина на загарантираат личен доход ќе имаат под загарантиран л.д.

Според тоа, ставот на Комисијата за здравство е го поддржуваме предлогот на Комисијата за здравство односно на заедничкиот состанок што го одржавме утринава, па ги молам пратениците ги молам да гласаат за овој изменет амандман.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ

Драги пријатели, доста време ни одзеде овој амандман и двете странки имаат право. Кога пропаѓа едно домаќинство, тогаш се бараат патишта, но за жал дали ќе се најдат кој знае.

Јас моето време го поминав како даскал и тоа да ви кажам, сега вашите деца и моите внучиња, можеби и некој од вас има и внучиња одат на школо. Дали работи тој учител или наставник како што треба, јас се сомневам. Зошто? Затоа што и тој е во иста положба како син ми кој 5 месеци не може да земе плата во Завод Тито. Сега се прашуваме кому првин да помогнеме дали на син ми што треба да ги одгледува тие дечиња или на учителот кој треба да ги учи неговите деца.

Многу размислував, малку треба ако носиме закон, законот што го носи овој Парламент треба да биде вистински закон, да нема подзакончиња и утре да ни носат ефтини одлуки и да се губи вистинскиот закон. Меѓутоа, како постар човек и полн со грижи ние треба да помогнеме малку и на тој што работи со тие деца. Нека го прифатиме предлогот на Комисијата да му се помогне, а нека почекаат наставниците, професорите и учителите по годишните одмори да го земат и тоа, а со тоа ќе помогнеме и на Влдата да најде решенија за други поголеми проблеми. Се надевам дека оваа Влда која ја нарековме стручна Влада, не сакам да се сомневам во тоа дека е стручна ќе најде патишта ако таа Влада, ќе ме извинете малку претседателе бегам малку од темата зашто ќе ми избегаат мислите, ако таа Влада прифати стран капитал.....

СТОЈАН АНДОВ:

Нека го капиталот, но добро вие ќе гласате.

БРАНКО АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во расправата по текстот на Законот, Комисијата за труд и социјална политика го имаше предвид амандманот на пратеничката група за прашња од областа на образованието, науката и културата, во врска со измената на член 5-а, при што Комисијата го поддржа поднесениот амандман со кој се одлага на 3 месеци исплатата на регресот за годишен одмор, додека во однос на надоместоците за исхрана и превоз, смета и понатаму да се исплатуваат.

За прифакање овој амандман од пратеничката група на образованието, науката и културата, се појде од две причини: Прво, што надоместокот за пат сметавме дека има функционална основа, посебно во одредени дејности, бидејќи е наменет за лица кој патуваат, односно живеат надвор од работното место, а скратувањето на ова стекнато право во најголема мера би се одразило посебно во областа на образованието, каде барем 40 или 50% од вработените работат во основни училишта во рурални средини каде немаат никакви предуслови за живеење во средината во која

работат и се приморани да живеат во град, а да патуваат повеке од 10 и 20 км.

Второ, надоместокот за општествена исхрана во ова време во општествените дејности претставува голема стапка на материјални примања кај еден дел од вработените, посебно кај оние кои имаат многу ниски лични доходи. Овој број на лица во оптшествените дејости објектино не е мал.

Трето, Комисијата смета дека надоместокот за годишен одмор може да се одложи без да има негативен одраз врз крупните примања и минималниот животен стандард на вработените во општествените дејности, но кај вработените во стопанските дејности. Од тие причини, Комисиајта и јас лично се определив за прифакање на амандманот што беше предложен од Комисијата за боразование, наука и култура.

ВАНЧО КЕЛЕШОВ:

Почитувани пратеници, ке бидам краток. Амандманот го прифакам, од Комисијата односно од пратеничката група и тоа единствено како решение од привремен карактер, од овие соображенија никој нема право работниците од општествени дејности да ги регрутира во граѓани или работници од втор ред, заради тоа што специфичноста на трудот заради неговата фактичка и опиплива вредност не дозволува третман на недоходовен или помалку важен од било кој друг труд. Единствено крајно решение, пазарна основа во здравстовто и општествените дејности со кое оваа категорија на труд ке си го најде своето висинско место и ке престане да биде нечиј посинок. Ниту е точно, ниту можам да прифатам заблуда дека се создава единственост во стопанството во досегашна смисла на неговата дефиниција.

ГОРГИЕВ ПЕТАР

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Очигледно дека денеска со поделени мислења пристапуваме кон прашањето кое што е суштина на реформата. Сметам дека доколку не се пријде стручно и аналитички во делот на учеството на режијата во општествениот производ, сигурно дека нема наскоро да очекуваме и промени кој ќе бидат во делот на стимулирање на развојот, посебно во делот на стопанството. Ова пред се од аспект на тоа што јасни ни се спецификациите дека имаме проширени права во нестопанството. И оттука моето лично размислување во поглед на Предлогот од Пратеничката група за прифакање на амандманот кој е предложен и тоа пред се, како еден компромис и преодно решение. Инаку сигурно дека тоа не е трајно решение и би предложил да не продолжиме со тоа да се изјаснуваме за едно или друго, за правата за нестопанството и на состојбите кои што се во стопанството, туку да ја прифатиме оценката дека проширените права од нестопанстовто мора да се сведат на реални услови на нефинансирање. И Владата да се изјасни после ваква обемна расправа во поглед на прифакањето на амандманот предложен од пратеничката група.
По прашањето на другите два издадока превозот на работа сметам дека би требало да се пријде така да се прифати превоз кој што е само во функција на дејноста, а не исплата на средства на платен список заради доагање на работа. Оттука поделбата во нестопанството каде што има дејност и каде што има одредена функција на дејност. Оттука сигурно и одредени права на стопанските организации кои што сега низ овие штрајкови се искажаа со правата што ги имаа службите и оние што се директно во непосредното материјално производство. Сигурно дека тие односи дојдуваат до израз во случајот, сигурно во делот кога ке почнат да функционира и самиот пазар. Тој нефункционира, немаме работна рака, немаме пазарен капитал. Кога ќе профункционира тој пазар сигурно дека сите овие наши попречни гледања ќе дојдат на свое место. Оттука мое размислување што тие две како компромис ги прифаќаме тие два издатока, ние во оваа прилика се изјаснивме, а мое е да предложам во наредните измени постои 30.6. се признаат само трошоци за превоз кој што се на функција на дејност и исхрана организирана, дали е во стопанство, дали е во нестопанство независно. Инаку сигурно средства за исхрана не можат да се исплакаат на овој начин како и досега што беше на платен список преку бонови и тн.

НИКОЛОВСКИ ДУШАН:

Почитувани пратеници, и претседателство,

Кога станува збор за промени, сите сме единствени, а кога се предлагаат и донесуваат решенија за промена се разликвуаме што и нормално тешко се прифакаат новините поготово кога ни се лимитираат еднаш дадените права. Ова не се никакви забелешки, туку реалнсот, тоа важи за сите субјекти во стопанството и нестопанството. Споменувајки го ова сакам да потенцирам дека го поддржувам не само Законот, туку и решенијата содржани во него Воедно сакам да нагласам дека ја поддржувам и аргументацијата за основаноста за решенијата во Законот, но воедно би додал и следното: Наведените решенија само привремено ги лимитираат правата на наведените дејнсоти во Законот.

Второ, таквите права беа само изведени категории на социјалната политика во стопанството и нестопанството.

Трето, тие категории всушност претставуваат само бонификација за скреината ураноловка за претпријатијата. Еве и неколку состојби во врска со наведеното и континуитетот за лични доходи во стопанството. Имено, стопанството при исплата на личните доходи се среќава со низа потешкотии, најкарактеристични се следните: Лимитирана исплата на личните доходи по основ на постојнтие важечки прописи и закони.Знатно е редуцирана, па дури и голем дел веќе за 1990 година која помина, а почнува 1991 година немаат исплатено популарно речено КА-15 веќе во голем број организации не се организира општествена исхрана, не се обезбедува ни превоз. Несулвентните фирми не можат да исплатат ни загарантиран личен доход, а камо ли да размислуваат за користење на бонификации.

Некој од претпријатијата во кој нешто барем нешто им значеше почна да се подобрува состојбата, личните доходи им се лимитирани по основ на неликвидност и по основ на акционерството. Им се заканува постојано покренување на стечајна постапка. Вработените се принудени да одат на принуден годишен одмор по разни основи скоро без никаква гаранција за враќање на фирмата. Обезбедувањето на средствата поради приоритети е обврска на изддвојвуање на општествените потреби, стопанството при исплата на личните доходи секој месец е оптоварено со цирка трошкови на фианансирање од 12 до 15%.

На крајот од годинава стопанството е принудено и при така измислени постоечки прописи и при загарантиран личен доход да се издвојуваат потребите за надоместок на општествените дејности. Не значи дека не ја респектирам состојбата на дејностите кои се наведени кој привремени се лимитираат со поднесениот закон, напротив свесен сум дека тоа не ги подобрува состојбите бидејки тие повратно се манифестираат и во стопанството по разни основи. Но мислам делумно ке се задоволи социјалната правда и ке се ублажи антагонизмот, а веројатно во некоја подоцна фаза личниот доход и наведените бонификации нема да бидат покренувани, а камо ли да се дискутираат во Парламентот. имајки го предвид пазанионт начин на стопанисување. Сето ова што го изнесов, сакам да кажам дека предложениот амандман за мене е неприфатлив и давам целосна поддршка на решенијата дадени во Законот на Владата. Не сакам да ги користам додатните аргументации и не случајно Владата се залага за овие две додатни категории, бидејки последиците подоцна со отстапката или делењето на овие три работи повторно ќе се јави уште поголем антагонизам мегу едната и другата категорија на вработени односно на стопанството и нестопанството. За да бидам дециден го поддржувам Законот со дадените решенија што се предложени од страна на Владата.

ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Согледувајки ја вистината на претходниот дискутант и на министерот што ја искажа сум должен да кажам во прилог на тоа дека ја поддржувам одлуката на групата на пратеници од неколку комисии членот 5-а да се усвои како што е предложен. Поради следните причини: Ние во вонстопанството, псоебно во здравството повеќе сме од свесни дека нашата судбина, нашата вистина на личните доходи и сите други примања се директно зависни од тоа како приредува стопанството во Македонија.  Ако е тоа така, значи дека ние од тој произвиден циклус не се сметаме како исклучени. Меѓутоа, сакам да кажам дека е во

прашање една одлука која за несреќа не само што се совпага до крајно заострените односи, туку што на некој начин ги засегнува луѓето што се со најниски лични доходи и тоа баш на основица која има линијарен карактер во својата распределба. Ова поради тоа што по кој случај Владата даде предлог на некој начин примањата на личните доходи со повисоката стапка да се врши одредена лимитација, сигурно јас не би бил на говорница. Меѓутоа, поаѓајки од тоа што е засегната една средина која и онолку со личнтие доходи се наога на работ на социјала, сметам дека иако владата имајки свој стручни толкувања, најверојатно министерот пак ќе ги каже тие на нашите групи, се доаѓа до еден заклучок дека така како предлага Владата е сосема исправно. Меѓутоа таму каде се наоѓам на теренот од Крива Паланка, каде што се најниски личните доходи можам да би кажам дека оваа точка 5 е крајно непопуларна. Респектирајки ги напорите на Владата и мојата политичка одговорносот да ја поддржуваме Владата, затоа што долго ја прижелкувавме, сметам дека е сосема исправно што ова компромисно решение се предлага и овие претставници на поголемите претставници тука, кои излегуваат на говорницата нека малку во себе имаат предвид дека ваква една одлука на една ваква социјална категорија во здравството некаде сигурно на 40 до 50% им го нарушува личниот доход, а тоа се испод рангот на лугето што се со социјална помош. Какви тоа ќе има поселдици да кажам отворено политички тоа би требало исто така Владата да го респектира, затоа што исто така е важно толку, колку што е вашен овој политички момент.

И на крај да завршам, сметам дека немојте да мислите дека ние со своето работење не соучествуваме во разрешувањето на проблемите. Мегутоа, поаѓајки од одредени личности кои преку други ги познавам мислам дека и претседателот во еден наврат кажа имаме више стручен кадар, проблемот на стопанисување во стопанството и стопанствнеиците да го гледаат во рационализацијата во организацијата, во својот маркетинг на работењето итн.

Имав прилика со работењето во странство итн. да видам споредно како и на кој начин копираат работните колективи кои се застапени од подрачјето на Македонија, како во Словеника така и на другите места. Можам да кажам дека можеби и некој од основните проблеми во неликвидноста на стопанството покрај сите овие политички бои лежи и тука.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Г-дине претседателе, дами и господа,

Секоја почит кон Предлогот на Владата, меѓутоа, чинам дека пратеничката група составена како заедница од неколкуте комисии на овој случај подобро го сондирал проблемот во сферата на чувствителни прашања., затоа што акоземеме да елаборираме за проблемите во образованието во последниве години, навистина би немале време. Затоа треба да настојуваме да го прифатиме амандманот од пратеничката група затоа што и образованието до сега имаше една тронка надеж дека новата влада и ние како пратеници ќе ги смениме сите тие состојби кој ги имаше во образованието. Затоа уште еднаш молам да се прифати амандманот кој беше претставен од г-динот Ханџиски во име на пратеничката група.

СТОЈАН АНДОВ:

Овој момент добив писмо од Претседателството на заедницата на универзитетите на Македонија во кое се бара да се одложи донесвуањето на овој закон и се бара јавна расправа. Јас ке дадам налог сега да се умножи ова писмо и да ви се подели. Сакам да го имате во предвид и ова.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Јас најнапред да кажам дека го поддржувам усогласениот предлог на пратениците од комисиите и рабонтите групи. Одредбата од членот 5 за мене претставува административно решение со кое се сака да се решат економски проблеми во пазарно стопанство. Такви решенија во начело се спротивни со постојната реформа во стопанството.

Второ, сметам дека е и правно неиздржливо, една оценка веќе е дадена. Со

вакво аминистративно решение нема да се подобрат состојбите во овие дејности, туку напротив ќе се влошат, со пренамената на овие средства што се пренаменети ќе се финансира некоја дејност која според пазарното стопанисување треба или да изгасне или да се укине. Со тоа се избегнува да се решаваат покрупни прашања, рационализација во образование, нестопанството, државната управа и сл.

Исто така, оваа одредба е спротивна и на начелото на новата Влада која се прокламира дека економски ќе работи против монополите на нашето стопанство. Во таа смисла можеше да предложи ваква мерка само за оние дејности кои се остваруваат со монополска дејност. Меѓутоа, поделбата стопанство - нестопанство е толку тешка, за што имаше конкретни примери.

Затоа, сметам дека треба да се поддржи предлогот на усогласениот став, во иднина да се изнаоѓаат економски решенија, а не правни решенија. Тие се пократки, но ќе создаваат поголеми проблеми наместо да се намалуваат дејности и слично, вештачки ќе одржуваме во нестопанството некои пошироки амбициозни програми или издатоци со ова ситно издвојување. Инаку, самиот пазар ќе каже, и да имаме ние право ако немаме можности, нема да исплатиме, нема потреба од административно или правно решение.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Сега јас сум во една голема дилема, практично како човек кој припаѓа на пазрната економија јас треба да го поддржам овој закон заради тоа што тој е конципиран во тој правец и таму каде што имаме пазарна економија вакви социјални категории нема, затоа што нема потреба да ги има, затоа што таму ние не сме ги донеле нашите лекари на социјална база, не сме ги довеле нашите учители, професори итн. и сите наши вработени. Кога ова беше воведено во нашето општество, беше воведено да се помогне од социјална гледна точка на вработените, да се обезбеди додатна помош во подигањето на стандардот. Ако имавме успех со економската реформа и ако тргневме напред, ако успеевме да го подигнеме стандардот, со право денес ке кажеме постепено да се откажуваме од вакви непотребни привилегии и да ги укинуваме и од тој аспект јас би гласал за законот.

Меѓутоа, имајќи го предвид другиот аспект, дека практично личните доходи се такви што немаме самостојни граѓани во смисла на човек кога нема самостојна егзистенција, тој човек не е ни независен, тој човек не е ни слободен. Општествно кое е сиромашно, тоа не може да биде и безбедно општество. Ние не можеме да бидеме и држава суверена, ако секој ден нашиот стандард и живот опаѓа.

Меѓутоа, јас ја разбирам и Владата што донесува еден таков закон, со оглед на ситуацијата во која се наоѓаме и во здравството и во школството и во сите домени, и во стопанството итн., меѓутоа, тие проблеми се многу длабоки. Ние мораме да направиме таму други крупни реформи и во едните и во другите области, како што тоа го правиме и во стопанството.

Затоа, би предложил,сепак Владата да го прифати ова компромисно решение во правец на постепено укинување на одредени социјални категории, но ние треба и тука да извршиме диференција - каде. Јас сум за тоа оние кои имаат републички просек на личен доход ако на тој просек се додаде К-15, надоместок за топол оброк и трошоците за патување и сето тоа излезе на пример 10 динари, а личен доход да има преку 10 динари, јас мислам дека нема потреба на таква категорија луѓе да се исплатуваат овие социјални категории. Но тоа треба да биде предмет на натамошна разработка на Владата. Тука има многу други моменти.

Истото се однесува и за организации кои имаат високи просеци на лични доходи. Да не ги набројувам, некои другари овде ги спомнаа таквите организации може да исплатуваат и надоместок за топол оброк, К-15 и друго, но тие организации мораме да ги оданочиме, а со тој данок ние ќе ги решаваме социјалните категории.

Според тоа, сум за тоа и ја повикувам Владата, јас сум да се прифати амандманот од овие причини што ги кажувам, да го прифати овој амандман и доволни се овие два месеци за да ни предложи едно посолидно и по издржано решение во овој правец, со една многу поширока реформа во здравството, школството и сите структура што постои.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас се јавив за збор со единствена цел да замолам ако може за ова прашање да не се одлучува со прегласување бидејќи сум свесен дека ќе ги спротивставиме работниците од стопанството и нестопанството, бидејќи она што го говориме овде на говорницата и што одлучува Собранието има силни рефлекси на состојбите на односите како во стопанството така во нестопанството. Добро би било ако можеме да најдеме некое компромисно решение и голем дел од аргументацијата што мислев да ја кажам ја кажа пратеникот Иванов. Јас би додал само следното:

Во услови на ваков начин на финансирање на општествените дејности и градење на пазарна економија, овие проблеми се пропратни. Не сум сигурен, напротив, сигурен сум дека социјалните елементи односно социјалното законодавство не е иманентно на пазарната економија. Напротив, колку што мене ми е познато овие општества кои градат пазарна економија и имаат висок општествен стандард, и те како имаат развиено социјално законодавство во кое државата е тој регулатор на односите и на процесите на репродукцијата. Според тоа, државата и во услови на пазарно стопанство и те како има силно влијание. А ние, кога се уште ги немаме направено сите инструменти на пазарно стопанство да настапуваме со тоа дека овие елементи не му се својствени мислам дека не е добро.

Јас лично очекувам, бидејќи сите се согласивме дека ова е палијативна мерка и мерка од административен карактер, ако е административна мерка, таа не може да ги задоволи сите категории на вработени, мора да има и позитивни и негативни реакции.

Лично очекувам, усвојувајќи ги заклучоците од седницата што се одржа завчера за општествената репродукција дека Владата наскоро ќе излезе со своја програма, незнам дали кон крајот на јуни ќе излезе некоја проекција на Владата со предлог на мерки за поусогласено одвивање на процесите на општествената репродукција, за кои се договоривме и прифаќам дотогаш да траат тие мерки од времен  карактер, ако е тоа така.

Според тоа, имаме состојба кога овие административни мерки за едни во стопанството апсолутно нема да значат ништо на планот на стабилизацијата на односот на лугето, расположението, бидејќи и онака ги земаат сите овие давачки, К-15, надоместок за превоз, хранарина, а една категорија која лошо работи ќе бидат револтирани. Според тоа, административните мерки го изземаат и принципот на правичност во уредувањето на односите.

Затоа сметам дека, во услови кога немаме точни квантификации што значи К-15 за колку цирка вработени ефектива и колку тоа значи издатоци за превоз и за хранарина, решението што е понудено од заедничката седница на комисиите мислам дека е компромисно и предлагам тоа решение да го прифатиме. Како што видовте, кога доаѓаме на редот на економските прашања партиската обоеност апсолутно не игра никаква улога. Гледате дека од сите пратенички групи имаме дисонантни гледања зависно од тоа кој човек како ја остварува својата општествена економска положба и од што живее. Очекувам дека во иднина ова Собрание заправо така ќе работи, со животните проблеми и разликите меѓу политичките погледи на партиите ќе се надминуваат.

ФАИК АБДИ:

Секако се сеќавате дека на минатата седница јас бев да се донесе законот, не за тоа некој од општествените дејности да ракоплеска некому односно на мене туку од една друга причина. Меѓутоа, овде чисто сум провоциран од одредени дискусии.

Јас доаѓам директно од материјалното стопанство. Мораме да знаеме колеги пратеници, дами и господа дека ние имаме лошо стопанство, лошо стопанисуваме. Ако тоа е лошо, се друго ќе биде лошо. Јас имам свои гледања и ќе кажам што мислам за амандманот. Морам да објаснам една работа. Мислам дека економистите тоа убаво го знаат, стопанствениците убаво го знаат. Ако имаме една категорија со вкупен приход 100 динари и ако во проценти издвоиме колку во тие 100 динари изнесуваат материјалните трошоци без амортизација, колку е амортизацијата, колку е нето личниот доход, колку е добивката што останува внатре во претпријатието и се друго да тргнеме на друга страна како давачки за општи општествени потреби, финансирање на општината, градот, републиката, федерацијата,  кај нас овде во овој Парламент, ќе

видиме дека од година во година, едната страна се намалува, а се зголемува другата. Сега сакаме да ја намалиме другата страна, да се зголемува првата страна, да остане во материјалното производство за проширена репродуќција. Меѓутоа, условите ни се многу лоши, многу лоши услови на стопанисување, многу лош класносоцијален состав во фирмите, во претпријатијата. Можеби работниците на "Комуна" од каде што доаѓам го слушаат ова, од една убава фабрика од 1200 луѓе и еден убав перфектен солиден ресторан, незнам вчера, денес како било меѓутоа знам од пред месец дена, никој веќе два месеци не добива општествена исхрана. Научивме да си донесеме од дома јадење. Но знаете што? Ние имаме врски сега со американецот. Се согласувам со господинот Петковски дека државата ја води социјалната политика, меѓутоа, тоа е во силно стопанство, со плата од 2-3 илјади долари. Тука претставува проблем да се создаде една таква голема маса за социјални општи и општествени потреби. Мислам дека во овој момент треба ние стопанствениците што доаѓаме од стопанството и нашите работници да не разберат нас овде. Треба не она да ги почитуваме и дали ги почитуваме нашите учители, наставници, професори. Како можам јас да бидам против моите професори што ми предавале? Еве, да се надминеме себе си.

Мислам дека треба да се прифати предлогот на заедничките комисии и во никој случај не сум за тоа овде што се спомна, тоа да биде до 30 јуни, а после 30 јуни како задолжително дека ќе може. Тоа не е задолжително, бидејќи ако има ќе може, ако нема, нема да може пак. Неможе да се подели нешто што нема. Билансите што ги правиме по завршна сметка, вкупен приход, она што останува за распределба на личен доход односно за општи општествени потреби на фирмата. Тука е и К-15. Ако нема, не се дели. Тоа е општо познато. Според тоа не е работата после 30 јуни задолжително да биде. Да се залагаме сите во нашите средини да имаме подобро работење, материјално производство, повеќе остаток, сигурно ќе бидат повеке задоволни луѓето и ќе нема штрајкови.

Јас сум за амандманот.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Јас сум длабоко убеден дека никој од нас овде не би сакал да се подразбере дека се создаваат одредени фронтови меѓу некои кои заговараат вакви решенија во општествени дејности, останатите во стопанството, уште помалку би сакал да се создаде еден впечаток дека ние не сме на иста борбена линија со Владата на која и натоваривме такво тешко време за решавање и дека со нашите предлози би сакале да и одмогнеме. Всушност, се работи сосема за спротивно. Прашање е на проценка колку одредени решенија, а ако сме на заеднички фронт разрешуваат одредени состојби, а колку можат да продлабочат понатаму некои кризи. Станува збор за следното:

Амандманот кој ние го предложивме на Комисијата за образование, наука и култура е добро обмислен и тој амандман некои го оквалификуваа како некакво компромисно решение и во тој дел оди на рака на предлото на Владата, заради тоа што таму е кажно најмалку до 30 јуни додека важи Законот да се одложи исплатата на средствата за регрес, а тоа значи следното:

Со оглед на тоа што со овој Закон кој сигурно ќе го прифатиме денес сите средства одат на една збирна сметка во Републичкиот буџет, Владата ќе располага со вкупно собраните средства. Тие средства по член 4 ќе се делат на соодветните ресорни органи. Но, кога ќе се соберат средствата на таа збирна сметка, во нив ќе дојде и дел од средствата со регрес, а со нашиот Закон тврдиме дека тие не смеат да се исплаќаат до 30 јуни. Според тоа, Владата собира еден износ на средства со кои ќе може да гаси пожари, заради тоа што овој закон е од мака донесен, од сиромаштија, од немај каде.

По тоа, со нашиот амандман се бара само следното: немојте со Закон да ги укинувате правата за надоместоци за регрес, патарина хранарина на одреден дел од вработените. На вработените во стопанството со закон не им се укинати тие права. За жал, не се исплатуваат, што е сосема факт и жалиме што е таква состојбата, заради тоа што нема средства. Но средствата во општествените дејности доаѓаат од стопанството, засега исклучиво преку стапки на придонеси од бруто личниот доход. Ако стопанстовот не земе личен доход од бруто личниот доход не доаѓаат средства во таа сегашна збирна републичка сметка во Буџетот и нема да има средства и во општтствените дејности да си ги исплатат тие надоместоци за регрес, патарина,

хранарина.

Јас се јавив за збор повеќе заради следното: што би рекол д-р Фрањо Тугман - долго време кај нас се случува хајдучија на тоа поле - и факт е дека во општествените дејности се исплатија регреси и хранарина во услови кога не се исплатени лични доходи, па ќе ги дадам јас средствата за К-15 и ќе плачам сега пред Владата и општеството дека нема средства за личен доход но тоа е вина на правната држава односно на Службата на општественото книговодство. Сега тоа ќе може да го командуваат Министерството за финансии и секој ресорен министер, заради тоа што нема да дозволи од средствата на таа збирна сметка да оди ни динар за хранарина, за К-15 додека луѓето не добијат личен доход.

VI/1 CJ/CЛ

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ: (Продолжение)

Према тоа целиот напор е да не се поделиме на црнци и белци како вработени, на едните со закон да им се укинат правата, сиромаштијата им ги укинува правата ако со закон денеска оставиме и на вработените во општествените дејности заради тоа што немаат пари за личен доход, а камоли за К15 или за овие другите надоместоци.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Изгледа се поделивме да не кажам на дел на вработени во стопанството и дел вработени во нестопанството. Бидејќи слушнавме многу дискусии по ова прашање па најверојатно веќе повеќето од нас или сите си го изградивме ставот и начинот на гласањето по овој проблем. Многу беше убедлива дискусијата на господинот Ханџиски, со голем дел од неговата дискусија се согласувам, само се прашувам едно, во Парламентот има околу 40 директори кои што навистина се прашувам кога ќе се вратат во своите претпријатија во стопанството како ќе им објаснат на своите вработени како и зошто гласале. Тоа едно, а ако навистина сакаме да и помогнеме на нашава Македонија која што се наоѓа навистина во тешка сиромаштија тогаш да имаме доверба во Владата, да имаме доверба во самите себеси, да сите заедно ги поднесеме жртвите за кои што апелираме веќе неколку месеци дека треба да се поднесат жртви, и го поддржувам законот на Влдата, затоа што го сметам единствено како привремена мерка додека се изнајде начин на финансирањето на вонстопанските дејности.

<u>КИРО ПОПОВСКИ;</u>

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Опростете што излегувам да кажам неколку зборови, но веднаш да кажам дека го поддржувам Амандманот предложен од пратеничката група од причини што неможам да прифатам ниедно решение и ниеден предлог на новата Влада иако е во тешка ситуација кој што значи рестрикција на било која дејност и на било кој вработени во било која свера на општественото живеење, затоа што и онака сме сиромашни ова значи уште поголемо осиромашување.

Што се однесува за средствата, за изворот на средства мислам дека оваа експертна Влада може да најде и други извори зошто на пример не предложи скратување на огромниот бирократски апарат како што се залагаа во предизборните активности сите партии. Овде имаме 60 вработени во овој Парламент, јас мислам не се толку потребни, и на крајот на краиштата сакам да го кажам и ова: Од пред извесно време станав суверен македонец, меѓутоа, јас имам амбиции да бидам и суверен и сит, и радосен и весел, што сега не сум.

СТОЈАН АНДОВ:

Во расправата зедоа учество многу пратеници и разликите останаа како и на почетокот, само што овде се дадени многу повеќе аргументи и од едната и од другата страна. Бидејќи овој закон или овој амандман е единствено спорна работа во овој закон и бидејќи овој закон и тоа решение навлегува во материјалните интереси и во условите на живот на многу голем број вработени, размислувам дали не е добро да направиме

една пауза од 20-тина минути Владата да процени каков може да биде исходот од гласањето и дали ќе се обиде да направи некое средно решение. Може така, мегутоа, јас сум должен да размислувам да имам во вид што би значел некој неповолен исход во гласањето за владата. (пратениците го прифатија предлогот да се даде пауза од 20 минути).

(паузата започна во 11,10 минути)

(По паузата, седницата започна во 12,05 часот).

СТОЈАН АНДОВ:

Ги молам пратениците да ги заземат своите места за да продолжиме со работа.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Во паузата Пратеничката група на Сојузот на реформските сили на Македонија се состана и врз основа на дискусијата се договоривме да го поддржиме Уставниот амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сум сосема свесен на својата одговорност пред субјектите за кои се однесува оваа мерка, пред Парламентот и пред Владата кога ќе го известам Собранието дека ставот на Владата е дека Законот треба да остане во Предлогот како е даден. Ќе дадеме дополнителни објаснувања кон овој Предлог. Став зашто за Владата кој е усогласен на собраниските тела не е прифатлив и не може да биде вграден во Законот. Суштината на членот 5-а е да го за извесен период амортизира недостигот на средства за остварување на одредени права. Во таа смисла Владата не влегува со вербални формулации на ставот , туку и со конкретни пресметки. Тие пресметки во името на Владата ги изнесов на Заедничката седница на телата, меѓутоа, бидејќи беше поставено прашањето и на седницата на Собранието јас ќе ги повторам. По проценките што се правени во Министерството за финансии врз основа на елементи од званичната статистика, за бројот на работниците во управата и општествените дејности од околу 89 илјади работници за просечните надоместоци за сите три основи од 1400 динари за општествена исхрана, од 440 динари за месечен превоз и од 4735 динари за регрес за годишен одмор вкупниот ефект за трите месеци би изнесувал 846 милиони, во тоа за органите на управата, во кои покрај класичната управа влегува и судството и другите институции што се финансираат од буџетот по трите основи околу 290 милиони динари, за здравството, за сите институции што се финансираат по основ на придонесите и даноците за здравството 237 милиони динари и разликата до 846 на образованието, социјалната заштита и културата. Во овој момент недостигот на средствата што треба да ја финансираат нормалната функција на образованието, на културата и на социјалната заштита заради опаѓањето на приходите и по основ на даноци и по основ на придонеси врз основа на пресметките од 1990 гдоина за непокриениот износ на загубите за тековната загуба по завршната сметка и за неизвршените исплати изнесува околу 912 милиони динари. Споредени овие цифри со залагањата на Собранието дефинирани во вчерашните заклучоци за натамошно растоварување на стопанството, и со барањата на тие исти заклучоци за покривање на загубите и за санирање на состојбите ќе се согласите дека секој од нас се доведува во една противречна состојба. Противречна во смисла едновремено да бара ем да се направат натамошни мерки за растоварување заради негова продуктивна иницијатива, ем да се задоволат правата во постојните прописи што е невозможно. Ако има такви маѓепсници, и јас и во една прилика ова го реков, Владата со задоволство ќе ги прифати да можат тоа да го направат. Владата со сета своја одговорност и со ризик дека оваа мерка предизвикува одредени социјални напрегања, свесна дека тоа ќе има и одраз врз натамошните мерки што ќе ги предлага, смета дека мерката е обмислена и е прва во мерките што ќе мора да ги преземе. Не е дискриминаторна во однос на другите работници.

И во постојните закони за ограничување на потрошувачката и некои други закони кои што имаат рестриктивен или административен карактер како викаме, како што е Законот за личните доходи исто така не се однесува на сите субјекти ниту во стопанството ниту во нестопанската свера, значи и таму се прави одредено раздвојување условно велам на интересите меѓу едниот и другиот дел на субјектите. Но суштината е друга, суштината е да се сообразат во конкретна свера на продуктивното и делувањето на заедничките интереси да се соозбразат билансно да се покријат потребите со можностите. Во тој поглед ако отпадне членот 5-а и се прифати амандманот на собраниските тела практички е неовозможно да се оствари членот 3. Зошто? Затоа што во билансот на тој член е претпоставено дека во овој перчод од 3 месеци со одлагањето на исплатата на регресот за годишен одмор тој ќе може после 6-тиот месец во мера во која што субјектите ќе имаат средства да го исплатуваат. Меѓутоа, ефектот што се однесува на заштедите од надоместоците за храна и превоз дефинитивно се заштеда зад која ќе се покрие нормалните потреби за функција на дејностите. Според тоа, во член 3 каде што треба од 1 април според овој Закон на збирните сметки да се остварува приливот по сите основи на зафаќање на општата и на заедничката потрошувачка без овој ефект од околу 450 милиони динари нема никаква шанса тоа решение да помогне не да се надминат да се ублажат состојбите во сверата на образованието, културата и социјалната заштита, а бидејќи здравството излегува од механизмот на овој закон ќе продолжи според прописите како што ги дефинира областа на здравството. Затоа повторувам Владата од тие елементи финансиски, економски , социјални и други е упатена да предложи и да остане на оваа мерка. Во прилог на дообјаснување на некои факти околу оваа состојба сакам да упатам на фактот дека во расправата што беше овде ниеден предлог не е даден како да се супституира овој недостиг на средства. Тој е присутен, ние и денеска знаеме дека во основното образование личниот доход е исплатен заклучно со февруари, два месеци се во тек што треба да се исплатат. Ние и денеска знаеме дека во културата во голем број на институции не е исплатен личниот- доход уште од ноември, помал број за ноември и декемви, нови има, а да не зборуваме за месеците февруари и март. Слична ситуација е и со некои институции во областа на социјалната заштита, не во поглед на личните доходи во поглед на функцијата. Според тоа, ако немаме предлог кој може да го надмине по својата суштина и ефикасност Предлогот што го дава Владата ние немаме ни морално право да отстапиме од предлогот. Друго е ако ние во расправата во Собранието добивме предлог кој што може да го супституира предлогот на Владата и по однос на своите ефекти и по однос на помалкуте негативни последици. Од тука поаѓајќи ако го немаме тој предлог, ако не се прифати предлогот на Владата ние уште утре и како Влада и како Собрание ќе се судриме со прашањето дали редистрибуцијата на оној дел од средства што се обезбедува во постојниот механизам може да остане ваква каква што е денеска. Мора веднаш да пристапиме кон преиспитување на стапките што исфрлаат приходи за одредени општествени дејности. Ние не можеме да го оставиме основното образование кое е задолжително по својата функција е статус да остане со овој изворен приход кој што не обезбедува покривање на функцијата, не зборувам за надоместоците. Според тоа, ние со длабока одговорност и сознание не сметаме дека тоа е единствено и најисправно решение, го сметаме само најбезболно во овој момент, а во регистарот на мерките што ќе следат низ програмата за економската политика и низ сепаратни мерки ќе предлага Владата и други решенија. Дали ќе се согласиме уште утре да отвараме расправа за зголемување на стапките на одредени дејности. Дали тоа не би било противречно со заклучоците што вчера ги донесе Собранието, дека не може да се оди во натамошно зголемување на зафќањата. Затоа мислиме дека треба да биде Законот прифатен во предложената содржина и конечно добивме во текот на седницата едно писмо од Заедницата на Универзитетите. Јас не знам дали по него ќе се води расправа и каков став ќе биде меѓутоа, ако се прифати барањето на Заедницата на Универзитетите да се одложи расправата по овој закон настанува една следна ситуација за која сум должен во име на Владата да предупредам настанува вакум во однос на решенијата за финансирање на општествените дејности после 31 март до кога псотојниот закон за ограничување на потрошувачката важеше. Во тој вакум можни се следните солуции.

Прво, Собранието да прифати само продолжување на Законот до 31 март со содржината која беше во тој закон, додека не расправа поново и не заземе став по овој

закон. Ако за Собрнаието ни тоа не е прифатливо, функцијата на Законот престанува, ново решение нема, се применува директно сојузниот закон за ограничување на потрошувачкат кој за подрачјето на Македонија дефинира можен пораст за 1991 година, збирно за 1991 а тоа значи во некоја динамика најмногу до 25% во однос на минатата година. Јас молам пратениците и претседателството овие укажувања на Владата да ги имаат во предвид. И сосем на крајот Владата не очекуваше дека предлогот ќе наиде на ваков снажен отпор, напротив бидејќи тој предлог немаше за задача некого да дискриминира во смисла стопанство-нестопанство и слично, затоа што во секоја мерка што Владата ја предлагала или ќе ја предлага, некои субјекти ќе бидат помалку или повеќе засегнати. Значи ли тоа дека низ секој проект ние ова прашање ќе го дискутираме. Не можеме да прифатиме солуции оценки и слично дека Владата со ова прави раздор. Напротив во секоја мерка на Владата се избилансирани вкупните интереси на Републиката, не на одделните нејзини субјекти.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам со ова да го завршиме претресот по Амандманот и сега да гласаме за Амандманот.

Ви обрнувам внимание дека Комисијата за здравство го прифати овој Амандман што беше денес изложен.

СТОЈАН АНДОВ: (продолжение)

Ви обрнувам внимание дека  Комисијата за здравство го прифати овој амандман што беше денес изложен од страна  на господин Ханџиски. Според тоа, само овој амандман е сега на дневен ред  и на изјаснување.

Молам, кој е за амандманот да крене рака? (60 пратеници се за амандманот од вкупно присутни 103 пратеници.

Кој е против амандманот? (31 се против).

Дали некој се воздржува од гласањето? (5 воздржани).

Има некои кои не гласале. Меѓутоа од присутните мнозинството се "за" амандманот. Најмалку треба да гласаат 52 пратеника, а гласаа 60 "за".

Според тоа амандманот е уствоен.

Минуваме на изјаснување по текстот, бидејќи другиот текст не е спорен.

САНДЕ ДАВЧЕВ

Почитувани пратеници, јас имам само едно прашање до Владата бидејќи во член 3, мислам дека има недојаснето. Дали значи дека по член 3 ќе дојде до прелевање на средствата од општина во општина, или пак подразбира дека тоа е интерна банка и враќање на средствата од општина во општина.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Јас намерно несакав да дискутирам по амандманот 5, затоа што мислам дека можеби бадијала да биде дискусијата доколку нема средства, барем ние директорите знаеме дека иако правата ни се загарантирани но дали ќе можеме да ги оствариме тие права. Меѓутоа сакам да кажам нешто во смисла на членот 2. Предлагам 2 амандмани што јас исто така ги предложив на Комисијата, меѓутоа не се прифатени.

Првиот амандман на членот 2 е дека порастот на средствата за здравствена заштита во 1991 година да биде во висина на порастот на оние средства, да биде во висина на порастот на општествениот производ и цените на мало. Тоа е едно.

Второ, како подстав на овој член за сите правни лица да се применуваат исти стапки, односно нема намалување на поедини гранки, конкретно текстилната индустрија, земјоделство и водостопанство. Ќе дадам кратко образложение.

Прво, сметам дека со првиот амандман ова го предлагам заради високото учество на материјалните трошоци во здравството, така што се смета конкретно во текот на ова прво тромесечие иако беше изнесено на Комисијата дека недостигот на средства во здравствената заштита ќе биде некаде околу 120 милиони. Според она што јас сум информиран тоа ќе биде некаде околу 300 милиони. Вториот став од овој член

го предлагам поради намалување на зафаќањата се намалуваат изворните приходи за оваа дејност во овие стопански субјекти.

Во досегашниот систем на финансирање на здравствената заштита практично главниот извор беше стопанството. Меѓутоа и сега практично со овој модел на здравствена заштита и понатаму 75%, досега беше 75%, се остваруваа од стопанските субјекти. Со тоа што стопанските субјекти земаат средства во форма на бонови и во форма на други надоместоци, се намалија средствата не само оние средства што ги покриваат од другите субјекти, туку истовремено се намалија средствата за покривање на сопствените потреби. Свесни сме за состојбата дека навистина постои голема разгранета мрежа и една нерационална искористеност на кадарот непропорционален развој на здравствената заштита во сите региони, меѓутоа јас тврдам дека и половината во моментов да се отпуштат вработените од здравство, нема да бидат достатачни средства за покривање на дејноста. Се поставува прашањето, дали вака поставено здравството ќе може да ја врши својата функција кога е прекинат главниот извор на финансирање на оваа дејност. Правата од здравствена заштита и понатаму ги остваруваат граѓаните, остваруваат боледување, земаат лекарства, се троши разен санитетски материјал, а средства за покривање не се обезбедуваат. Поаѓајќи од она начело дали здравјето на луѓето и понатаму ќе остане една од најзначајните функции што е одлика на современиот свет и во високо цивилизираните општества заради обезбедување на здравствена и социјална сигурност и дали здравјето ќе го сватиме како интегрален дел на стопанството чии резултати непосредно ќе влијаат врз производството и продуктивноста. Се поставува прашањето дали оваа дејност ќе ја фрлиме на маргините, или ќе водиме сметка и за неа. Одговорот сигурно би бил, да. Затоа сметам дека овие амандмани, не го користам психолошкиот момент после прифаќање на членот 5 меѓутоа мислам дека овие амандмани треба да се прифатат за овој преоден период додека не се донесат сите други механизми за обезбедување на средства за здравствена заштита.

СТОЈАН АНДОВ:

Морам нешто да објаснам. Внимателно го ислушав пратеникот Андоновски и на Собранието сакам да го укажам следното. Амандман може да влезе во постапка, во процедура, на расправа и изјаснување и гласање по него мора да биде даден во писмена форма. Овој амандман не е даден во писмена форма, единствено ако е оценет од Собранието дека е толку значаен, да дадеме повторно пауза и да му дадеме можност да го даде во писмена форма, па да го гледаме. Бидејќи овој амандман е даван досега во работните тела, таму не е прифатен, а во меѓувреме господинот Андоновски имал можност и време да ги даде во писмена форма на Собранието, мислам дека таква потврда сега нема. Затоа предлагам да се држиме до Деловникот и да не расправаме за амандманите што тој ги изложи.

Дали се согласувате?( се согласуваат)

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Предлогот на закон и потенцира на неколку членови конкретно за кои што за нивното остварување би требало да се земе во предвид пред се за член 3 за состојбата на салдата на 31 март бидејќи тие се изменети за овие 18 дена. Понатаму прашањето за децидно утврдените критериуми за распределба на средствата кои што ќе се слеваат во Републичкиот буџет а потоа понатаму ќе се пренесуваат на ресорните министерства. Исто така, мораат да се утврдат и децидни критериуми како за личните доходи, така и за материјалните трошоци за да не се пренесат онакви какви што се сега. Сега од општина во општина, од училиште во училиште има различни лични доходи кои што се исплакаат,а едните се до крај на правото, едните не го достигнале тоа ниво па заради тоа мора да има јасно изградени критериуми, дали тоа ќе биде конкретно по условно неквалификуван, или тоа ќе биде сосема некој друг критериум, но не смее да се дозволи физичко прифаќање на масата на личните доходи во општата и заедничката потрошувачка. Бидејки сега средствата се сливаат во Републичкиот буџет и ќе се финансираат од едно место заради тоа мора да има одредени критериуми кои што ќе важат за сите корисници на општата и заедничката потрошувачка кои што директно ќе

се финансираат од Републичкиот буџет. Комисијата на тоа инсистираше, тоа го има и во извештајот. Јас сум должна и тоа да го изнесам денес.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Овде се поставени неколку прашања и дадени се некој укажувања Го молам претставникот на Владата господинот Тошевски министер за финансии да даде одговор.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ

Почитувани пратеници, на прашањата поставени во дополнителниот дел на расправата ги даваме следните одговори.

Првото прашање, дали со овој механизам се врши прелевање од општина во општина. Мислам дека одговорот на ова прашање е содржан во членот 3 и 4. Одговорот е дека се врши и целата суштина на законот е, да се врши. Тоа вршење и тоа прелевање практично сега се доведува во врска со прашањето што го постави пратеникот Славјанка Стојанова, дали и врз какви критериуми ќе се врши распоредот на средствата што ќе се обезбедуваат на збирните сметки. Во однос на ова прашање на страна 4 од образложението, односно прилогот на образложението билансот на можниот обем на изворните приходи за задоволување на општите и општествени и заеднички потреби во СРМ за 1991 година дадени се, оценките за можниот прилив, пораст на средствата во 1991 година во однос на 1990 година според постојниот инструментариум што важеше за четвртото тромесечие од 1990 година врз основа на кој и е направена структурата по која ќе се утврдат номиналните износи на средствата во финансискиот план за времено финансирање на општи и општествени потреби за првото полугодие односно за периодот од април до јуни.

Во однос на личните доходи ќе се применува единствен критериум што се применува досега и за работниците од државната управа, а и во други статистички и други потреби на утврдување на просечните лични доходи, а тоа е условно неквалификуваниот работник. До ниво на масата за одделни дејности се применува тој критериум. По утврдувањето на масата за одделните дејности си се применуваат актите на конкретните субјекти, а органите утврдени во членот 4 заедно со постојните стручни служби на СИЗ-овите ќе ги вршат сите натамошни активности во врска со дистрибуцијата и употребата, наменската, насочување и слично на средствата.

Во однос на материјалните и други расходи во финансискиот план врз основа на остварувањето претпоставено на билансот што го цитирав, секое министерство, односно секој надлежен орган од членот 4 ќе врши соодветно дистрибуирање.

Во однос на трите амандмани мислам дека нема потреба да се одговара со оглед на интервенцијата на претседателот на Собранието, а на заедничката седница јас дадов коментар за амандманите.

Во врска со прашањето какво влијание ќе има одредбата дека се зема состојбата за пренос на средствата на 31.III.1991 година со оглед дека законот ќе има повратно дејство од 1 април , дополнителна задача на СОК е тие пресметки да ги изведе заедно со надлежните институции, СИЗ-овите и министерствата за финансии. Мислам дека ги опфатив сите прашања.

Јас ја користам приликата да укажам повторно на членот 3. Со прифаќањето на амандманот на член 5 кој фактички во содржина во кој се прифати не произведува никакво дејство во однос на рационализацијата и заштедите. Се доведува во прашање како што истакна и во одговорот и суштината од решенијата што ги очекувавме со членот 3. Во ваква ситуација општото ниво на приходите што можеме да го очекуваме за ова тромесечие ќе биде пониско за преку 450 милиони од можниот што ќе биде остварен. Тоа ќе има силно влијание и врз општото ниво на задоволување и натака и без тоа и со тоа заедно недоволните средства за општествените дејности. Јас повторно упатувам ова да се има во предви.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали имате други прашања, сугестии и укажувања? (нема) Предлагам да го заклучиме претресот по текстот на Предлогот на законот.

Го ставам на гласање текстот на Предлогот на законот и укажувам дека за донесување на овој закон потребно е за него да гласаат мнозинството од присутните пратеници.

Молам, кој е за, нека крене рака (78 гласа).

Дали има некој против? (2 гласа)

Дали има воздржани? (14 гласа)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и СИЗ-овите од општествените дејности за потрошувачката за првото тромесечје од 1991 година.

СТОЈАН АНДОВ:

Минуваме на точка 7.

- Предлог за донесување на Закон за дополнување на законот за системот на финансирањето на општинтие и Републиката со предлог на Закон.

Предлогот за донесување на Закон со предлог на Закон, ви е доставен, а извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, ЗПК и на пратеничката група за општествен надзор и претставки, ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по прелодот за донесување на закон. Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за дополнување на законот за системот на финансирањето на општините и републиките.

Кој е за, молам да крене рака? (86).

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (5)

Констатирам дека Законот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлгот на Закон.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците криваат рака)

Има ли некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање (2)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претреси и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на Закон.

Молам кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Закон.

Ве известувам дека пратеничката група за општествен надзор и преставки поднесе амандман на член 73-а став 2.

Отворам претрес по амандманот на пратеничката група за општествен надзор и претставки поднесен на член 73-а, став 2 кој гласи: "Во текот на привременото финансирање можат да се користат средства најмногу во висина на извршените расходи во последните (шест месеци од 1990 година, а во рамките на сегашната надлежност на општината.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по поднесениот амандман.

Има збор господинот Методија Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Во врска со овој амандман, со претседателот на пратеничката група за општествен надзор и претставки на завчерашната седница се договоривме дека содржината на овој амандман до делот 1990 година е содржано во член 73-а.

Вториот дел на овој амандман, во рамките на сегашната надлежност на општините подразбира и произлегува од самите прописи и се согласивме дека нема потреба од давање на овој амандман.

Јас не знам дали пратеникот Горѓевски е тука и дали може тоа да го потврди.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали претседателот на пратеничката група е тука?(Не е) Дали некој од членовите на пратеничкат група може нешто да ни каже?

Молам, немаме причина да не го сметаме за веродостојно. Ако имало било каков спор по ова прашање претседателот на оваа група ќе бил присутен овде и ќе каже.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Јас сметам дека поради околоностите треба да сметаме дека воопшто не е поднесен амандман, во таа смисла бидејќи оваа комисија не е оформена како работно тело.

Второ нема овластување да работи како пратеничка група. За тоа повеќе пати сум му скренал внимание на потпретседателот Драган Арсов самоиницијативно што работеле, јас сметам дека не треба да се смета ниту како поднесен амандман, бидејки за тоа немаат овластување.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам тоа е додатен аргумент да не го ставаме амандманот на расправа. Сепак е многу значајно тоа што го кажа министерот за финансии затоа што е постигната претходна согласност односно тука нема ни материјален спор, а не само формален.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Дали некој друг бара збор?

ТУШЕ ГОШЕВ:

Сакам да кажам само едно прашање во врска со член 73-а став 2 каде се утврдува дека во текот на привременото финансирање може да се користат средства најмногу во висина на извршените расходи во последните шест месеци од 1990 година.

Респектирајќи го и Сојузниот закон донесен од страна на сојузниот собор на 20 март 1991 година со кој се дефинира општествено политичките заендици и СИЗ-овите односно на општествените дејности во републиката односно во автономните покраини може да располагаат со дел од општествени средства, за јавна потрошувачка во 1991 година, најмногу до износот на остварените изворни приходи во 1990 година, намален за придонесот во Буџетот на Федерацијата па помножен со следните индекси: за Република Македонија 124,24.

Подоцна во член 4 став 2 кажува, општествено политичките заедници ќе ги пропишаат стапките на даноците и другите давачки и придонеси со кои не може да се остварат поголеми приходи од приходите утврдени во член 2 на овој Закон како и динамиката на остварување на приходите, задолжително усогласување на стапките со динамиката на остварување на приходите и враќање на евентуалните вишоци на приходи на стопанството. И во завршната определба одредбата на член 2 одо овој Закон се применува од 1 јануари 1991 година.

Вака дефинирана во член 73-а барам од министеот за финансии да кеже дали се вклопува во овој член со овој Сојузен Закон, дали ќе го почитуваме или ќе регулираме материја по нашиот закон.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Во врска со поставеното прашање јас и во второто јавување спомнав дека во одредена ситуација ние би морале да го применуваме Сојузниот закон кој ја определува висината на средствата за општа и заедничка потрошувачка на начин како што пратеникот овде го цитираше Сојузниот закон.

Ве известувам дека во билансот на овој закон почитувано е тоа правило што произлвгува од Сојузниот закон.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има уште прашања? (Нема)

Го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(Нема) Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе законот на финансирањето на општините и Републиката.

Минуваме на точка 8.

Предлог за донесување Закон за изменување на Законот за вработување, со предлог на Закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон Вие доставен, а извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и на Законодавно-правната комисија ви се поделени односно доставени

Отворам претрес по предлогот за донесување на Закон. Молам кој бара збор? (Никој) Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за вработување.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој).

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

Дали некој има против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на Закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Закон. Законодавно-правната комисија поднесе амандман на насловот на законот. Бидејќи претставникот на Владата се согласил со поднесениот амандман тој станува составен дел на Законот.

Молам, кој бара збор? (Никој) Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

- Дали има некој против? (Никој)
- Дали некој се воздржува од гласање) (Никој)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за вработување

Минуваме на точка 9.

Предлог за донесување на Закон за изменување на Законот за социјална заштита, со предлог на Закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, ви е доставен, а во извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Законодавно-правната

комисија и на Пратеничката група за општествен надзор и претставки ви се доделени односно доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на Закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Прелдогот за донесување на закон за изменување на Законот за социјална заштита.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

- Дали има некој против (4)

- Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

Дали некој има против (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на Закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 3, 5, 13 и 17. Бидејќи претставникот на Владата се согласил со поднесените амандмани тие стануваат составен дел на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(4)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Според овие резултати од гласањето,констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Зконот за социјална заштита.

СТОЈАН АНДОВ:

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната инспекција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештите од Комисијата за здравство, Законодавно-правната комисија и на Пратеничката група за општествен надзор и претставки Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара.- збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санитарна инспекција.

Кој е за, молам, да крене рака?(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор?
Има збор госпоѓата Ѓулистана Јумеровска.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, бидејќи претставникот на Владата се согласи со Амандманите што беа дадени од Комисијата за здравство чуствувам за потреба при претресувањето на текстот на Законот да кажам дека постои неопходна потреба од што побрзо донесување на нов закон за санитарна инспекција од причина што обемот на работата на оваа служба е доста отежнат во закон кој што е доста рестриктивен односно намален односно во кој што не е вклучена целокупната работа што ова служба ја работи.

Ова го кажувам од причина што други законски прописи кој што не се системски, а врз основа на кои се сведува работата на оваа служба првенствено се сојузни. Тоа се Законот за здравствен надзор, на животни и прехранбени артикли и Законот за заштита од заразни болести. Бидејќи се сојузни веќе подолго време не се разгледувани односно има одредби кои што се застарени, особено казнените одредби така да во ова иницијатива и во новиот текст на Законот кој што побрзо треба да се донесе треба да бидат вградени и овие определби за да може оваа служба непречено да ги обавува своите должности.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова треба да се има предвид кога ќе се претресуваат понатаму другите акти а овој момент не предизвикува непосредни последици по текстот на Законот.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 1, 4, 6, 18 и 19 а Комисијата за здравство поднесе амандмани на членовите 1, 2, 13, 18 и по член 18 се додава нов член 18-а. Бидејќи претставникот на Владата се согласи со поднесените амандмани тие стануваат составен дел на Законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам,кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(9)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарна инспекција.

Минуваме на точката 11

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекција на трудот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештите од Комисијата за труд и социјална полктика и на Закокодавно—правната комисија ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекција на трудот.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и

Предлогот на закон.
Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака) .
Дали има некој против?
Дали некој се воздржува од гласање?
Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.
Отворам општ претрес по Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.
Законодавно-правната комисија поднесе амандмани во насловот на Законот и на членовите 1, 6, 7, 9, 10 и 13. Бидејќи претставникот на Владата се согласи со поднесените амандмани тие стануваат составен дел на Законот.
Молам, кој бара збор? (Никој)
Бидејки никој не бара зоор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.
Молам,кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (1)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекција на трудот.

Минуваме на точката 12
- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната, со Предлог на закон.
Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештите од Комисијата за труд и социјална политика и на Законодавно-правната комисија ви се поделени односно доставени.
Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:
1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за цивилните инвалиди од војната.
Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (2)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Заклучокот е усвоен.
Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.
Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака) .
Дали има некој против? (3)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.
Отворам општ претрес по Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.
Молам,кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Никој)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)
Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменувае и дополнување на Законот за цивилните инвалиди од војната.

Минуваме на точката 13

- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди со Прдедлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештите од Комисијата за труд и социјална политика и на ЗПК Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди.

Кој е за, молам, да крене рака?(Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против?(3)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? *(3)*

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот, на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам,кој е за, да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди.

Минуваме на точката 14

- Предлог за донесување за изменување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештите од Комисијата за труд и социјална политика и на ЗПК ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна.

Кој е за, молам, да крене рака?(Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака ) .

Дали има некој против? (6)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и

Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Дами и господо, мислам дека овој предлог на закон е изведен од уставните амандмани, но морам да образложам некои работи.

Во образложението на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна е побарано учесниците своите права да ги остваруваат преку републичките органи и преку републичкиот буџет. Тука би потсетиле дека голем број привилегии што ги уживаат еден дел од учесниците во НОВ преку доделување на станови, предност при вработување, доаѓање на челни места во работните организации и политичките организации, преку сидрото на морално-политичката подобност општо познато е дека дел од учесниците во НОВ ги уживаат сите видови на бенифиции. Ние денес во дискусиите по други точки погледавме дека поголемиот дел од работниците се на егзистенционален минимум. Во таа смисла би ги потсетил присутните на висината на средствата што се издвојуваат за материјалното обезбедување на учесниците во НОВ  да се изедначат, да се изнајдат механизми, да се намали разликата меѓу боречките пензии. Имено најниските изнесуваат околу 3000 динари додека највисоките изнесуваат до 40.000 динари. Притоа претпоставуваме дека на највисоката скала се наоѓаат оние борци кои имаат учество во власта во повоениот период.  Некои од нив направија неподносливи штети со своите узурпации. Пример од Лазо Колишевски, Страхил Гигов и така натаму.

Со оваа дискусија не сакам да им ја оспорам заслугата на борците кои што се бореа за ослободување и обединување на Македонија и македонскиот народ кој што учествуваше во македонската народноослободителна војска, сега се на работ на егзистенцијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Предлагам ова гледиште на пратеникот Стојков да се упати до Владата и кога ќе ги разгледува проблемите во врска со ова што тој сега го изнесуваше да се имаат предвид како гледиште на еден пратеник.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по тесктот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 7

- Бидејќи претставникот на Вллддта се согласил со поднесениот амандман, тој станува составен дел на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам,кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменувае и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна.

Минуваме на точката 15

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештите од Комисијата  за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам,кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање?(Нема)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена обрска.

Минуваме на точката 16

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општествена заштита на децата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештите од Комисијата за труд и социјална политика и на ЗПК Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општествена заштита на децата.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен Предлогот, на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против?
Дали некој се воздржува од гласање?
Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за општествена заштита на децата.

Минуваме на точката 17
- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одмаралиштата на децата и младината, со Предлог на закон.
Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештите од Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК ви се поделени односно доставени.
Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:
1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одмаралишта за децата и младината.
Кој е за, молам, да крене рака?(Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)
Констатирам дека Заклучокот е усвоен.
Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.
Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)
Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.
Отворам општ претрес по Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.
Молам,кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање?(Нема)
Според овие резултати од гласањето Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за одмаралишта на децата и младината.

СТОЈАН АНДОВ

Минуваме на точката 18
Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловот, со Предлог на закон.
Предлогот за донесување за закон со Предлог на закон Ви е доставен, а извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на ЗПК ви се поделени односно доставени.
Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.
Молам кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:
Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловот.
Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Има ли некој против? (еден пратеник е против)
Има ли воздржани? (Нема).

Констатирам дека Законот за ловот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (еден пратеник е против)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да отвориме претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1. Бидејќи претставникот на Владата се согласил со поднесениот амандман тој станува составен дел на Законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да гласаме по Предлогот на законот.

Кој е за молам нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според овие резултати од галсањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ловот.

Минуваме на точката 19

- Предлог за донесување на закон со Предлог на закон кој ви е доставен а извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на ЗПК Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклуичок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за тутунот.

Кој е за молам нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за молам нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да отвориме претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 1. Бидејќи со поднесениот амандман се согласил претставникот на Владата тој станува составен дел на Законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да гласаме по Предлогот на законот.

Кој е за молам нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (еден пратеник е воздржан).

Според овие резултати од гласањето констатрирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за тутун.

Минуваме на точката 20

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за виното со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлог на закон Ви е доставен, а извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на ЗПК Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за виното.

Кој е за молам нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокто е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за молам нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој). Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Прелдогот на закон.

ЗПК на Собранието на СРМ поднесе аманмдани на челновите 8,9,11 и 12 бидејќи претставникот на Владата се согласил со поднесените амандмани тие стануваат сотавен дел на Законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за виното.

Минуваме на точката 21

- Предлог на закон за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово.

Предлогот на законот Ви е доставен а извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и на ЗПК Ви се поделени односно доставени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово.

Минуваме на точката 22

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

Предлогот на Законот како и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на ЗПК и на Комисијата за градежништво и урбанизам ви се поделени односно доставени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. ЗПК поднесе амандмани на членот 1,3,6,10,11 и за внесување на нов член 11-а и аманмданите на член 15,20 и 54. Бидејќи претставникот на Владата се согласил со поднесените амандмани тие стануваат составен дел на Законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законто. Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

Минуваме на точката 23

- Иницијатива за донесување на Декларација за заштита на детето од политичка манипулација и злоупотреба со Нацрт-текст на Декларацијата.

Иницијативата, мислењето од Владата на СРМ, извештаите на ЗПК, Комисијата за општествено-политички систем, Комисијата за труд и социјална политика и Пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и култруата Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Му давам збор на господин Петковски

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Не постои можност за воспоставување вистински рамки на демократија ниту пак постои можност за доследно почитување на човековите права и слободи во услови кога еден од столбовите на тие принципи не е заштитата и правата на детето. Цивилизациска придобивка која е длабоко вкоренета во човековите пориви за хуманизација и висока општествена одговорност во подигањето и воспитувањето на човековиот пород, на човековата иднина, тоа е секако детето.

Меѓународната заедница во текот на целиот овој век, разни бројни институции и норми со кои се обидува да ја заштити и унапредува положбата на детето во светот, мора на најнемоќниот а истовремено и најдрагоцениот субјект кој не ретко е токму првата жртва на последиците од сиромаштијата и гладдта од економската и социјалната незгриженост и дискриминација и многу, многу често жртва на разни форми на политичка злоупотреба и манипулација и во демократските и во недемократските системи, детето е најподатливиот објект со кого се создава лажна претстава за хуманоста на системот и владарите, со кого се врши најперфидниот притисок за вонинституционално издејствување на одредени идеологии политики и мерки.

Децата, видени во првите редови на митинзите и демонстрациите на возрасните, децата видени како "свесни" баратели на правата на возрасните, замената на нивната ученичка клупа и учењето со полигонот за политичко и националистичко парадирање на возрасни обидите за партиско организирање на малолетници и особено појавите на политизација на спортските активности и слободното време на децата се појави со кои денеска сме соочени и во Македонија. За жал тоа се случува тука на овие наши простори и покрај тоа како земја и како република сме потписници на бројни меѓународни документи и акти, активни учесници на меѓународни солидарни акции за заштита на детето и декларативно секогаш одредени за среќата и здравјето на детето за неговиот целосен раст и подигање.

Токму затоа нашето настојување е македонскиот Парламент децидно да се одредени против унесреќувањето на децата да создаде законски услови кои доследно

ќе се почитуваат и да создаде општествена клима во која нема да има простор идеологиите да го поматуваат чистиот детски ум, политичките партии да ја надополнуваат својата иконографија и сценографија со детската невина чистота, а уште помалку да ги користат децата како сопствени инструменти за постигнување на партиските цели, а државата да има чиста совест и кога не е обезбедена целосна детска заштита и конкретното остварување на слободата и правата на децата.

Затоа, тргнувајќи од потребата за унапредување и развивање на правата на детето и системот на детската заштита во Македонија, Пратеничката група на СКМ ПДП му предлага на Собранието на СРМ да усвои декларација за заштита на децата од политичка манипулација и злоупотреба.

Декларацијата би била чекор напред во однос на збогатувањето на примената на меѓународно-правните инструменти на планот за заштитата на човековите права и правата на децата, чиј потписник е и нашата земја, а особено за примена на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето што минатата година ја ратификуваше Собранието на СФРЈ.

Декларацијата би создала поширока основа и за унапредување на позитвината законска регулатива во СРМ за примена и заштита на човековите права и слободи чиј неделив елемент се правата на детето

Декларацијата би претставувала и поширока политичка рамка врз која Собранието на СРМ ќе ја гради политиката за заштита на детето во тековните политички и социјално-економски односи во Македонија.

Во расправите на комсиите а и мислењето на Владата се изенсени интересни сугестии. Тие се прифатливи и треба да се вградат во конечниот текст на Декларацијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?
Има збор господин Џеладин Мурати.

ЏЕЛАДИМ МУРАТИ;

Пред нас имаме една мошне значајна проблематика, детето кое претставува наша иднина.

Ја поздравувам иницијативата на Партијата, носител на оваа активност за донесување на една ваква Декларација, со што сакам да придонесам кон поконзистентна, подецидна и поперспективна декларација. Имам некои забелешки за нејзино усовршување и дополнување.

Во точката 9 велиме дека секое дете има право на образование. Јас би додал на воспитание и образование. Тоа се два неразделни процеси. Како следи натаму текстот "... воспитание и образование според еднакви можности". Понатаму како иде "и таа е насочена", значи образованието и воспитанието се насочени, а после точката да се бришат зборовите - образованието треба да биде насочено кон целосен развој на личноста и воспитување во духот на свесното достоинство и на почитување на правата на човекот и основните слободи. Понатаму продолжува - Воспитување на неговиот нациоанлен и културен идентитет, се брише ова "развој на почитување на родителите на детето". Нема развој на почитување на родителите на детето. "Воспитување на негов национален и културен идентитет, националните вредности", се изоставa зборот "Македонија" и "широка отвореност кон другите европски и светски национални вредности и култури“.

Понатаму, под тире "подготвување на детето за одговорен живот во демократско општество", го изоставам зборот "слободно" па потоа "во духот на ", па додавам "меѓусебно и меѓународно разбирање, мир, толеранција и продолжува текстот понатаму како што е.

Во новиот ред, исто така на страница 3 "Државните органи" предлагам да биде точка 10 пред неа и да стои "Државните органи ги обезбедуваат- сите потребни законски мерки и активности со кои детето во образованието се заштитува од политичка и идеолошка манипуалција". Тука предлагам да се стави точка, а останатиот текст да се брише, од причини што децата не можат да воспоставаат паралелен образовен систем. Паралелен образовен систем може да создава само власта,

државата. Ако го подразбираме зборот паралелен восптино-образовен систем, што честопати се употребува во оваа сала, сакам една мала дигресија да направам, тоа значи, мислам зборот погрешно се упторебува, ако било кој бара покрај Министерството за образование на Република Македонија да има министерство за образование посебно на албанците, посебно на турците, и друго. Паралелен воспитно-образовен систем значи ако албанците, турците и други учат по посебна наставна програма. Паралелно значи ако за македонци има други воспитни цели и задачи, за албанци други, за турци итн. Паралелен воспитно-образовен систем значи ако во еден град иаме три гимназии, на пример во кои во едната ќе учат македонци, во другата албанци, во третата други итн. И тоа, според други програм.

Со оглед на тоа што сме република во која заеднички живееме сметам дека е ирелевантно да се зборува за паралелен воспитно-образовен систем од причини што сите учиме од исти воспитно-образовни програми, според исти цели и задачи, се учи во иста зграда на македонци, албански и турски во посебни училници. Според тоа сметам дека е ирелевантно да се зборува за тоа, а најмалку децата можат да создадат такви можности ако не создаваат возрасните, односно органите на власта и да ги делиме.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Понатаму се забранува политичкото организирање на децата во образованието и политизацијата на нивните хуманитарни, културни, воспитни спортски активности. Предлагам на страна 4 првиот пасус, политичкото и партиското организирање на децата е спротивно на хуманистичките и меѓународните правни принципи на заштита на правото на детето, да се префрли како втора алинеја на оваа точка, додека точката 10 на крај државните органи во Македонија се грижат за доследно почитување на Законот за политичкото организирање, предлагам да се брише, бидејќи по законите и така се должни и не би требало во една ваква декларација да се споменува дека некој треба да им спомнува нечини или чини.

На страница 4, вториот пасус, "се забранува секаков вид политичка присила", предлагам да остане.

На точката 11: "ниту едно дете неможе да биде лишено од слобода незаконито или самоволно". Јас тоа го прифаќам целосно и предлагам да се брише "апсење, притвор или затвор на дете", мора да биде во согласност со законот и да се користи како последна можна мерка.

Законот, јас не сум правник, меѓутоа знам дека малолетните деца се делат на две групи, кривично неодговорни и кривично одговорни. Кривично неодговорните се до 14 годишна возраст и за нив неможе да се изрече мерка затвор, туку има други социјални, заштитни и педагошки средства кои за евентуалното сторено кривично дело или други се префрлува и се пренесува, се изречуваат воспитни мерки и т.н. Додека за кривично одговорните од 14-та до 17 годишна возраст се изречуваат и воспитни и казнени мерки, упатување во малолетнички затвор и воспитно-поправни домови, што не сакам да ги образложувам овде. Сметам дека тоа е сувишно да биде во Декларацијава, бидејќи со закон тие се определени.

На оваа точка 11 предлагам секој таков чин, значи на затворање, на апсење, притвор или затвор, секој таков чин мора да биде социолошки и психопедагошки образложен од стручните тимови на Центарот за социјална работа, бидејќч само тие се одговорни и надлежни да издаваат мислење за каква воспитна мерка се работи на децата, за овие две категории, кривично одговорни и кривично неодговорни. Со останатиот текст се сложувам да остане таков. Ако успеав нешто да придонесам во усовршувањето, благодарам за вниманието.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Мурати, прво, ја поддржа иницијативата за донесување на декларацијата. Потоа зборуваше за текстот. Ние до текстот ќе дојдеме и кога ќе дискутираме за текстот, тогаш ќе ни важи тоа што ги дал примерите се за тогаш. Затоа сега да се изјасниме околу иницијативата дали уште некој друг бара збор.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Веднаш на почетокот, да не должам многу јас само "би кажал дека иницијативата ја прифаќам како иницијатива. Но, не ми е јасно да не е нешто задоцнето иницијатива од Сојузот на комунистите. Ова го имало во можност да го дадат уште во 1959 година кога е донесена како декларација во Обединетите Нации. Ке напомнам само една реченица, кој ги злоупотребуваше децата за овие политички цели. Никој друг, дали политизирани или деполитизирани борци. Се сеќавам некаде во септември околу 18 или 20 беше во Неготино, па Валандово, па Гевгелија и истите деца беа поведувани од тие комунисти. На пример извикуваа "долу ВМРО", "ВМРО е бугарска партија", "ВМРО се фашисти", "ВМРО се бугаромани". Само уште еднаш ќе речам дека пред некој ден ги слушав борците во Скопје и велеа дека за злоупотребата на овие партии дека шират национализам значи кој го ширел овој национализам. Извикувањето дека тие се бугаромани или ние ВМРО дека сме национална партија на Македонија. Значи, иницијативата како иницијатива е добра, но кој ја водел во септември и октомври, не ми е јасно.

Не би должел ништо, само би рекол дека не се долични овие иницијативи да ја даде Сојузот на комунистите, што чекаа до сега од 1959 година?

СТОЈАН АНДОВ:

Колку што разбрав господин Јованов ја прифаќа и ја поддржува иницијативата, а има некое свое политичко мислење за партијата на која односно на чија листа се избрани пратениците што ја предлагаат. Според тоа, предлага иницијативата да се донесе.

За збор се јави Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Лично сметам дека Декларацијата би требало да носи текст, назив "Декларација за правата и слободата на децата", со оглед на тоа што се обработува само еден елемент политичка манипулација и злоупотреба, а другите права и слободи на децата се запоставени.

Во мислењето на Владата на Македонија тоа е доста фино кажано, дадени се следните укажувања дека во текстот на Декларацијата е потребно да се внесе и дел кој се однесува за заштита на децата од економско злоупотребување и искористување од страна на нивните родители или други лица, кое што се состои во наведување на вршење на кривични дела, проституција, просење и други инкриминирани и асоцијални појави. Користење за снимање на поргонгафски филмови и слично. Ние имавме до пред извесно време една таква злоупотреба сексуално искористување на малолетни деца во Кавадарци и тоа во дневниот печат го пишуваше. Воопшто мислам не е извршена некаква заштита на децата, па токму и заради тоа сакав да се донесе и го предложив во процедура Законот за легализација на проституција и отворање на јавни куќи каде што ќе може на сосема легален и правилен начин да се извршуваат тие потреби, а не на начин како што е злоупотреба на децата во сексуалното задоволување или на родителите, а и на лица кои не се нивни родители. Токму поради тоа бидејќи беа поднесени повеќе предлози кои што ги немаме во форма на конкретни членски амандмани, и неможеме да расправаме согласно член 334 од Деловникот на Собранието, предлагам во интерес на времето текстот на декларацијата кои поопширно би ги опфатил сите права и слободи на децата да носи назив "Декларација за правата и слободата на децата", расправата да ја одложиме и да се врати во работните тела за оформување на еден пречистен текст во кој што исто така во форма на амандмани ќе бидат предложени предлози и сугестии од страна на сите пратеници.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа иницијативата за донесување на декларацијата и господин Петров ја поддржа. Сите други прашања што ги зафати не се однесуваат на иницијативата, туку на текстот, содржината и т.н. за што ќе дискутираме после кога ќе дојде на ред.

Значи, тој ини-цијативата ја поддржа.

За збор се јави Авди Муртезани.

АВДИ МУРТЕЗАНИ:

Дами и господа, другарки и другари, моето излагање ќе биде спротивно на излагањето на другарите или господата што излегоа до сега. По однос на декларацијата што се предлага од страна на Партијата на СК.

Точно е тоа дека до меѓународните конвенции е регулирано и се заштитени правата на децата од разните злоупотреби. Југославија е потписник на една декларација, односно и на другите декларации и правата на децата се заштитени со разните позитивни закони наши што ги имаме досега.

Поставувам прашање дали овој Парламент секоја седница ќе донесува разни декларации кои нема да бидат задолжителни за нас, нема да се санира одредено право или обврска или пак да ги доградиме мислам да го доградиме правниот систем со прецизирање и доградување на овие идеи во постојните односно во законите кои треба ова Собрание да ги донесе.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господин Сотиле Стојков,

СТОИЛЕ СТОЈКОВ

Дами и господа, поддржувајќи ја иницијативата на групата пратеници од Сојузот на комунистите на Македонија - Партија за демократска преобразба за донесување на декларацијата за заштита на детето од политичка манипулација и злоупотреба, неможам а да не си признам дека сум малку љубоморен на оваа нивна идеа. Ова го употребувам, заради тоа што сум роден во 1948 година,а неможам да си простам што не била досега усвоена и применета. Имено, Женевската декларација за правата на детето е од 1924 година и т.н. Декларацијата за правата на детето донесена од Обединетите нации е од 1959 година. Но, сеуште се сеќавам дека полагав заклетва со Чесен Титов пионерски збор, а пред некој ден гледам на телевизија децата носат сеуште црвени прионерски марами при дочек на некојанаши раководители и сега што се раководители. При посетата на починатиот и сакан Тито, ние тогашните деца викавме на цел глас "Тито - Партија" , "Тито-Лазо" итн. и убави феснички си пееме, еве една од нив: "Во моите вени тече топла титовска крв". Така кога ќе ни потечеше крв од прстето, се расправавме дали е крвта црвена или е титовска. А навистина беше топла. Морам да признам дека не бевме политички манипулирани и злоупотребени. Навистина ја сакавме нашата СКЈ и саканиот голем водач. Добивајќи го материјалот за посочената иницијатива на Сојузот на комунистите на Македонија - ПДП, нешто сепак не ми беше јасно. Гледам во печатот на истата таа партија стои печатот СКЈ, можете да се уверите и самите ако погледнете. Така, решив да земам читанки од прво до четврто одделение, да ѕирнам дали во нив има нешто за Женевската декларација, за заштита на детето, за Декларацијата на Обединетите нации, за правата на детето од 1959 година и т.н. Сретнав интересни работи, на страница 3 на секоја читанка стои слика на Тито, а под неа убава песничка: „На нашите усни името твое стои низ очите наши гледаат очите твои" Да не должам понатаму, во читанката за трето одделение, издание Просветно дело од Скопје 1990 година, на страница 53 под наслов "изедениот весник, но додека затворениците комунисти го читаа весникот,ги забележа еден криминалец-предавник".

После изборите во едно основно училиште едно дете има добиено шлаканица од директорот, затоа што ја одлепило големиот постер на господинот Гошев кој бил залепен во училишните простории. Во тоа исто училиште, наставничката по физичко воспитување ги терала децата, учениците да го играат српското оро, ова беше пред некој ден цитирам „играле се делије на сред земље србије". Се надевам во иднина вакви примери повеќе не ќе има, а во учебниците и лектирите идеолошките обележја и предзнаци, почнувајќи со новата учебна година ќе бидат отстранети.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Ја поддржувам иницијативата за донесување декларација за правото на детето, но сепак поддршката на потпретседателот на Собранието Џеладин Мурати ја сваќам како едно обично лицемерие од страна на Партијата ПДП од проста причина што во нивните редови знаеме сите многу добро, дури и 10-годишни деца членуваат. Затоа, ако ја прифатат и гласаат за оваа иницијатива барам во иднина да ја почитуваат. Сите деца под 18 години да не членуваат повеќе во ПДП.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Се извинувам што вака излегувам во однос на декларацијата, туку на погрдните зборови на пратеникот Панов. Воопшто не е точно дека има 10 годишни деца, членови на ПДП. Ако има еден таков пример, нека се послужи со аргументи, а не само со инсинуации. Тоа е едно.

Второ, знаеме многу добро како се злоупотребени децата кога се бараше укинување на Партијата за демократски просперитет во основните школи и тоа во Титов Велес, во Радовиш, во Делчево и низа други градови. Тоа е манипулација другар Панов.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ

Барам збор.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас овде давам збор, инаку ќе ја прекинам седницата. Другарот Панов еднаш нека се научи еднаш овде како се работи, после ќе ве викнам другар Панов. Овде мораме да работиме како што се работи, инаку нема смисла.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Јас само накратко за ова што господинот Панов рече предлагам да се формира една парламентарна група и да утврдиме кои деца од 10-годишна возраст членуваат во Партијата за демократски просперитет.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има други реплики? (нема)

МИХАЈЛО ПАНОВСКИ:

(Покажува членска книшка).

Ова е членска книшка за членови што членуваат во ПДП. Детево е родено 1980 година, а датумот не ни толку битен кога е. Оваа книшка е со печат регуларен и со се. Господинот бараше доказ, еве доказ. (Му ја покажува книшката на претседателот на Парламентот)

СТОЈАН АНДОВ:

Ќе му кажете на оној што ве праша

МИХАЈЛО ПАНОВСКИ:

Бараа доказ, а јас приложувам доказ.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Џеладин Мурати.

Другари, имаме една племенита иницијатива на дневен ред, а ние даваме сосема друг тек на расправата.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Јас почитувани пратеници и пратенички немав никакво лицемерство спрема Декларацијата што ја нуди Партијата за демократска преобразба - Сојуз на комунисти. Да се прифати оваа иницијатива и бев добронамерен да придонесувам за содржината за да може таа навистина да биде искрена, добра и содржајна кога ќе ја прифатат сите без никакви претензии дека сум од ПДП. Меѓутоа, ако може да има такви книшки, јас не го негирам случајот, меѓутоа, со Статутот на Партијата, бидејќи сме членови таму воопшто е забрането членувањето на малолетни деца во Партијата. Ако такви книшки може би некој ги нашол и да става печат, тоа е друга работа. Ми се чини јас се слагам со одговорот што го даде пратеникот од ПДП дека не станува збор за политичка манипулација на децата. Потполно се сложувам со тоа кој ги манипулираше децата, иако имаше и од таа и од таа страна и објективно тие постоеа. Меѓутоа сакаме да ги елиминираме таквите односи. Го молам господинот Пановски да не не прозива секогаш претседателот на Собранието. Џеладин Мурати, ако нешто има нека повели има каде да ги расчистиме тие односи.

БРАНКО АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ве известувам дека Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на СРМ на седницата одржана на 11 април 1991 година ја разгледа Иницијативата за донесување на Декларацијата за заштита на детето од политичка манипулација и злоупотреба со Нацрт-текстот на декларацијат и во основа имаше 2 причини.

Прво, констатира дека детето, па и помладите односно постарите малолетни лица со повеќе законски прописи се заштитени од повеќе злоупотреби од повеќе субјекти. Во тој однос со посебни одредби од семејното законодавство е заштитена личноста на малолетното дете односно лице, а пред се, со Законот за брак, Законот за старателство, Законот за односите помеѓу родителите и децата, Законот за посвојување и други позитивни законски прописи.

Исто така, и со кривичниот закон на СРМ и СФРЈ е заштитено детето од разни злоупотреби. Меѓутоа, и покрај напред наведените и другите позитивни законски прописи кои го заштитуваат детето и не само детето, туку и младите до 18 годишна возраст, Комисијата одлучи да ја прифати Декларацијата имајќи ја предвид Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, а посебно за можностите околу политичка манипулација од одредени субјекти во нашата средина.

ФАИК АБДИ:

Дами и господа,

Мислам дека треба да се поздрави, како што ја поздравивме оваа иницијатива, без разлика од која партија доаѓаме. Тоа е многу убава работа. Меѓутоа, големи грешки правиме со препуцавање кој правел што правел и како правел. Сите тука сме родители. Сигурно и дома ја пренесуваме дискусијата не сегашната, но даречам пред изборите, за време на изборите и нашите внучиња знаат еве и моите внучиња знаат. Морам да признам во маалото каде што поминувам малите деца викаат Фаик, Фаик, Фаик, што да им правам сега. Дали е тоа манипулација? Чесен збор, најискрено. Тоа е сосемас нешто друго, ве молам. Да се потрудиме да не биде она наставниците што ги доведуваат децата на плоштад и бараа ова или она или вие се сеќавате, јас го поддржам предлогот за Љупчо Георгиевски, за потпретседател на претседателот на Републиката. Првиот пат кога не го избравме што се случуваше на плоштадот. Мислам дека и тоа треба да го кажеме без да имам нешто против, да се разбереме. И тука беа собрани маса луѓе и дечиња и деца собираа потписи, ете се случува.

Добро е да ја донесеме оваа Декларација вака колку можеме сами да влијаеме на децата да им кажеме на нставниците дека не смее да се манипулира ги прифаќам и тие песници, но ајде нека оди тоа време во заборав, иам заслужни борци, има херои, па да се тргнат тие работи од училиштата. Ние учиме сега нова историја и морам да

признам пред овој Парламент дека не ја знаев историјата на Македонија, ја научив во Австралија. И таму бев против луѓето дека не е така, кога се вратив овде и во "Млад борец" прочитав се што пишува, сум учел погрешна историја. Значи, ете имало доста погрешни работи. Треба нашето Министерство за образование и другите институции, Владата нека се ангажира нашите деца да учат, ако неможевме ние да ја научат онаа права историја на оваа наша Македонија и немојте двете партии секогаш вака во судир и да го поштедиме господинот претседател колку време само зборува, па јас вака му покажав на господинот потпретседател тајм аут за претседателот.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Го читам текстот Иницијатива за донесување на декларација за заштита на детето од политичка манипулација и се прашувам од која политичка манипулација и злоупотреба на нацрт-текстот на Декларациајта. Од која Декларација?

ЈОРДАН БОШКОВ:

Сакам Иницијативата за Партијата СКМ-ПДП да ја поддржам и воедно сакам да се оградам од ситниот партиски маркетинг што, за жал, еве ни се случува повторно од различни средини. Имено, воедно давам моја оценка тоа е се можно во услови на затајување на масовните информации во нашиот простор. Вакви нешта од политички маркетинг мислам такви прашања потребно е да се разграничуваат и на други места.

СТОЈАН АНДОВ:

Со особено задоволство овој став го поддржувам, треба да го ослободиме Парламентот од политичкиот маркетинг, овде сме одговорни пред нашите избирачи, а индиректно пред партиите. Не сме претставници на партиите туку на оние што не изгласале.

Затоа, да одиме на Иницијативата, да видиме дали уште некој бара збор?

Видете, најголем од учесниците во расправата ја поддржаа Иницијативата.

Предлагам да се изјасниме со кревање рака.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржа од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја усвои Иницијативата за донесување на оваа Декларација.

Ве известувам дека ЗПК, Комисијата за труд и социјална политика и Пратеничката група за прашања од областа на образованието, наука и култура предлагаат текстот на нацртот на декларацијата да се разгледува како Предлог-декларација.

Комисијата за општествено-политички систем предлага да се разгледува Текстот на нацртот на декларацијата.

Кој е за предлогот на денешната седница текстот на Нацртот на декларацијата да се разгледува како предлог на декларацијата, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на денешната седница по Нацртот на декларацијата да се разгледува како Предлог декларација.

Отворам претрес по предлогот на декларацијата заедно со предлозите на работните тела за изменување и дополнување на текстот.

При тоа укажувам дека еден дел од учесниците во расправата по Предлогот за донесување на Иницијативата веќе се произнесоа што се однесува и до Текстот на Декларацијата.

Дали некој бара збор? (никој)

Само нешто да појаснам. Ако одиме по Деловникот и ако аналогно го примениме овде потребни се само напишани амандмани во писмена форма ништо друго не можеме даземеме предвид и да отвориме постапка ни претрес, ни изјаснување по неа, затоа заради појаснување може потпретседателот да земе збор.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Пред се би сакал да кажам дека дискусијата покажа колку ни е неопходна една таква Декларација денеска. Инаку, дека детето го злоупотребувале познато е и Хитлер го злоупотребувал и Тито и последниот настан на 9 март со девојчето во рацете на Вук Драшковиќ. Спроед тоа, никого не исклучува Декларацијата ниту на некого симнува хипотека ако ја носиме ниту му дава некаква предност денеска ниту почетна позиција во овој политички повеќепартиски амбиент во кој сакаме да живееме. Тоа е богатството и предноста на политичкиот плуралистички систем што има разни идеи.

Овде имаше 2 конкретни прашања. Сугестиите на господин Мурати мислам дека се прифатливи, бидејќи водат во насока на подобрувањето на текстот и збогатување на самиот текст освен точката 10 односно предлогот за точката 10, а тоа е претпоследниот став на точката 9 кога говореше за државните органи и паралелните системи на образованието. Овде акцентот е ставен државните органи преку регулативата што ја предлагаат прописи, закони да не создаваат паралелни органи за образовни системи како можност за манипулација со детето, а не акцентот да се става на детето.

Другите се прифатливи и ова што господинот Петров предложи, Декларацијата да се вика Декларација за правата и слободите на детето, ние свесно не одевме на таков предлог, бидејќи низа, како што рече господинот Арсов, прописи и декларации ги уредуваат човековите права и слободи, па во тие рамки и правата и слободите на детето.

Овде станува збор само последните месеци и година избива на површина политичката манипулација и шпекулација со детето и заради тоа сметаме дека е целисходно и оправдано да се оди со ваков текст на Декларација односно ваков назив Декларација за заштита на детето од политички манипулации. Денеска воопшто не треба човек да биде многу мудар, нека ја следи детската игра па ќе види родителите негови на која партија припаѓаат. Дали треба со тоа да се оптоварува детето денеска, никој нема право да му одзема од слободата. Играт и учењето на детето се основните преокупации, а никако политика, тоа е труење. Тие се работи што мислам дека треба да се вградат и затоа предлагам на денешната седница да го усвоиме текстот на Декларацијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали друг бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор предлагам Предлогот на декларацијата заедно со забелешките вградени во текстот кои се дадени во писмена форма од работните тела го ставам на гласање. Се што не е добиено писмено како предлог, како амандман не можеме сега да го ставиме во постапка. Значи, она што е добиено од работните тела како предлог и од Владата е прифатено.

Молам, предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Според резултатите од галсањето констатирам дека Собранието ја усвои Декларацијата за заштита на детето од политичка манипулација и злоупотреба.

Минуваме на 24 точка.

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите на СРМ во 1991 година.

Предлог одлуката, извештаите на ЗПК и Комсијата за финансирање и буџет ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес

Молам, кој бара збор? (НИКОЈ)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Ве известувасм дека ЗПК поднесе амандман на преамбулата и амандман на член 3. Бидејќи претставникот на предлагачот се согласи со амандманите, истите се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на одлуката за привремено финансирање на функциите на СРМ во 1991 година.

Преминуваме на 25 точка

- Предлог за промена на името на Радио-телевизија Скопје во Македонска радио-телевизија.

Извештајот на Комисијата за општествено-политички систем, Мислењето на Владата на СРМ и Предлог-заклучокот Ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор по заклучокот? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Сега не разговараме за донесување на некоја одлука за измена на името, туку даваме заклучок дека тоа може да го стори надлежниот орган на РТВ. Прочитајте го заклучокот. Тоа е само едно упатство.

Дали во врска со заклучокот некој бара збор? (Никој)

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (6)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Преминуваме на 26 точка

- Предлог на одлука за формирање и состав на Одборот за одбележување на 50-годишната од почетокот на НОВ во Македонија.

Иницијативата на Републичкиот одбор на сојузот на здружението на борците од НОВ на Македонија и предлог-одлуката ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Крстевски.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

По иницијатива на Сојузот на здружението на борците од НОВ на Македонија предлагаме Предлог-одлука за формирање состав на одборот за одбележување на 50-годишнината од почетокот на НОВ на Македонија.

Се формира Одбор за одбележување на 50-годишнината од почетокот на НОВ на Македонија со следниот состав:

Претседателот на Републиката, Киро Глигоров, претседателот на Собранието на СРМ Стојан Андов, претседастелот на Владата на СРМ Никола Кљусев, членот на претседателството на СФРЈ од СРМ Васил Тупурковски, претседателот на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија Тодор Атанасовски, претседателот на Уставниот суд на Македонија Јордан Арсов, претседателот на МАНУ Јордан Поп-Јорданов,ректорот на Универзитетот во Скопје Драги Данев, ректорот на Универзитетот во Битола Божидар Герамитчиевски и директорот на Институтот за национална историја, потпретседателите на Собранието на СРМ Драги Арсов, Тито Петковски, Џеладин Мурати, Киро Поповски. Претседателот на Демократскиот сојуз на Турците на Мугбил Бејзат, претседателот на Партијата за целосна еманципација на ромите Фаик Абди, претседателот на Друштвото на писателите на Македонија Тодор Чаловски и претседателот на здружението на новинарите на Македонија Фиданка Танасковска.

Ова е само потсетување.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор?
Се јави г.Наумовски.

СЛАВЕ НАУМОВСКИ:(прилог)

СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ
16.04.1991 год.

Точка_____

Д-р Славе Наумовски
пратеник на МДС/СРСМ

Почитувани пратенички и пратеници,

Сојузот на (реформските сили на Македонија) го поздравува формирањето на Одборот и воопшто 50-годишниот јубилеј на Народно-ослободителната војна и борба на македонскиот народ.

Мислам дека денес, годинава, кога толку земји во светот и посебно во Европа го одбележуваат јубилејот на својот отпор и востанување против силите на фашизмот, злото,националниот гнев и геноцид, македонскиот народ има двојна причина за достојно одбележување на овој јубилеј:

Првата, затоа што заеднички, со сите југословенски народи, се вреди во големото семејство на европски народи или држави што активно му се спротивстави на фашизмот и ропството, што рамноправно со напредните и слободољубиви држави и сили во Југославија и Европа го кренаа знамето на отпорот, слободата и демократијата...

И втората причина, затоа што за македонскиот народ, востанието 1941 резултираше во создавањето на неговата прва слободна, независна и суверена државна заедница, како израз на неговите вековни ослободителни и државотворни стремежи. Беше тоа периодот и борбата 1941-1945, односно I Заседание на АСНОМ 1944 г. кога македонскиот народ со својата Република, слободна, независна и суверена, го круниса својот историски државотворен поцес, за жал само на дел од својата територија.

Всушност, за македонскиот народ II Светска војна траеше 10 години почнувајќи во 1939/40 година кога италијанските фашисти преку Епир сакаа да земат дел од Егејскиот дел на Македонија (во склоп на Грција) како наводна територија на Албанија која беше италијански протекторат.Македонците од Егејскиот дел на Македонија беа најбројни и меѓу борците и меѓу жртвите на овој простор, па завршувајќи со 1949 година односно со голготата и егзодусот на дел одмакедонскиот народ што е скоро идентичен со денешниот егзодус на Курдите.

За жал, меѓународните и воено-политички околности му нанесоа во тој период трагични и историски-несогледливи удари и последици на државното единство на македонскиот народ, меѓутоа без сомневање - тој, уште во тоа време, се вброи во големата коллициска заедница на слободните народи на Европа.

Да потсетам само, дека веќе 1941 година македонскиот народ исфрли регуларни воени единици што оперираа на сета етничка територија на Македонија; потоа, дека веќе во 1941 година на етничката територија на Македонија беше создадена мрежа на паралелни и илегални органи на власт, што беше никулец на создавањето на структурата на првата македонска држава.

(Ќе ми дозволите сосема кратко да указам уште на два факта:

Народно-ослободителната и државнотворечка борба на македонскиот народ, чиј почеток 1941 г. - годинава ќе го славиме, свое учество, жртви и придонес дадоа и напредните и слободољубиви кругови и слоеви од други националности.

Уште во тоа време припадниците на македонската војска, илегална и легална власт, потоа интелектуалци, револуционери и работнички трибуни - гинеа земајќи ги за симбол знамињата, идеите и имињата или прекарите на Гоце, Јане, Даме, Влахов, Добри Даскалот, Пере Тошев или Апостолски.

На крај зошто воопшто ги истакнувам овие работи? Бидејќи денес не смееме да ги валкаме и злоупотребуваме сите тие симболи, идеи и имиња, да ги користиме во

цели на валкање на македонската историја и разединување на Македонците и сите граѓани на Македонија

ЈУБИЛЕЈОТ Е ТУКА. ВО МАКЕДОНИЈА И ЈУГОСЛАВИЈА.НА БАЛКАНОТ И ВО ЕВРОПА. НАШАТА ПАРТИЈА ПРЕДЛАГА ДОСТОЈНО ДА ГО ОДБЕЛЕЖИМЕ!

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој бара збор?

БОШКОВ ЈОРДАН

Сосема кратко, одбележувањето на таа годишнина е еден настан зад кој стои сметам и партијата ВМРО-ДПМНЕ во предложената листа на членови во тој одбор, од таа партија не е никој посебно истакнат и сакам само да предложам дека г-дин Арсов е во тој одбор како претставник на партијата ВМРО-ДПМНЕ, а не како функционер, потпретседател на Собранието на СРМ. Имено, пак во тие наши фини медии имав прилика тој ден-два да прочитам како партијата ВМРО - ДПМНЕ го негирала востанието од 1941 година и била против државноста што македонците ја стекнаа на Првото заседание на АСНОМ.

СТОЈАН АНДОВ:

Г-дин Крстевски требаше да ги појасни некои работи поопширно како известител на Комисијата, затоа што во оваа смисла како г-дин Бошков излагаше, расправата е водена во Комисијата така сум известен, меѓутоа треба и јавноста да биде известена токму за ова што сега го кажа г-дин Бошков, ќе беше известена ако се кажеше тоа што беше на комисија. Според тоа, излагањето на г—дин Бошков е засновано на фактите кои се изнесени во расправата по ова прашање на Комисијата за избори и именувања. Ова се однесува и за другите, не само за г-дин Аросов, но и за г-дин Мурати, г-дин Петковски и г-дин Поповски во оваа смисла се не како претседатели на Собранието, туку како претставници на партиите, инаку што се застапени во Парламентот. Инаку Собранието би било премногу застаоено,м ако се само застапени потретседатели на Собранието.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Имам еден предлог да се дополни оваа листа во тој организационен одбор, со неколку борци, кој неможам сега да ги именувам, предлагам организациониот одбор да ги пронајде кој се бореле цело време за оваа Македонија, но од 1945 година, поради своите идеи за ослободување на целокупната Македонија, односно одење на Солун, знаеме како завршиле. Ова го предлагам од причини што тоа на еден начин ќе значи едно наше македонско национално помирување и постигнување на тоа наше национално единство кое во моментот ни е повеќе од потребно.

СТОЈАН АНДОВ:

Сигурно има разни причини, разни личности овде да се најдат и тоа многу повеќе. Овде критериумот е применет само од партиите по еден да има, овие клучни државни функции да бидат претставени и раководителите на таканаречените национални институции. Инаку, сојузот на борците ќе се направи свој одбор за прос-лава. Од овде е само еден од сојузот на борците, само е претседателот на Сојузот на борците. Затоа не смееме ние да правиме селекција внатре меѓу борците уште колку да ставиме итн.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ

Во однос на првата забелешка може. со дополнување на текстот покрај имињата на постојните потпретседатели, да се додаде и претставници на партиите, ВМРО-ДПМНЕ, СКМ ПДП, и Социјалистичката партија.

Во однос на втората забелешка за дополнување на одредени борци посебно од тој настан, овој одбор има за цел активно да придонесе во сегашниот миг за

изработување на конкретна програма од вкупни активности, од подолг карактер. Сметам овие условување да се одлага седницата или да се дополнува, посебно со немање на конкретни решенија, мислам имиња и презимиња, не би требало да се дополнува да се прифати посебно од околноста што тие во рамките на Сојузот на борците можат да бидат вклучени во конкретни активности, меѓутоа, оваа е оперативен одбор, јас мислам дека тешко тие иако би ги навеле имињата дека можат да придонесат. Ние одиме од оваа состојба во рамктие на овластувањата на Собрание правиме состав кој навистина може и со ова повеќепартиско живеење да придонесе за едно конкретно заживување, одбележуваше и изработување на програма.

СТОЈАН АНДОВ:

Воопшто земено ние мораме и овде да го примениме Деловникот. Во недостаток правовремено доставен писмен амандман не можеме да отвараме расправа.

СЛАВЕ НАУМОВСКИ:

Јас би сакал само да кажам дека ништо нема спорно, меѓутоа, што правиме ако дојде до реакции од другите партии тогаш ќе наидеме до една друга состојба. Затоа би сакал да бидеме рационални и ова е почесен одбор и во тој смисол да се најде решение.

СТОЈАН АНДОВ:

Морам да кажам дека мојата сугестија беше малку поинаква само Комисијата заземала вакво гледиште. Јас сакам да ја соопштам оваа наша сугестија. Мојата сугестија беше дека треба овде да има претставници од сите партии што учествувале во изборите, бидејки зад сите нив некој гласал и нешто изгласал, имаат некој 2000 некој 5000, некој 1000 некој 2000 гласа за себе и доживееле сите доверба. Верифицирано е нивното постоење и имаат некоја доверба. Меѓутоа, ни беше укажано дека може да стане многу броен тој одбор, не може да биде оперативен, па би го усвоиле овој став што јас исто така го прифакам. Меѓутоа, во прославата оваа прослава 50 годишнина од почнување на војна, со што Македонија се вклучи во антихитлеровската коалиција и почна ослободителна војна за создавање своја држава, истовремено мислам дека тоа е општодржавен празник во Македонија, пред се на македонскиот народ, но и на сите граѓани што живеат во Македонија и оттаму треба да се најдат такви се разни форми на прославување да бидат сите во можност да чествува, невозможно е списокот толку да се дополни да може сите предлози да ги опфати. Дали се согласуваме да го ставиме сега на изјаснување Предлогот на списокот што го прочита г-дин Крстевски во име на Комисиајта за избор и именување.

Молам кој е за нека крене рака? (мнозинството пратеници)

Молам, кој е против? (4 против се)

Дали има воздржани од гласање? (6 се воздржани)

Претпоставувам дека овие што се против и воздржани не се против чествувањето на овој голем датум, туку имаат некој резерви према составот што уште не се влезени.

Според овие резултати констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за формирање состав на Одборот за одбележување на 50-годишнината од почетокот на НОБ во Македонија.

Минуваме на точката 27

- Предлог на одлука за формирање и состав на пратеничка група за следење на организацијата спроведувањето и обработката на податоците на пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1991 година.

Предлогот на одлуката ви е доставен. Исто така ви е поделен Извештајот на ЗПК во кој Комисијата оценува дека нема потреба од донесување на оваа одлука, заради што пописот завршува на 15 април 1991 година.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Во однос на Предлог-одлуката, немам намера да давам дополнително

образложение, сметам доволно е јасно, меѓутоа, се спротивстаувам на мислењето на ЗПК дека нема потреба. Тоа е прво спротивно на дискусиите и ставовите во рамките на седница по повод пописот во оваа година. Беше неопходно потребно и Собранието на одреден начин беше присутно тоа да биде информирано по можност да го следи и по потреба донесува соодветни прописи. Затоа сме на мислењето дека нема потреба да се оформи парламентарна група за следење на пописот не треба да се прифати.

Друго, иницијатива за формирање на парламентарна група за пописот од 1991 година директно Владата инсистираше бидејки постојните органи, овалстените државни органи за попис, немаат можнсот во рамките на тие државни органи да формриаат одредени комисии, или да вршат надзор со повеќе партиски состав комисиите.Таа празнина сметам на одреден начин и Собранието ке придонесе за поквалитетно оценување на извршениот попис во 1991 година. Сметам да се прифати оваа Предлог одлука за формриање на парламентарна група која на одреден начин и нас ке не информира за постојниот попис.

СТОЈАН АНДОВ

Овде г-дине Крстевски сум известен од г-дин Мурати дека нивната група пратила писмо други двајца а не овие затоа што г-дин Мурати е презафатен за други работи, а имаме овде платени пратеници од ПДП, па би напишале писмо за тоа.

КРСТЕВСКИ НИКОЛА

Точно е дека до Комисијата беше во писмена форма доставено барање да се заменат наведените членови од партијата ПДП, меѓутоа, на состанокот кога е формирана оваа парламентарна група од партијата ПДП не присуствуваа, ние таа празнина поради рокот на формирањето на овој одбор, моравме да ја дополниме во рамките со предлози од останатите членови. Мегутоа, ова дополнување за друг состав од партијата ПДП, сметаме не е оправдано, бидејки не е стигнато во рокот, второ, преставуваше нивното неприсуство, незаинтересираност за учество во оваа парламентарна група за пописот и дополнителното барање не се вклопува во рокот и затоа не беше прифатена, инаку информирана беше Комисијата, не прифати измена на составот на оваа парламентарна група. Инаку составот е сразмено према учеството на партиите во собранието и сметам дека и овој состав може да одговори на поставената задача, бидејќи не одат на терен директно да вршат попис, едноставно, вршат оцена и во редовната работа на потпретседател на Собрание од ПДП може да се вклучи без последици на неговите редовни обврски од функцијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Еве и со г-дин Мурати се разбравме, тој не инсистира на тој предлог напошат што е добиен, инаку со г-дин Крстевски се согласуваме, јас се согласувам бидејќи оваа наша парламентарна работна група има за задача да поднесе извештај потоа на Парламентот да каже и докаже дали имало некој отстапувања во извршувањето на пописот, дали пописот е објективен по методологијата на ОН и дали се почитувани прописите. Оттаму оваа група не оди кога се врши пописот да врши попис или да ги контролира пописувачите. Таа ги гледа само материјалите и може секого да праша и секого да испраша и да утврди што било во подготовките, што било во изведувањето во пописот и кој подготовки се извршени за обработка на материјалите.

СТОЈАН АНДОВ: (Продолжение)

Според тоа, нема врска кога е формирана, дали сега или е на 15-ти.

Молам, ако нема никој понатаму што бара збор да одиме на постапка.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? -(пратениците креваат рака).

Благодарам.

Дали има некој против?(тројца)

Дали некој се воздржува од гласањето?(Никој).

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за формирање состав на пратеничка група за следење на организацијата, спроведувањето и обработката на податоците на пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1991 година.

Предлагам пауза до 16,00 часот.

(По паузата седницата започна во 16,05 часот)

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа

Минуваме на 28-та точка

- Предлог на одлука за давање согласност на годишната програма за користење на здружените средства од придонесите во водостопанството за намени од поширок интерес во областа на водостопанството за 1991 година.

Годишната програма, мислењето од Владата на СРМ, Извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за земјоделство и шумарство и Предлог-одлуката Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува?(Никој).

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Годишната програма за користење на здружените средства од придонесите во водостопанството за намени од поширок интерес во областа на водостопанството за 1991 година.

Минуваме на 29-та точка

- Предлог на одлука за потврдување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на Магистралната и регионалната патна мрежа во СР Македонија за 1991 година.

Годишната програма, мислењето од Владата на СРМ, извештаите од Законодавно-правната комисија, Комисијата за стопанство и Комисијата за градежништво и урбанизам како и Предлог-одлуката Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Билјана Лазаревска.

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Мислењето од нашата Комисија Ви е доставено но, јас сакам да изнесам едно дополнение. Во Извештајот од нашата Комисија во однос на Среднорочната програма која што е одложена беше предложено во Среднорочната програма да влезе и изградбата, т.е. одржувањето на патниот правец Стење-Албанска граница. Бидејќи таа е одложена предлагам овој патен правец да влезе во Инвестиционата програма за интензивно одржување или пак министерот спомна дека е можен анекс на годишната програма да се најде начин како да овој патен правец влезе во оваа Годишна програма.

Пратеникот Тодор Петров, исто така предложи два нови предлога, едниот се однесуваше за годишната, а другиот за среднорочната програма и двата предлози се влезени во годишната и среднорочната програма, а неговите иницијативи сепак ќе бидат дадени како предлог при изработката на среднорочната програма.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господо пратеници, ова што сега ќе го кажам е по задолжение затоа што сметам дека работата претежно треба да се одвива во телата на Собранието и да доаѓаат материите чисти за разгледување пред Парламентот. Јас учествував на сите седници на Комисијата за гредежништво и таму се она што бев

задолжен да го искажам пред населението кое што го претставувам во Папламентот го кажав, меѓутоа, св јавив на говорница, затоа што е одложена среднорочната програма да го истакнам следното:

Единствени две општини, заправо се работи за единствена општина со единствени две други општини во Југославија кои што не се поврзани со асфалтен пат, а тоа се општините Берово-Струмица, Берово-Радовиш, и по тоа служиме за негативен пример во цела Југославија. Нема две поднебја во Републиката кои што толку добро се подудараат и си одговараат едно со друго по производите кои што имаат предимство кои поминуваат во Струмичкиот дел и оние кои што поминуваат во Малешевијата. Сите тие продукти поминуваат повеќе од 160км заобиколно преку Штип. Збор земав од следните причини. Да го информирам денешниов состав на Парламентот, дека во целиот досегашен изминат период во четири наврата, овој пат е влегуван за изградба во среднорочните планови. Во два наврата целосно досега биле обезбедени средства за завршување на патот. Тие средства се отидени на друго место. Последен пат, пред година ипол дена Собранието на СРМ во претходниот состав донесе заклучок да се патот Берово-Струмица заврши до 1993 година. Со оглед на тоа што е влезен на годишната програма со една симболична сума од 15 милиони динари, која што не е ни 5 посто од вкупната сума на чинење од прилика 260 милиона динари, а е влезен во среднорочната програма не би зборувал за средствата кои што сега се издвоени, а се симболични, ако овој Парламент го реафирмира заклучокот на Собранието во досегашниот состав дека патот навистина треба да се заврши до 1993 година. Според тоа ја поддржувам годишната програма независно од тоа што е патот влезен со симболична сума на средства од 1.5 милиони динари и го молам Парламентот при донесувањето на годишната програма, среднорочната програма која што ќе биде ефектуирана негде до крајот на јуни да го реафирмира заклучокот на Собранието во претходниот состав патот да се заврши до 1993 година.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира, ние сега водиме претрес за годишната програма, а заклучокот што го спомна господин Ханџиски ќе биде донесен кога ќе расправаме за среднорочната програма.

Молам изјаснување на претставникот на Заедница за патишта дали е можно овој предлог за интензивно одржување на патот за Стење.

Бидејќи министерот прв бара збор, нека повели прво тој.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:

Почитуван претседателе, потпретседатели, почитувани пратеници.

Во врска со текстот на Одлуката, а јас минатиот пат би Ве замолил и што е во склад со материјалите што се доставени и со дискусијата да на крајот каде што стои 26.12. итн., односно стои изразот "и во согласност со мислењето на Владата на СРМ бр.23-698/3 од 15.IV.1991 година".

Што се однесува до поставеното пратеничко прашање од пратеничката инж. Биљана Лазаревска одговорот е следен, а е усогласен со секретарот на Републичката СИЗ за патишта дека делницата Стење граница НР Албанија ќе биде асфалтирана во текот на оваа година од Програмата на редовното одржување, односно ставката инвестиционо одржување.

Во врска со среднорочната програма, таа не е на дневен ред, но со реиновиранаата студија за развој на патната мрежа што е во тек, ќе бидат земени во предвид поврзувањето на општините Берово-Струмица, односно Берово - Радовиш, како и многу други патни правци, кои ќе бидат поставени во ранг листа на приоритет, према логичноста која што ќе произлегува од таа студија.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа ова е усогласен став со заедницата.

БОЖИНОВСКИ СТЕВИЦА:

Почитувани пратеници, што се однесува до првото прашање, морам да кажам дека тука би требало да се изјасни Законодавно-правната комисија во однос на мислењето на Владата. Затоа што во мислењето што се однесува до годишната програма имаме дадено каде што велиме да се земе во предвид мислењето од министерството или од Владата сега во дадената ситуација. Ако се земе во предвид мислењето тогаш останува на снага тоа да се процени. Ако остане вака целосно да не треба на ново усогласување. А што се однесува до другото прашање со тоа се согласувам затоа што врз основа на годишната програма се изработува и финансиската програма каде што ќе биде вградено и тоа.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Даваме целосна подршка на годишната програма и сме посебно задоволни што патниот правец Струмица-Радовиш-Штип е еден од битните прашања што треба да биде решен за нашата Струмичка општина бидејќи патот е направен 1953 година и од неговата изградба до денес недоволно се одржува а на одделни делници претставува и права калдрма. Овој патен правец е во таква состојба што техничките карактеристики на патот и неговата моментална состојба необезбедуваат неповолно безбедносно одвивање на сообраќајот што е причина на голем број сообраќајни несреќи со предизвикани голем број материјални штети и човечки жртви. Само минатата година имавме 14 човечки жртви, а во првиот период од оваа година имаме 6 човечки жртви. Местоположбата на општина Струмица, која граничи со НР Бугарија и Грција иде преку двата гранични премини Н.Село и Дојран истовремено ја поврзуваат нашата општина со внатрешноста на земјата и соседните земни и му дава уште поголемо значење за неопходна реконструкција и модернизација на овој патен правец. Непостоењето на железничка врска во општината го прави преоптоварен патниот правец, поради одвивање на целокупниот транспорт и патници. Познато е дека општина Струмица е голем производител на земјоделски производи и индустриска стока од која за превоз на овој патен правец паѓа преку 1 милион тони производство, а исто така, овој патен правец го користат странските и домашни патници, а посебно со новите стопански реформи и овој патен правец добива голема важност за цела Источна Македонија. Во текот на 1988 и 1989 година на овој патен правец вршени се интервенции на коловозот на одредени делници. Во текот на 1990 година не се извршени никакви работи и покрај нашите залагања и барања овој пат да добие поголем приоритет во работите ни беше ветено да со среднорочната програма 1991 - 1995 година овој правец ќе се предвиди за реконструкција и модернизација што ќе се изврши голема обемна работа. Со среднорочната програма е предвидено реконструкција и надградба на патот Струмица-Радовиш-Штип, но со годишната програма за 1991 година овој патен правец не е предвиден за реализација , а сега веќе предвиден што го поддржувам во така лоша состојба.

РИСТО ИВАНОВ:

Почитуван претседателе, почитузани пратеници.

Јас не би сакал да зборувам многу околу програмата, меѓутоа, мислам во одделни работи кој што се изведуваа на обиколниот пат Кочани према Берово, Делчево и Виница, делот на приклучокот кој што е на издвојувањето на Кочани према селото односно населбата Оризари не е добро решен. И таму уште при предавањето на патот остана прашањето неговата неразрешеност. Од тие причини замолувам овој отворен проблем да се има во предвид во годишните активности. Тоа е една ситна работа, меѓутоа, создава големи проблеми. Молам, ова да се има во предвид.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Почитувани пратеници, да не бидам долг, ќе поставам само едно прашање, а тоа е прашањето дали е предвидено со годишната програма за редовно одржување на патниот правец, Маврово-Дебар да се одржи и да се доведе во првобитна состојба бидејќи од зимата што ја имавме е многу оштетен. Во колку е предвидено во ред, тогаш

само предлагам да се започне што побрзо да се дотера во првобитна состојба. Доколку не е предвидено, предлагам да се предвиди за да се нормално одвива сообраќајот бидејќи познато е дека Дебар не е врзан со ниеден град нити место со железница.

ДАВЧЕВ САНДЕ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас морам да кажам иако е тука дадено мислење од Владата за патот тоа е Велешко Брдо тоа е патот Титов Велес за Источна Македонија, тоа таму се остава за некој среднорочен план и сметам дека не треба Владата повторно да го преиспитува дали треба или не треба јас мислам дека тоа е неопходно бидејќи тоа е единствена врска за Источна Македонија, а тука е најголемиот застој во целиот сообраќај. Таа е кратка делница, а се чека по половина час да се помине на таа делница.

Го поддржувам мислењето на колегата пратеник од Струмица, патот Штип Струмица е навистина не лош, туку најлош пат и треба да влезе во програмата.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас сакам да обрнам внимание, овде годишната програма е избилансирана на правци каде што со ангажирањето на средствата што заедницата овде ги формира може да се повлечат и странски средства оттаму и намената еден добар дел од средствата што се овде формираат е одредена со меѓународните заjмови чиј потписник е Републчката преку заедницата. Другите пари што остануваат што не се на тие приоритетни правци се толку да со овие нови предлози иако јас не знам колку се нови, не знам колку се расправало на седниците на работните тела.  Дали нешто воопшто може да се почне госпоѓо Лазаревска, да не дадеме некој задачи кој невозможно е да се извршат и ќе се нарушат оние основни приоритети каде што сме веќе потпишале спогодба.

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Јас би скала да кажам неколку зборови околу годишната програма и околу формулацијата. И на нашата Комисија беше кажано дека средствата со кои што располага се толкави да можат да се започнат или довршуваат , или отпочнат патните правци во годишната програма.

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:  (продолжение)

Беа спомнати не само предлогот на господинот Ханџиски туку такви предлози беа спомнати за неколку правци кои што се неколку пати ставани во среднорочното, или годишната програма кои не се реализирани.

Главната поента беше дека со тие средства со кои што се располага да се отпочне тоа што е предвидено во годишната програма, а среднорочната програма е одложена за да се направи врз база на една студија која што ќе ги донесе предностите на правците кои што треба да бидат приоритетни при изработката, приоритетни за изградба при изработката на среднорочната програма. Затоа ве молам нови предлози да не се донесуваат, затоа што неможе да се изврши рефинансирање дури ни на овие патни правци што се предвидени во оваа годишна програма. Со среднорочната програма ќе бидат решени многу повеќе проблеми и многу повеќе прашања што се нафрлија овде. Тоа беше констатирано и на Комисијата , камо среќа да се најдат и во оваа година повеќе средства, тогаш ќе се надополни оваа годишна програма, или барем ако ништо друго ќе се зголеми километражата на некои правци итн.

СТОЈАН АНДОВ

Од ова предлагам да излеземе на следниот начин. Сите овие солуции кои не се содржани исклучително, јасно во годишната програма да бидат упатени на Заедницата и на Владата на понатамошно разгледување во рамките на надлежностите кои што ги имаат тие два субјекта. Сега да ја донесеме одлуката ваква, каква што е. Јас малку се запрашувам, постапката би барала ова што господинот министер за урбанизам,

градежништво и сообраќај и човекова околина го предлага, овде да биде запирка, па да се продолжи, а во склад со мислењето на Владата. Мислењето на Владата по сите точки што се дава минува и на работните тела и во Собранието треба да биде толку колку е прифатливо вградено во документот кој е за дискусија и кој е овде на претрес. Таму каде што не е во документот, значи не е во извештаите на работните тела, тоа неможеме. Неможеме ние да ја усвоиме годишната програма, а да го усвоиме и мислењето кое не влегло во извештаите на работните тела. Ако влегло во извештаите на работните тела, тоа е дефитивно влезено. Сега мене ме интересира дали ќе имаме една нејаснотија во годишната програма ако овде ставиме запирка и кажеме„ а во склад со мислењето на Владата". Јас го гледав мислењето на Владата. Јас не ги знам сите правци, јас не можам да проверам што било се на расправа таму. Станува збор за тоа што мислењето на Владата е еден голем текст. На тој начин така конципирано станува дел од одлуката, како што предлага господин Лепавцев. Дали сега ви е јасно што донесуваме и може ли тоа така? Така ли е прифатено на работното тело? Дајте тоа да го разјасниме.

ГОРГИ БОЈКОВСКИ;

Почитуван претседател, почитувани колеги, на нашата Комисија на Одборот за градежништво и урбанизам беше разгледана оваа програма. Ние и од претходните разгледувања ја одложивме, мислевме да ја одложиме среднорочната програма, но не ја одложивме бидејќи не ни беше презентирано дека се подготвува нова студија. Среднорочната програма ја одложивме, но за годишната програма ја прифативме онака како што е предложена без да го прифатиме мислењето на Владата. Бидејќи немавме доволно сознанија од каде Владата дошла до сознание да предложи свое мислење за ова и не ни беше презентирано. И заклучок на оваа наша комисија е да се прифати годишната програма без никакви дополнувања.

СТОЈАН АНДОВ:

Уште едно објаснување, јас го погледав добро мислењето на Владата. Мислењето на Владата е по двете програми и ист текст е и по програмата среднорочна и по годишната програма. И таму колку што јас можев да забележам не е одвоено што се однесува на годишна, што се однесува на среднорочната програма. Одлуката не е довршена ако ние кажеме дека одлука уште зависи од еден текст кој едноставно не се објавува. Мислењето на Владата неможе да биде објавено. Одлуката се објавува. Според тоа, невозможно е така да го конципираме текстот на одлуката. Имајте го тоа предвид. Кога ќе донесеме акт, тој акт мора да биде потполно чист, неможе да биде условен со некој документ кој ниту се објавува, ниту на некого му е достапен понатаму.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:

Јас не гледам тука никаков конфликт во Мислењето на Владата до претседателот на Собранието, односно до Собранието еве што пишува. "Владата му предлага на Собранието на СРМ да ја потврди годишната програма за изградба, одржување и реконстуркција на магистралната и регионалната патна мрежа во СР Македонија за 1991 година" и истовремено ја задолжи Републичката СИЗ за патишта да изврши процена за оправданоста на изградбата на трета лента на М-27 при Велешкото Брдо. Бидејќи на делот од Крива круша преку Отавица до Титов Велес се предвидува изградба на делницата од магистралниот пат М-27 на овој дел како трајно решение. Според тоа, овде се сугерира да изврши преоцена на СИЗ-от за патишта за дали треба некој сега да вложува во таа трета лента, или треба да се причека во трајното решение за таа крстосница. Дали имаме толку пари сега да правиме вака, или сега да ги вложиме парите да бидат тие изгубени откога ќе биде наскоро инвестицијата вложена во таа крстосница. Да изврши една преоцена, па нека повелат таму стручњаците нека извршат. Тоа е една сугестија. Друго нема ништо, Апсолутно ништо.

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Да не излезе нешто нејасно. На нашата Комисија кога се дискутираше да се прифатат мислењата од Владата во врска со програмите, околу среднорочната програма Владата имаше повеќе забелешки за кои што не се сложуваа претставниците од СИЗ-от за патишта. Тоа не се однесуваше за годишната програма. Ние мислењето на Владата во однос на годишната програма го прифативме како такво, дури дискутиравме дека тој патен правец треба да се провери, дали третата лента на тој патен правец е оправдана економски, или не. Тоа беше на дискусија на нашата Комисија, а беше збор дека тие имаат големи забелешки за среднорочната програма и дека тие забелешки воопшто не треба ниту да се спомнуваат, затоа што ние таа точка ја одложивме. Јас мислам дека овде нема проблем.

СТОЈАН АНДОВ:

Нема проблем ако одлуката го има овој текст што е овде предложен и ако програмата во работната постапка е дополнета така како што предлагала и Владата. Ако е тоа учинето, во ред е. Мислењето на Владата е од работен карактер. Тоа има карактер на осветлување на додатен, да кажам аспект на програмата и неговото значење се гаси во работните тела и на оваа седница. Тоа понатаму нема никакво значење. Се донесува одлука и одлуката никако не може да биде врзана со мислењето на овој, или на оној. Ако е така, тогаш останува одлуката каква е, а се друго е врзано за претходната постапка што претходела на одлуката.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Бидејќи во мислењето од Владата за заобиколниот пат Велешко брдо е едно мислењето, предлогот што го дава СИЗ-от за патишта е друго мислење. Ќе го молам претставникот од СИЗ-от да даде едно објаснување дали го прифаќаат мислењето на Владата и ако не го прифаќаат, кога ќе биде направен ова што го предлага Владата?

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Се работи за мислење од Владата и сугестија, а не за предлог одлука. Владата предлагаше да се преиспитаат патниот правец, третата лента на патниот правец Велес - Штип што не значи дека таа ќе излезе од годишната програма, или не значи дека некоја друга реализација ќе влезе во годишната програма. Испитувањето на тој патен правец значи можеби само некоја рефундација внатре, можеби некој друг патен правец да се продолжи, или ако е можно да се изврши реставрација на патните правци, или имаше дискусии таму за општинските патни правци. Во тоа се однесува мислењето на Владата. Воопшто не се работи за тоа дали тој патен правец да се исфрли од годишната програма, или не. Предлогот е да се преиспита економската оправданост за влегување на тој патен правец во годишната програма и да се даде извештај во однос на тоа. Воопшто не беше предложено тој патен правец да се исфрли, можеби и ќе остане.

САНДЕ ДАВЧЕВ;

Почитувани пратеници јас морав повторно да се јавам за овој патен правец. Тоа не е патен правец, туку тоа е една кратка делница на Велешко брдо. Тоа е на трета лента. Има изготвено документација, има се изготвено и зошто да се преиспитува. Ова е само да се фрли на страна овој патен правец и тој проблем да остане вечито нерешен. Друго нема ништо од ова.

СТОЈА АНДОВ:

Од извештаите што овде ги гледам и од одлуката што овде е дадена не изгледа дека на работното тело останал некој отворен проблем кој треба овде сега да се допишува, доградува итн. Ако е така, тогаш има настојувања овде очигледно од

Собранието да се направи работно тело, да му се снижи рангот и да почнеме тука повторно да ги испретресуваме работите. Тоа не е во ред.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:

Јас се извинувам почитувани пратеници, уште еднаш ќе го прочитам "да ја задолжи републичката СИЗ за патишта да изврши преоцена за оправданоста на изградбата итн." Тоа е само една сугестија врз база на економските показатели дали е тоа потребно, или не е потребно, со сите овластувања СИЗ-от тоа сам да го реши. И што дискутираме сега понатаму.

ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ

Почитуван претседател, почитувани пратеници, мислев дека по оваа точка од дневниот ред не ќе има воопшто никаква дискусија затоа што сите ставови беа усогласени и од другите комисии, а и од предлагачот на програмата и од Владата. Мене ме чуди сега кај повеќе дискутанти дискусијата се однесуваше за среднорочната програма. Го респектираме тоа и тоа ќе влезе, но во оној момент кога ќе се дискутира за среднорочната програма. Ако денес дискутираме за измени на едногодишната програма, ве молам тоа би значело дека ние треба да му ја вратиме програмата на изготвувачот на повторна преработка. Не сме во состојба да предложиме ако треба да отпадне, или да се додаде одреден патен правец, кој друг патен правец треба да отпадне. Финансиската конструкција е таа. А за колегата господинот Давчев за трета лента на Велешко брдо, вие мислите тоа. Па, тоа е влезено во програмата. Тоа е точка 2.2. И во објаснувањето е дадено.

СТОЈАН АНДОВ:

Оваа годишна програма има смисла ако ја донесеме оваа одлука во овој текст денес. Ако не е донесеме денес ако дадеме задача нешто да се испитува, преиспитува тогаш годишната програма во нејзината реализација ќе се пропушти најубавиот период за градежната сезона и ќе направиме голема збрка. Јас ја молам Владата оваа сугестија да ја сочува за среднорочната програма, а оваа програма така како што е и усогласен текстот на одлуката во работните тела да се донесе одлуката така.

Дали се согласувате? (се согласуваат).-
Го заклучувам претресот по одлуката.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Молам кој е за нека крене рака? (пратениците креваат рака)
Дали има некој против (нема)
Дали некој се воздржува од гласање (1 пратеник)
Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во СР Македонија за 1991 година.

Минуваме на точка 30
Предлог на одлука одобрување на пресметката на приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот, градскиот и општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1991 година.
Материјалот ви е доставен. Како прилози кон него, а за ваше запознавање доставени ви се и материјалите.
- Извештај за работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во СР Македонија со преглед на резултатите за трошење на средствата во текот на 1990 година и
- Програма за работа на Републлкчкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1991 година.
Исто така мислењето од Владата на СРМ, извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за стопанство и Предлог-одлуката ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Комисијата за стопанство внатрешна политика ОНО и Министерството дадоа свои мислења кон Извештајот за работата на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот и соодетната финансова пресметка за потрошени средства. Нивната сугестија е таа да се усвои, бидејќи тие средства веќе се потрошени, реализирани за одредените програми кои беа зацртани на овој Републички совет. Меѓутоа моја забелешка е, читајќи го и Извештајот за работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во СРМ, со преглед на остварените резултати на трошењето на средствата. Би цитирал од самиот извештај одредени сегменти па понатаму би продолжил со дискусијата.

Во делот каде се работи за следење на безбедноста на сообраќајот на патиштата во СРМ стои дека бројот на сообраќајните несреќи со повредени и загинати лица постојано се зголемуваше, а се зголемуваше и материјалната штета. Ваквите податоци со сета острина го наметнуваат прашањето каде се причините за ваквите состојби.

Во понатамошниот текст стои дека Советот работи во повеќе комисии и одбори меѓу кои за работата на одборите во изминатата 90 година субјектите што требаше да ги реализираат задачите, затаија. Поради тоа состојбата на безбедноста во патниот сообраќај на подрачјето на Републиката не задоволува.

Исто така за преземените мерки во работата на овој Совет има и одредени резултати по однос на акцијата недела на безбедност на сообраќајот на патиштата. Тие поразителни резултати се следните:

Конкретни мермки и активности на органите и оргнизациите за подобрување на состојбата во безбедноста на сообраќајот не ги дадоа саканите резултати.

Во текот на седумте дена колкушто тареше акцијата во СРМ се случија 44 сообраќајни несреки со шест загинати и 38 повредени. Сите овие активности што е и една од обврските кои се зацртани во програмата се наведува дека сите овие активности не беа проследени со соодветен публицитет во печатот, радиото и ТВ .

Ваква програма со вакви забелешки во извештајот за работата односно реализираната програма мислам дека не стои за одобрување на овие средства. Тие се потрошени, но резултатите, како што рековме се поразнителни. Затоа треба да се испита работата на овој Совет. Тоа го акцентирам со тоа што со изготвувањето на оваа програма и одобрувањето за потрошените средства во претходната година истовремено носи и програма и финансиска конструкција за овој совет во наредната година. Во таа програма таксативно се наредени 23 програми кои треба да се реализираат кои програми се идентични и по содржина и по карактер на оние од претходната година.

Начинот на работа на овој совет укажува во наредната година во истото време да не ги почитуваме тие поразителни резултати. Згора на тоа, читајќи ја финансиската конструкција на потрошените средства има една стапка каде средствата одделени за научна дејност во оваа област не се реализирани. Резултатите во „безбедноста на патиштата во СРМ укажуваат дека наука во оваа област е неминовно да почне да се применува. Така да како заклучоци на целава моја дискусија би ги навел следните:

1. Овој совет да функционира на редовна буџетска работа.

2. Да не се финансира од одредени средства од буџетска организација како досега и средства кои беа наменети од прибирање на паричните казни за сторените сообраќајни прекршоци.

Исто така предлагам овој совет да помине во работа или се опфати во работата при постоечките факултети кои ја третираат оваа проблематика во СРМ.

Исто така барам, за решавање на конкретните постоечки проблеми и нивното научно третирање.

На крјаот би рекол дека во оваа година се предвидени средства некаде од 17,5 милиони динари, а оваа финансиска програма со една програма од таксативно наброени 23 проблеми кои ќе ги работи овој Совет, мислам дека за 17,5 милиони динари е премала финансиска програма.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи ние имаме извештај од работните тела предлагам овие укажувања од пратеникот Симјановски да се достават до Советот за да се имаат во вид и да се види што треба во нивниот метод на работа натаму да се менува.

Инаку, бидејќи не се доставени по писмен пат не можеме да ги пуштинме овде на изјаснување. Инаку има значење во нив но треба да се упатат на Советот.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака; (Пратениците креваат рака);

Има ли некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?(Никој)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на Пресметката на приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот, Градскиот и општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1991 година.

Минуваме на точка 31.

Предлог на одлука за одобрување на завршната сметка на приходите и расходите за работата на републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1990 година.

Завршната сметка, мислењето од Владата на СРМ, извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за стопанство и Предлог-одлуката ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес

Молам кој бара збор: (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратнеиците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржузва од гласањето? (Никој)

Според овие резултати од гласдањето констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на Завршната сметка на приходите и расходите за работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1991 година.

Минуваме на точка 32.

- Извештај за остварените монетарно-кредитни движења и економските односи со странство и за работењето на народната банка на македонија во 1990 година, со Предлог на одлука за потврдување на Годишнат сметка на Народната банка на Македонија за 1990 година и

- Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1991 година.

Материјалите, мислењето од Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за финансирање и буџет, Комисија за економска политика и развој, Предлог-заклучокот и Предлог-одлуките Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по извештајот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот. Отворам претрес по предлогот на одлуката за потврдување на годишната сметка на Народната банка на Македонија за 1990 година.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Македонија за 1990 година.

Отворам претрес по предлогот на одлуката за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1991 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1991 година.

Минуваме на точка 33.

- Предлог на одлука за одобрување на завршната сметка на дирекцијата за републички стоковни резерви за 1990 година, со извештај за работата на дирекцијата во 1990 година

- Бидејќи материјалот има ознака народна одбрана - државна тајна, ги молам претставниците на средствата за јавно информирање да го имаат тоа предвид при известувањето по ова точка.

Мислењето од Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за стопанство, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Предлог одлуката Ви се поделени. Денес Ви е поделен нов текст на Предлог-одлуката.

Отворам претрес.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на Завршната сметка на Дирекцијата за републички стоковни резерви за 1990 година.

Минуваме на точка 34.

Предлог на одлука за одобрување на финансискиот план на дирекцијата за републички стоковни резерви за 1991 година.

Бидејки материјалот има ознака народна одбрана - државна тајна, ги молам претставниците на средствата за јавно информирање даго имаат тоа предвад при нзвестувањето по оваа точка.

Извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за стопанство, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Предлог одлуката Ви се поделени.

Отворам претрес

Молам, кој бара збор? Иван Иванов.

Има збор Ивен Иванов.

ИВАН ИВАНОВ:

Јас сакам две работи да кажам врзани со одлуката.

Прво мислам дека, иако делот на третманот на оваа Одлука е пропишан сигурно со соодветниот акт, меѓутоа во делот на важноста мислам дека на овие раобти поминуваме многу едноставно, а се под ознаката строго дов. народна одбрана и слично. Мислам дека тоа не се такви материи од кои може да настанат одреден

компликации. Од тие причини овие материјали да бидат малку по достапни.

Второ, во делот на Одлуката се залагам да се извршат соодветни дополнувања во смисла на следниот предлог: Делот на производителите кои што моментално се, конкретно да кажам кај оризовата арпа и слични такви производи, во тој дел одлуката мислам треба да претрпи соодвено надополнување. Знаеме дека планираните средства и нивниот извор е ограничен, меѓутоа, поради тежината на проблемот за вакви и слични производи би требало стоковите резрви да го стимулираат односно штитат производството на вакви стратешки производи а кои што во одредени временски периоди западаат во тешки состојби. Од тие причини предлагам одлуката да биде проширена сигурно во границата на можностите односно планираните средства.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Во врска со предлогот што сега се даде да кажам дека е добро да не се вклучува во рамки на програмата, бидејќи владата има посебен околу обезбедувањето на средства за откуп на 3000 тони ориз кој е надвор од овој биланс што е предложен и соодветно дополнување на програмата ќе настане во текот на годината кога и некои други идеи што беа содржани во заклучоците односно состојбата на стопанството, наменети за земјоделието, ќе бидат уредени со програмата.

ИВАН ИВАНОВ:

Се извинувам што уште еднаш се јавувам, но да кажам дека во принцип го прифаќам ова што беше кажано од министерот, меѓутоа барам во заклучокот, при усвојувањето овој дел што беше кажан да влезе и да има соодветна обврска. Под тој услов прифаќам.

ТОДОСИЈА ПАУНОВ:

Јас ќе се надоврзам на дискусијата на Иван Ивнаов и мислам дека состојбта поради сушата поради сиромаштијата и другите неприлики кои ги има подрачјето на четирите општини Кочани, Виница, Штип Пробиштип со откупот на оризовата арпа, заради тоа што преминавме од договорна на пазарна економија, а немавме таков преоден период во кој повисоки и скапи цени се посеа производството а се жнее поефтини односно по пазарна економија. Сметам дека имаме неправда спрема овие производители и поради тоа што е голем револтот, преку 10 илјади потписници кои бараа решение за оризовата арпа. Не се работи за големи средства, се работи, тоа е мое мислење, некаде за 150 милиони динари, мислам да се изнајдат можности како и на кој начин да се зголеми финансискиот план на стоковните резерви за тој износ, а привременоза пет шест месеци за кое време сметам дека ќе се најде пласман и ќе се ублажи ваква тешката состојба а сега кога исто така е отежната сеидбата на оризот поради високите цени, времето одмакнува, ние одолговлекуваме со други политички и економски проблеми, а многу малце се зафативме за аграрот и така ги оставаме на милост и немилост овие граѓани кои исклучиво живеат од производството на ориз. Ако не треба да се договориме да не се сее ориз. Јас знам дека пазарот никој не може да го менува, меѓутоа во ваква кризна состојба кога дојдоме мислам да го најдеме решението, заради тоа што се раобти за 150 милиона динари, барем да се откупи на оние кои директно се занимаваат со производство на ориз и кои немаат други средства за живот, да се ублажи барем малку состојбата и да може да се заврши пролетната сеидба. Мислам дека извори на такви средства ќе може да се најдат, заради тоа што се минимални, памакар и да се намалат некои други производи што ги има во материјалните резерви.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Јас имам една мала реплика на претходните дискутанти во врска со оризопроизводство.

Само да ги потсетам преходните дискутанти кои беа на оваа говорница.Со не селективната царинска политика на господин Марковиќ се увезени 160 илјади тони ориз со кое нешто за три години е уништено производството на оризот во Македонија.

Цело време се залагаме за политиката на господин Марковиќ, а можеби е нечесно да ја злоупотребам ова говорница,иститe тие пратеници ја поддржуваат таа политика, а сега на некој начин бараме да се направи нешто со оризопроизводството во тој дел на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Веројатно во почетокот на идната недела ке имаме расправа околу политиката на Марковиќ и дали ќе го поддржиме или нема да го подржиме, по тоа прашање ќе се изјасни овој Парламент, затоа што навистина има некои сега што сакат да го оборат и таа политика да ја оборат. Меѓутоа, ние сега разговараме за една друга работа. Разговараме за програмата на нашите републички стокови резерви.

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара).

Предлагам напомените околу оризот, како и предлозите и идеите што беа изнесени во согласност со изјавата на министерот за финансии да бидат присутни во Владата кога ќе ги разгледува можностите надвор од резервите да интервенира, или да врши исправки и измени на програмата во текот на годината. Тоа беше интенцијата и на господин Иванов.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за одобрување на финансискиот план на Дирекцијата за републичките стоковни резерви за 1991 година.

СТОЈАН АНДОВ:

Минуваме на точката 35 - Извештај за работа на Службата за општествено книговодство во Социјалистичка Република Македонија во 1990 година.

Материјалот, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Пратеничката група за општествен надзор и претставки како и Предлог-заклучокот Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на точката 36 - Извештај за работата на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев-Јасмин" во 1989 и 1990 година.

Материјалот, мислењето на Владата на СРМ, и извештајот на Комисијата за општествено—политички систем ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот

Минуваме на точката 37 - Извештај за спроведување на Програмата за развој на информациониот систем на Републиката за периодот од 1987 до 1990 година, во 1990 година.

Материјалот и извештајот на Пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на точката 38 - Извештај за спроведување на Резолуцијата за развој и унапредување на физичката култура во Социјалистичка Рштублика Македонија.

Материјалот и Извештајот на Пратеничката група за прашања од областа на образованието, науката и културата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Димитрије Поповски.

ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Во целост го прифаќам Извештајот на Комисијата што го дава за пратеничката група за образование и култура само неколку збора сакам да кажам во врска со Извештајот за спроведување на резолуцијата за развој на оваа област во нашава Република.

Имено, во извештајот провејуваат многу импозантни бројки, кои не се баш вистинити и точни, се работи за тоа што голем број спортисти се појавуваат, голем број спортски терени,а ситуацијата не е баш сјајна.

Од овие импозантни бројки во овој момент нашата Република на Олимписките игри ќе ја претставуваат 20 спортисти, што е бројка која треба сите да не загрижи имајќи го предвид дека олимписките игри се најголемото натпреварување, а како такви значајни за афирмацијата за секоја држава.

Исто така, имам забелешка во предлог-мерките не е кажано во Извештајот е спомнато дека СобироТ на спортските работници изгради децидирани ставови што се треба да се преземе оваа област да има некаков третман. Во тоа стои, како во заклучните согледувања, точка 2 дека Републичките органи на управата во рамките на своите надлежности треба да се ангажираат за решавањето на барањето од првиот собир на работниците од физичка култура на Македонија, а не е наведено ниедно барање иако тие се доставени многу одамна во тогашниот секретаријат за образование, култура и физичка култура. Секако дека сегашната влада ќе ги има предвид тие барања од каде што произлегува и децидно барање на спортските работници да има посебно министерство за спорт, затоа што оценивме дека е тоа значајна област за афирмација на нашата држава, а поврзано со образованието, кое само за себе претставува голем и тежок проблем, физичката култура и спортот ќе бидат повторно на маргините. За да не го дозволиме тоа ќе се покрене постапка по нормален пат за состав на едно такво Министерство.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Ме потсети господинот Поповски, за Министерството на спортот. Редно ќе биде да го имаме тоа министетство. Да го имаме тоа министерство затоа што Државата Македонија веќе ги има сите гранки на сите спортови и ми се чини тоа минстерство треба да биде одделно од Министерството за просвета.Кога имаме Министерство за култура, обавезно треба да го прифатиме и Министерството за спортот.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Почитувани пратеници материјалот за кој расправаме во моментот, физичката култура во Македонија е мошне значаен кога се има превид дека претставува еден мошне значаен сегмент во развојот на севкупната култура и тн.

Јас ќе се осврнам само на еден сегмент од извештајот во кој станува збор за остварувањето на физичката култура и физичкото воспитание во процесот на воспитанието и образованието т.е. во основното и средното образование.

Во материјалот се наведува дека во текот на 10-годишниот период постојат 135

до 138 часови за физичко воспитување, мегутоа и тој број на сали за физичко воспитување воопшто не е доволен во однос на бројните училишта што ги имаме во основното и средното образование. Според тоа, и оваа култура несоодветно се развива и реализира. Не дека заради тоа отсуствува вистинската општествена одговорност, туку дека тој интерес на некој начин се минимизира и тоа посебно во руралните средини со неоправдана мотивација - што ќе им е на децата физичка култура кога тие секојдневно пешачат по неколку километри. Ова е мото во сите селски средини дека таму не треба сали за физичко воспитување. Практично таму и ги нема со исклучоци.

Немањето на сали за физичко воспитување го доведе во прашање и остварувањето на целите и задачите на физичкото воспитание. Ќе наведам само пример од четврто одделение кој неможе да се остваруваат без сали за физичко воспитание. Тоа се вратила, алки, разбој, јарец, греда и тн. Да не зборувам за наставата по физичко воспитаниево вишите одделенија каде со мали исклучоци наставата по ова култура може да се реализира без соодветни сали. И не без соодветни сали, туку и без соодветна опрема на тие сали. Практично без сали и нивна опрема не може да се реализираат основните претпоставки на физичката култура.

Прво, развој на моторните потенцијали на учениците.

Второ, задоволување биосоцијалните мотиви за движење.

Трето, творечката примена на физичката култура во животот.

Четврто, зајакнување на здравјето и одбранбената способност на учениците.

Имајќи ги предвид овие моменти предлагам Педагошкиот завод на Македонија да изготви анализа за опременоста на основните и средните училишта со сали за физичко воспитание, колку такви сали постојат и колку се тие опремени за оставрување на овие цели и задачи. Во никој случај не ја оспорувам потребата дека нас не ни требаат врвни спортисти, но не треба да се заборава дека низ наставата по физичко воспитание се обединува, образува и воспитува идниот кадар и се масовизира физичката култура. Затоа нужно е тие сали и објекти да се градат рамномерно во сите средини. Ова беше целта што во овој извештај на некој начин нема увид каде се градат отприлика тие се во градски средини, ви за ви распространетоста на мрежата на средните и основните училишта во овој десетогодишен период. Отсуството на салите за физичко воспитание не дава можност да се реализираат програмите во целина па затоа доагаме во ситуација наставниците да ја заведуваат наставата по физичко воспитание дека вршат вежби во сали а практично играат други игри во училницата или надвор и тоа во време кога условите не овозможуваат зимно време не може да се остварат. За да не се лажеме предлагам Педагошкиот завод на Македонија да изготрвува диференцирана програма за реализација на ова настава во услови кога училиштето нема сала за физичко воспитание, туку точно да се знае што ќе работи наставникот, учителот  или професорот по овој предмет

ЈОРДАН БОШКОВ:

Физичката култура и спортот не се само телесно здравје. Првиот дискутант господин Поповски, како јас го толкувам се заложи за Министерство за спорт. Јас исто така би го поддржал неговиот во ситуација кога имаме ние на многу широк фронт една слаба инфраструктура и добро е да се размислува да се градат и спортски објетки, кои чинат финансиски средства но секако се исплативи.

Денес спортот во многу развиените средини е индустриска гранка. Таму многу што се влева. Јас неможам тоа широко да го елаборирам, но ми се чини дека и кај нас едно такво Министерство многу би помогнало.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам да гласаме за Предлогот на заклучокот што е поделен со извештајот.

Молам, кој е за нека крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот

Со оглед на пошироката расправа, која се водеше во врска со оваа точка, а не е

исцрпена со донесувањето на заклучокот, и е во непосредна врска со спроведувањето на резолуцијата и дека во расправата имаше конкретни предлози до владата, еден од нив најјасно формулиран и поддржан од повеќе пратеници е да се основа Министерство за спорт како во повеќе земји што има. Замислите има дури и Швајцарската влада која има вкупно 9 министри. Има министерство за спорт и младина.

Предлагам оваа сугестија да се даде на претседателот на Владата, добро да ја проучи и промисли и ако постојат услови да ја усвои и предложи измена на законот за Владата.

Дали се согласувате со ваква сугестија.

Минуваме на точката 39 - Информација за актуелоните состојби во областа на здравството и здравственото осигурување во Социјалистичка Република Македонија.

Информацијата и извештајот на Комисијата за здравство ви се доставени односно поделени. Исто така, ви е поделена и информацијата за актуелната материјално финансиска состојба во здравството и здравственото осигурување во СРМ.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор

Има збор господин Душан Трпчевски.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Почитувано претседателство, даме и господа

Комисијата за здравство на ова Собрание на седниците одржани на 11 и 15 април оваа година ја разгледа Информацијата за актуелната состојба во областа на здравството и здравственото осигурување во СРМ при што констатира.

Информацијата дава приказ на актуелната материјално-финансиска состојба во здравството и здравственото осигурување во СРМ. Состојбите во областа на здравството и здравственото осигурување во Републиката од ден на ден се повеќе се вложуваат и усложнуват со што се доведува во прашање остварувањето на елеменарните функции на здравствената дејност. Сложените и неповолни услови стопанисување, перманенткото ограничување на средствата за заедничките потреби, што беа и денеска дискутирани, примената на Законот за привремена забрана на располагање со дел од општествените средства во општините Републиката и СИЗ-овите од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година и првото тромесечје од 1991 година, неплаќањето на придонесите за здравствено осигурување како и несоодветната мрежа на здравствените организации, ненамирените средства од одделни организации за здравствено осигурување и друго доведоа до натамошно влошување на економско-финансиската состојба во областа на здравството заради што здравството се наоѓа во изразито критична состојба.

Беше укажано дека според завршните сметки на здравствените организации на самоуправните интересни заедници за 1990 година, вкупните загуби во здравството и здравственото осигурување изнесуваат 476 милиони динари, од тоа загубите во здравствените организации изнесуваат 115 милиони динари, или заедно со непокриените загуби од 1989 година вкупната загуба во здравствените организации достигнува 148 милиони динари, а во самоуправните интересни заедници тие достигнуваат 327 милиони динари. Во однос на 1989 година кога беа искажани вкупните загуби од 84 милиони динари, вкупните загуби во 1990 година се поголеми за 5,6 пати повеќе. Дел од овие загуби некаде околу 150 милиони динари отпаѓа на загубите каде што и здравствените работни организации и СИЗ-овите од општините и должат на РЕПЛЕК Македонија, а да напоменам и тоа дека загубите за лекарства за скопското подрачје, вклучувајќи ги тука и клиниките, потоа Здравствениот дом во Скопје, здравствените болници изнесува некаде околу 73 милиони динари.

Неповолните состојби во стопанството во Републиката што се карактеризираа пред се со повекемесечно задоцнување на исплатата на личните доходи на работниците, примање на загарантиран личен доход, како и исплаќање на личен доход во бонови, натура и на други начини беше укажано дека се доцни и со плаќањето на придонесот од личниот доход за здравствената заштита, намалена е основицата за плаќање, како и придонесот не се пресметува и уплатува.

Проблемот во врска со плаќавето на придонесите за здравствена заштита за

невработените лица, корисниците на основните права од социјалната заштита, учесниците во НОВ, земјоделците и друго, чии износи се многу ниски, односно симболични и кои месечно не се доволни да ја покријат ниту цената на еден лекарски преглед, ниту цената на еден рецепт за лек.

Овде потребно е да истакнеме и уште на два момента, а тоа е дека има еден извесен број на приватни занаетчии кои што се жители на оваа Република, а работат во другите републики во Југославија, кои тие за нивните семејства треба да партиципираат во општествените дејности односно и за здравството. Исто така, загрижува и една појава која што за последниве 10 години е перманентно присутна на нашето подрачје а тоа е да нашите вработени граѓани во странство по однос на конвенции и до ден денес ниеден динар не е стигнат во касите на СИЗ-овите на општините во Македонија, а поготово чии број е доста голем во Западна Македонија. Понатаму, констатиравме и тоа дека кај приватниот сектор и вработените во него, треба да се изврши ревалоризација на придонесите за здравствената заштита, односно нивно изедначување со работниците, како и да се обезбеди целосно нивно опфаќање во системот на здравственото осигурување, ја би рекол и во системот на општествените дејности, односно пријавување, редовно плаќање на придонеси и тн.

Како резултат на тоа Комисијата донесе и свои заклучоци:

1. Собранието на СРМ ја усвои оваа информација за актуелните состојби во областа на здравството и здравственото осигурување на СРМ и притоа констатира дека состојбите во здравството се крајно сложени и критични.

2. За надминување на неповолните состојби во општествените дејности, а особено во здравството, потребно е надлежните органи да понудат трајни решенија за непречено функционирање и финансирање на здравството. Во таа насока Собранието на СРМ ја задолжува Владата на Македонија да изготви и на Собранието да му достави Закон за општествените дејности.

3. Собранието укажува дека е потребно што поитно донесување на закон за здравствена заштита кој ќе обезбеди нов начин на финансирање во оваа дејност, почитувајќи ги пазарните законитости, а истовремено преиспитување на постојната мрежа на здравствени организации, каде што се некаде премногубројни и утврдените права за здравствено осигурување што ќе обезбеди усогласување и развој на дејноста во согласност со материјалните можности на Републиката.

4. Тргнувајќи од материјално-финансиските можности на Републиката, а имајќи ги предвид и крајно неповолните и акутни состојби во здравството...

СТОЈАН АНДОВ:

Господине Трпчевски, нели е тоа поделен извештај. Бидејќи тој е поделен, нема потреба да се чита.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Тоа се заклучоци кои што веќе Комисијата ги усвои.

СТОЈАН АНДОВ:

Пратениците тоа го имаат и нема потреба да се чита

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Така, мислевме дека и констатациите и заклучоците да му бидат презентирани на Собранието и тие да донесат заклучоци во врска со тоа, односно да се отпочне и дискусија дали ќе ги прифатат или не.

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, присуствував на седницата на Заедницата на здравствените установи и во врска со материјалот кој што ни е доставен на денешнава

седница преовладуваше мислење дека терминот "загуби во здравството" не одговара на фактичката состојба барем за поголемиот дел од здравството и здравствените установи кои што добро работат, со години уназад и последниве месеци заострените состојби и резултатите кои што ги гледам повеќе одговараат да се каже дека се работи за недостаток на средства во здравството, отколку за загуби, бидејќи здравството не е производствена дејност па да бележи некои загуби. За тоа толку и не сакам да го замарам Парламентот, туку тоа нека биде повод за едно размислување кое што сигурно дека треба, не само здравствените работници да ги оптоварува туку и пошироко, бидејќи и дејноста е од пошироко општествено значење.

Сакам еден проблем да истакнам пред овој Парламент, бидејќи и димензијата на тој проблем е чинам собраниска, а тоа е проблемот на неколкуте здравствени организации од Република Македонија, кои што побаруваат значителни средства од покраината Косово, заради лекување на голем број пациенти уназад години, а пред се долговите се за 1990 година и месециве кои што изминаа од 1991 година. Нека не ми биде замерено ако не бидам докрај прецизен, но мислам некаде се движат приближно 150 милиони нови динари или 150 илјади милијарди стари динари, што во денешно време таа бројка значи за здравството и не само за здравството, туку и пошироко за Републикава во овој момент не треба да се потенцира. Тука се работи за клиниките на Медицинскиот факултет, Заводот за дијализа и нефрологија во Струга, Болницата Бардовци, Костозглобната болница во Охрид и некои други здравствени установи во Скопје и пограничните реони со Република Србија, бидејќи овој проблем, барем сега ќе се свртам на проблемот на Заводот за нефрологија - Струга, кој што побарува преку 27 илјади стари милјарди, 27 милијони нови, само од Косово побаруваме и од СИЗ-овите на Република Србија за пациенти кои што се лекувале минатата година во Заводот - Струга и мака мачиме, не сакаме да веруваме дека тоа е намерно, не сакаме да веруваме дека е тоа некоја финансиска блокада во склоп на она што го читаме, бидејќи ова е здравство, не е некоја стопанска гранка, поготово за пациентите на дијализа каде што материјалниот трошок е многу голем и треба да се обезбеди претходно со однапред обезбедени средства. Ќе кажам дека нашите долгувања спрема долгувачите се преку 27 милиони динари и ајде сега врзете крај со крај.

Кога го дотакнав овој проблем да кажам дека бевме принудени некои средства да ги побаруваме и по судски пат, меѓутоа се враќаат нашите тужби или некои пресуди, така површно обработени, не занеме каде е седиштето на СИЗ-от, не знаеме жиро сметката и т.н., така што тоа се влече веке скоро една година што се прави.

Обиди се правени на ниво на Републиката преку бившиот Комитет за здравство да се разреши проблемот со состаноци кои што се одржувани во Приштина со поранешниот министер за здравство на Република Србија бидејќи проглемот се издигна на Република, меѓутоа резултатите не беа задоволителни и тој проблем и понатаму се влече, а категоријата на пациенти кои што се лекуваат од покраината Косово во Македонија се од категоријата на итни случаи кои што неможат да се вратат и понатаму се примаат, мада доста да кажам рестриктивно, но може да се врати само болен кој што нема карактер на итност. Според тоа, овие долгови од ден на ден растат легла во суштината на проблемот. По мое мислење ако овие заклучоци ги прифатила Владата таму, претставникот на Владата, овие заклучоци може само Владата би можела нешто да приговара и да и се даваат силни задачи. Ако таа тука ги прифаќа, предлагам да не одиме во понатамошни расправи по нив и предлагам да ги дадеме на изјаснување на Собранието.

Дали се сложувате со овој предлог? (Се сложуваат).

Господата Ајдарага и Абди сакаат да зборуваат. Значи,тоа не им доволно.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Господине претседателе, мораме нешто да кажеме и покрај тоа што не ни е струка, но пратеници сме од тие места, па немаме во Дебар друг пратеник и јас морам и покрај тоа што сум агроном да ги искажам и овие проблеми на здравството што го тиштат во Дебар.

Разговарав со секретарот на СИЗ-от, со вработените на СИЗ-от, со другарите од Центарот, па ќе ги изнесам проблемите кои што ги тиштат.

Состојбата на здравството, иако тука претходно беа напомнати некои проблеми, меѓутоа еден проблем не беше напомнат онака како што треба. Некои

колеги тука го истакнаа, но не е доволно, а тоа е оној најголемиот проблем во врска со наплатата на средствата кои што идат од земјите со кои Југославија има конвенција. Тоа ќе го образложам и подетално. На какви позиции се наоѓа Дебар.

Состојбата на здравството во општината Дебар е многу тешка, како во здравствените организации, така и во СИЗ-от за здравство.

Тешката финансиска состојба произлегува од многу причини и тоа:

Прво, малата стапка на придонесите од личниот доход кој како што е познато се намали од 9 на 7%.

Второ, од слабата акумулативност на стопанството и на нестопанството во општината Дебар.

Трето, од многу ниските лични доходи кои се исплатуваат во стопанството и нестопанството, кои во просек го користат гарантираниот личен доход како основица.

Четврто, големите надоместоци на име боловање и надоместоци надоместоци за бременост, породување, како и патните трошоци за остварување на здравствена заштита надвор од општината.

Петто, лечењето на осигурениците и членовите на нивните семејства кои користат здравствена заштита преку СИЗ-от за вработување, која речиси е бесплатно.

Шесто, примената на општинска стапка-сметка за празнење на придонесите и даноците. Со ваквиот начин на празнење на приходите СИЗ-от за здравство за период јануари-март 1991 година изгуби 14,42% од вкупните остварени приходи, нешто спротивно од она што министерот за финансии тврдеше дека повеќе има добиено здравството. Можеби тоа е на ниво на Републиката, мегутоа на ниво на општина Дебар помалку за 14,42%. Тоа е од вкупните остварени приходи или во вкупниот апсолутен износ помалку 620 милиони динари, кои средства и покрај тоа што се остваруваат преку сметката 843-37 се групираат на сметка 849-315 и оттука по стапка од 42,7% му се враќаат на здравството. Како илустрација може да послужи начинот за исплатата на загарантиран личен доход. Сите тие корисници кои исплатуваат гарантиран личен доход плаќаат само придонес за пензиско и здравствено осигурување, така што придоенесот за здравство покрај тоа што се плаќа на посебна сметка 843-37 се пренесува на општинска собирна сметка, да би потоа по клуч од 42,47% му се враќа на здравството. Како пример може да служи една организација која има илјада работници, на преодна сметка за здравство ќе плати 140 милиони динари, додека здравството ќе добие 59 милиони 780 динари, и разликата процентуално ќе го делат останатите по оние од СИЗ-от за здравство незаслужните и Буџетот. И на истата организација на име боледување и бременост и породување СИЗ-от за здравство ќе му врати 76 милиони динари.

Седмо, за да биде состојбата, она што пред малку кажав уште потешка треба да се спомене пружањето на здравствена заштита на членовите на семејствата чии носители се вработени во западно-европските држави со кои држави Југославија има склучено конвенција.

Во 1990 година СИЗ-от за здравство во Дебар ги задолжи семејствата кои користеле право на здравствена заштита по оваа основа со посебен придонес за здравство према членовите на семејствата, меѓутоа и покрај тешките проблеми во врска со наплатата на овој додатен придонес се откри дека: "Германската каса компјутерски секој месец по 300 до 600 ДМ му пренесува на заедничката каса за здравствена заштита на Југославија придонес за здравствена заштита на семејствата на вработените работници привремено во Германија паушално" и тоа посебно по општини и републики. Но, за жал овие средства се губат некаде по се изгледа во Белград. Ова неслагање е присутно од 1987 година, додека до 1969 година па до 1986 година се одело како што треба.

Треба да се спомне дека на дебарското здравство ова му чини ни помалку ни повеќе туку околу 5 милиони нови динари годишно или за да се разбира поконкретно 25% од вкупните остварени приходи по сите видови на СИЗ за здравство се намалуваат на овој начин. Но, бидејќи овој проблем се провлекува еве четири години СИЗ-от односно здравството за овој период изгубил повеќе од 20 милиони динари, а со тоа се принудва да се воведуваат разни партиципации, се зголемува неликвидноста и на нашиот осиромашен работник, како кажуваат тие му ја дереме кожата која и онака ја нема.

Сакам да укажам посебно на ова прашање дека другарите од Владата треба да му пристапат многу сериозно, затоа што проблемот е многу посериозен, отколку што јас

го истакнав тука, конкретно за Дебар. Ова е посебно за сите места кои што имаат свои работници вработени во странство со кои нашата земја има конвенција. Тоа е посебно за цела Западна Македонија, но не само за Западна Македонија туку и за другите места во Републиката.

СТОЈАН АНДОВ:

Бара збор господинот Фаик Абди.

ФАИК АБДИ:
Не би оперирал со никакви податоци, само би кажал една вистина која што на секого од вас му е позната, а тоа изгледа не сакаме да кажеме некако јавно. Мислам дека треба да оддадеме едно големо признание на сите здравствени работници, докторите по медицина, професорите, медицинските сестри и тие најобичните чувари.
ФАИК АБДИ:

Не би ве оптоварувал со многу податоци, медицинскиот центар работи во многу тешки, бедни и мизерни услови, тоа е огледало и срам на нашата држава. Дали може во ова ново време оваа Влада и ова наше Собрание да изнајдат начини како да се одлепи здравството од таа ситуација односно како граѓаните да бидат подобро услужени, покултурно. Мислам дека треба едно признание заради тоа што, јас имам прошетано доста, а верувам дека и вие сте шетале горе-долу вон Југославија. Интересно со кого сум дошол во допир со здравствени работници и од исток и од запад сите им признаваат на нашите специјалисти-лекари. Ние имаме добри специјалисти, имаме лекарства и од исток и од запад, меѓутоа, состојбите се тешки. Можеби е за смеење оваа работа, меѓутоа, замислете на Медицинскиот факултет сите сакаат таму децата да ги дадат. Зошто, а не е ни платено, па дури и од таа негрижа и слабо стопанисување нормално со години се појавува нешто што не е во ред.

Нека ми опростат, во овој момент здравствените работници, меѓутоа, имам гледано примери каде се вели: морам да одам итно таму и таму на господин доктор му треба 2.000 марки. Значи дојдовме до таа ситуација не сега, олростете но има вистина во ова. Општествено-политичката заедница ниту презела ниту презема на време соодветни мерки не за запирање на таа ситуација, за добро наградување, тие се доктори, еден добар збор на еден доктор дава здравје, а камо ли лек и операција.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Јасно ми е дека трпението е при крај, јас само два збора да кажам. Видете, бидејќи на моите 2 амандмана им помина возот, а едниот е веќе содржан во заклучокот, па јас би го додал уште едниот амандман во заклучокот, а тој би гласел вака: тоа е дополнение на заклучокот број 8. "Во таа смисла, а заради надминување на неповолните состојби во здравството, во второто полугодие до оваа година да се обезбеди порастот на средствата за здравствена заштита да биде во согласност со порастот на општествениот производ и цените на мало заради високото учество во материјалните трошоци во вршењето на оваа дејност".

Ќе бидам краток. Видете, во билансот што е даден во предлог-законот, даден е порастот на средствата за здравствена заштита да биде 10% помалку во однос на порастот на општествениот производ или 13% помалку во однос на порастот на цените на мало. За мене е тоа нелогично. Еве од кои причини. Кај нас 50% од средствата се употребуваат за материјални трошоци. Се поставува прашање ако дојдеме во ситуација, како што доаѓаме, секој ден лекарствата скокаат, секој ден ја валоризираме исплатата на боледувањата према порастот на личните доходи во претпријатијата. Па нелогично е порастот на општествениот производ да не го следи порастот на материјалнитие трошоци во здравството. Од тие причини сметам дека во овој заклучок треба да стои.

Би апелирал до Владата да се донесе побрзо Законот за здравствена заштита оти имавме широка расправа по таа материја затоа што на некој начин ќе се најдат нови механизми во однос на создавање на изворни приходи за здравствена заштита.

Трето, она што беше расправија каде беше речено дека не располагам со аргументи, јас бев во Битола и таму ми е речено дека има недостиг на средства од 5-6

милиони односно постои прелевање во здравствената заштита во другите дејности за 5-6 милиони. До колку ова мое тврдење не е точно нека се подготви информација.

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Предлагам да излеземе и од оваа точка, а при тоа ќе ви обрнам внимание на разни можности кои и инаку постојат. Јас напоменав дека констатациите и заклучоците како се дадени од работните тела се така добро елаборирани што ако ги прифатил претставникот на Владата, ако се согласил со тоа, само добил големи задачи.

Предлагам да гласаме за тој текст, а овие други идеи кои се дадени еве од стенограмот треба да се извадат, да се дадат на Владата како идеи кои се изнесени овде, а не минале на работно тело, бидејќи секој пратеник кој е член на работно тело има право таму се да каже и секој пратеник кој не е член на тоа тело исто така може да појде и да изрази интерес и се да каже што мисли и таму да се вгради или не, затоа што таму има соочувања на разни гледишта. Овде расправите треба да ги рационализираме. Ова е пленарна расправа. Затоа овде се вели дека само ако таму не е прифатено и пратеникот применил постапка каква треба да биде на работното тело не е прифатено, а тој може да дојде со пишан текст каде предлага. Инаку, по секоја точка ќе навлегуваме во расправи кои се невозможни и не ќе можеме да излеземе од оваа расправа. Затоа предлагам, како што ви реков, да гласаме за текстот на заклучоците, извештајот што е содржан во Комисијата, а извештајот има и друг дел да се усвои целиот извештај оној дел што е констатација-констатација а се друго што е заклучок-заклучок. Другите работи што се кажаа да се дадат на Влдата, да се отстапат од стенограмот да оцени како може да ги користи и во која прилика.

Предлогот на заклучокот кој е содржан во извештајот на Комисијата за здравство го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Преминуваме на 40-та точка - Осврт за остварениот развој на пределите ридско-планински подрачја и нивната подготвеност за водење на општонародната одбранбена војна.

Со оглед дека материјалот има ознака на државна тајна ги молам претставниците на оредствата за јакно инФормирање да го имаат тоа предвид при известувањето по оваа точка.

Освртот и извештајот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот е содржан во Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крне рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Преминуваме на 41-та точка - Осврт за организираноста, подготвеноста и функционирањето на цивилната заштита во СРМ со насоки за натамошна доградба и развој во периодот од 1991 до 1995 година.

Бидејќи освртот има строго доверлив карактер, ги молам претставниците на средствата за јавно информирање да го имаат тоа предвид при известувањето по оваа точка.

Освртот и извештајот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам поетоесот.

Предлогот на заклучокот кој е содржан во Извештајот на Комисијата за

внатрешна политика и општонародна одбрана го ставма на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Преминуваме на 42-та точка - Осврт врз резултатите и проблемите во остварувањето на политиката за побрз развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година.

Осврtот, мислењето од Владата на СРМ, Извештајот на Комисијата за економска политика и развој ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Шабан Превала.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано претседателство, почитувани колеги, Околу овој материјал е изнесено и во извештајот на Комисијата за економска политика и развој и во заклучоците.

Мојата намера што излегов тука е да укажам на некои други релевантни моменти што би ни користеле за идното насочување на политиката на републичкиот фонд за поттикнување на побрзиот развој на недоволно развиентие краишта во Македонија.

Пред се би сакал да констатирам дека оваа политика во нашата Република, како што може да произлезе и од самиот извештај се спроведува скоро 20 години и тоа е добро ако се има предвид фактот дека само со усогласен развој можат да се постигнат оптимални резултати во едно подрачје какво што е Македонија со различит степен на развој. Впрочем, таа е политика што се негува во целиот светр, Европа, Југославија. Од тука и постоењето на Сојузниот фонд за поттикнување на развојот на републиките и покраините што помалку се развиени па и на ниво на нашата Република овој наш републички фонд преку кој се поттикнува развојот на одделните краишта на Макеодонија.

Мислам дека оценките и на Владата и на Комисијата се позитивни за дејноста на овој фонд во текот на ова среднорочие што изминува, што измина. Мислам дека за тоа станува збор секоја година на седниците на Собранието на СРМ и всушност во овој извештај се работи за кумулативни резултати, за остварувањето на таа политика.

Во меѓувреме, јас морам да кажам откако Комисијата за економска политика и развој се произнесе по Извештајот и даде соодветни оценки, имавме разговори со министерот за развој и тој се согласи по Извештајот на овој фонд да се расправа на Собранието и Собранието да заземе соодветен став по однос на изнесените проблеми и констастации во самиот извештај.

Јас мислам дека тоа што е изнесено преку некои основни критериуми врз база на кои се поттикнува развојот, а тоа значи општествениот производ, степенот на вработеноста, инвестициите, односно опременоста доволно говорат дека овој фонд спроведувајќи ја зацртната политика партиципирал во остварувањето на посебниот развој на овие краишта некаде околу 14 општини во нашата Република, а со тоа се придонесувало за заокружување на финансиските конструкции за изградување на нови погони, нови претпријатија и т.н.

Радува фактот што таа политика се спроведувала како преку носители на развој во одделните општини така и преку таканаречени дисперзирани капацитети, значи преку одделните системи како што се М.З.Тито, Охис, Макпетрол. Во поглед на инвестиционите зафати се забележува една појава дека во периодот за кој станува збор, значи периодот 1986-1990 година се инвестирало малку со поизразена стапка отколку што била стапката на ниво на Републиката. Резултат на тоа се општествениот производ кој е евидентиран, стапката на вработеност и се друго врзано со остварувањето на зацртаната политика. Меѓутоа, паѓа во очи да се работи за

општествениот производ како едно мерило за вреднување на развојот сепак тој не растел со стапка која била предвидена за ова среднорочие односно побрзо за 20% одколку што била планирана стапката на порастот на ниво на Републиката. Веројатно, тука влијаеле повеќе фактори, по мое мислење сигурно дека и условите во кои се остварувала одредената политика, а и од фактот што не се само средствата на фондот основен извор за остварување на зацртаната политина на развојот. Општествениот производ по општини исто така се одвивал различно. Некои општини успеале, благодарение на остварувањето на оваа политика да излезат од таканаречениот клуб на неразвиени, а некои останале и натаму дека ќе мора и во наредното среднорочје да се води посебна сметка за натамошно поттикнување на нивниот развој. Тука дури има, ако се земе општествениот производ по глава на жител, стагнација па дури и пад на спштествениот производ по глава на жител кај одделни општини што мислам дека треба да загрижува. Тоа особено се однесува за општините Гостивар, Дебар и Кичево, меѓутоа, не е во подобра положба и општината Тетово.

Кај стапката на вработените на 100 жители имаме неповолни движења, додека на ниво на Републиката во 1980 година сме имале 22 вработени на 100 илјади жители, во неразвиените општини таа стапка била скоро за половина помалку односно била 12,9 за да некаде на крајот 1989 година стигнала 15,3 во однос на Републиката кога таа стапка била 24,5. Значи, едно битно заостанување.

СТОЈАН АНДОВ:

Само да укажам дека најголем дел од тие работи се содржани во извештајот. Ако може да не ги прераскажуваат.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Сакав да укажам нешто друго. Сепак, политиката што се остварува преку овој фонд не ги дава очекуваните резултати особено на планот на вработувањето каде што тие капацитети фактички што се градат би имале цел да го искористат човечкиот ресурс, што е карактеристичен проблем за нашата Република. Од тука и размислувањето овој фонд и покрај тоа што придонесува за остварувањето на политиката на побрз развој на недоволно развиените подрачја има потреба своето внимание, својата активност во наредниот период се разбира заедно со соодветните општини, да ги насочи кон отворање на погони или поттикнување на носителите на стопанската активност во соодветните подрачја со цел искористување на човекиот потенцијал кој што стои на располагање и би рекол тука да не се прескокнуваат некои села со некој поголем број население, особено со цел за вработување на женската работна сила, зашто впрочем, само така ќе се оствари улогата на средствата на овој фонд со кој би се решиле и економски и социјални, па би рекол и демографски проблеми со кои што тука се соочуваме. Мораме да кажеме дека политиката на вработување игра важна улога на решавање на овој проблем. Само така нема да расправаме дека во Западна Македонија имаме проблем со инвазијата демографска или со демографската експлозија, што мислам дека е тоа комплексен проблем и така треба да го гледаме. Одлуката мислам може да биде значајна за поголем опфат невработени особено со женска работна сила со цел колку толку да ги амортизираме проблемите и на социјален план.

ГОЦЕ ПЕТРЕСКИ:

Г-дине претседателе јас ќе земам збор во лично мое име.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие сте поканет како министер.

ГОЦЕ ПЕТРЕСКИ:

Заради тоа ќе зборувам во лично има бидејќи имам професионална обврска

према материјата која денес ја гледаме.

СТОЈАН АНДОВ

Вас ќе ве примат овде како министер, ништо друго.

ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ:

Тогаш ке зборувам во двете својства. Чувствувам сериозна професионална обврска да се изјаснам по овој материјал и ќе бидам малку поконкретен од г-динот Превала.Имено ќе тргнам со технички показатели кои се директно поврзани. Стапката на пораст на Македонија во 1987 година е -1,3. Стапката на пораст на општествениот производ во 1988 година е -3,2. Стапката на пораст во 1989 година е 1,9 вкупната 1986 - 1989 година е 1,0 тоа е стапка која збирно се однесува кој е предмет на разгледување. Стапката на вработеност е 1% од која 0,9% за општествениот сектор 2,2% во приватниот сектор. Ако ги гледаме материјалите ќе се види дека порастот на вработеноста по години е во 1988 година 163 нови работни места во 1989 година 265 нови работни места. Кому да му се препише оваа вработеност. Дали на средствата од фондот, дали на средствата од другиот фонд, дали на другите претпријатија кој работат во општествениот фонд а не се финансирани од фондот, дали на приватниот сектор, дали на земјоделството, дали на стопанството. Преку статистичко малтретирање техничко на овие бројки добиени се во разни процеси и сака да се докаже повисок раст во определени општества. Растот е евидентен. Македонското стопанство заостанува зад просечниот растеж во последниве 30 години. Еден биден недостаток на овој материјал е што нема никакви директрни податоци за економската ефикасност на употребените средства. Постои замена на тезата, економскиот растеж кој не е на разгледвување на фондот ниту финансирање на се зема како индикатор на неразвиените подрачја ан Македонија. Нема ниеден технички параметар за ефикасноста за средствата кои се финансирани од фондот. Дали вработноста во тие објекти постои, дали тие објекти работат, дали постојат активирани, дали тие произведуваат загуба итн. Сметам дека централна содржина на овој извештај треба да биде тој елемент а не општиот економски растеж. Во времето во кое живееме не треба да употребуваме политички аргументи, рационалната употреба на секој динар е клучна претпоставка за било каков потез за извлекување од економската неповолна ситуација. Нема да зборувам дека освртот е временски застарен, бидејќи не опфака работи кои во мегувреме се изменија Секнаа средствата од фондот за развој на југословенско ниво, се намалува приливот на средства од македонското стопанство, се комплицира извојувањето на средства, па се поставува прашања на теоретска работа сега, дали е потребно да се одземаат средствата и да се врши редистрибуција од едни субјекти да се даваат на други субјекти, ако не постојат никакви теоретски докази дека нивната економска ефиаксност е поголема.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Не мислев да се изјаснувам иако бев спремен, но истапот на новиот министер за развој нешто ја менува состојбата, па затоа чувствувам потреба и јас да се изјаснам, бидејки доаѓам од општина која е неразвиена и имаше таков статус во целиот развоен период.

Сакам да истакнам дека во целост ги поддржувам и извештајот и заклучоците од Комисијата за економски развој, а инаку како неразвиена општина, општината Ресен била предмет на посебно интересирање на Републиката како таква, а посебно особено на Фондот за неразвиени и преку неколку консултации сакам да кажам дека се постигнати доста солидни резултати и новите сознанија укажуваат дека општината Ресен веќе излегува од кругот на неразвиени општини. Во изминатиот период преку средствата на овој фонд отворен е интензивен процес на индустријализација на стопанството во општината, да се обезбеди зголемување на вработеноста во општествениот сектор, што беше основа за нешто подоцна да се отвори процесот на остокување и врз таа основа и интензивирање на земјоделското производство со ориентација кон јаболково производство, како предност на општината. Не велам

компаративна, бидејќи новата Влада не признава компаративни предности.

Со користење на средства од пошироката заедница, особено од Фондот што е најважно секој се ангажирано и во заедница со средствата од месното население, неможат да функционираат без заеднички средства, отворен е еден процес на обезбедување на поволни услови на живеење на село, преку модернизација на патната мрежа, подобрување на степенот на електрификација, доведување на здрава вода за пиење, водоснабдување, наводнување на земјоделски површини, како и отварање на процесот на телефоникација, развој на здравствената служба низ отворање на пунктови на село и слични други активности. Она што во општината Ресен, а посебно низ разни елаборати преку програмата на стопанската комора е значајна и што чувствувам дека треба да го подвлечам тоа е во ова пригода извонредната соработка што е воспоставена со републичкиот фонд и неговите стручни служби од една страна, и соодветните органи и служби на правните лица и на органите на општината Ресен воспоставување на задачите, односно во реализација на меѓусебните преземени обврски.

Почитувани пратеници, истакнувајќи ги неколку моменти од досегашното работење на републичкиот фонд, од аспект на резултатите што се од остварени во општината би сакал вашето внимание да го свртам уште на еден момент. Во оваа и во наредната година кога предмет на нашиот интерес ќе биде развиената политика, ќе се залагам статусот на оваа општина да биде еднаков што таа го имаше досега, или во најмала рака во една форма што би била преодна во поглед на нејзиниот натамошен третман, така што во обем што ќе го утврдат мериторните анализи и ќе ја уживаат поддршката на републиката на овој фонд, ова посебно сакам да го нагласам од аспект на зголемениот интерес на општината за побрзиот развој на комполексното подрачје, мислам дека кога ќе имаме понатамошни треба да имаме модофицирани форми пред се на долна преспа, мислам дека тука може да се уврсти и погрнаничјниот појас према Грција и Албанија, што значи, за македонците кои се наоѓаат надвор од Македонија за зачувување на тој етнички простор, што ни покажуваат и новите доаѓања од страна на Албанија, а за чие информирање мислам од страна на претседателот и од надлежниот министер кој е на оперативната група Јане Милевски, на наредната седница мислам дека сите пратници ќе бидеме информирани, што е преземено и што треба да се преземе за тие Македонци кои се наоѓаат во Преспа. Мислам да истакнам дека значењето на овој Фонд, особено и во развојот на погрничните подрачја и од овој аспект досега имал, а и сега се покажува колкаво е значењето и колкаво треба да биде значењето.

САНДРЕ ДАВЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе кажам дека овие заклучоци од Комисијата ги одобрувам, но ќе се залагам за промена на критериумите за развиени и неразвиени општини, бидејќи досега Штип се третираше како развиена општина врз база на вработувањето, а фактички таа беше неразвиена и неможеше да користи такви средства да излезе од таа криза. Затоа сметам дека треба да влезе во заклучоците да се поставаат нови критериуми за развиеност и неразвиеност на општините. Што се однесува за коментарот на министерот за развој, мислам дека очекуваме не анализи туку идни чекори што ке придонесат за поголем развој на нашата општина.

БРАНКО БЛАЖЕСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас потекнувам од најнеразвиената општина и читајки го материјалот од досегашното работење на фондот мислам дека сме најзадоволни од она што е сторено на територијата на нашата општина Македонски Брод. Постоењето на овој фонд би требало да значи и понатаму излез на развојот на недоволно развиените општини, поготово кога од овој фонд се вложуваат и средства, покрај за стопанскиот развој и за инфраструктурите каде што постојното стопанство нема доволно акумулации на средства. Имено, неможеме да бидеме задоволни од корисниците на средствата на овој фонд преку дисперизираните погони, а поготово сега во овој момент кога се наоѓаме во некое преструктуирање на стопанските субјекти, затоа што наша оценка е и став е и на Собранието на општината

дека дел од стопанските субјекти од поразвиените општини, користејќи средства од овој фонд, место да ги развиваат неразвиените, се развиваат самите себе. Тоа е една работа.

Втора работа во преструктуирањето сега не се изнаоѓаат решенија, дислоцираните погони се оставаат божем во некои нови претпријатија без да им се каже што се тие средства, а ако погледаме и во начинот на користување на средствата, јас со сигурност тврдам дека дел од опремата која е вложена во развиените општини,а постарата опрема во неразвиените а тоа може и да се провери, меѓутоа загрижува фактот и онака најнеразвиени подрачја со преструктуирањето, со пререгистрација на претпријатијата оставајќи ги сами на себе, технологаки незаопкружени, кадрово неопремени, се поставува прашањето дали тие невработени што ги наоѓаме на улица пред Собрание, јас мислам дека новата Влада треба да преземе мерки за тоа и да ги задолжи корисниците на средствата од фондот да изнајдат решенија, барем ние како Република ако се наоѓаме во некој преоден период, да понудат преодни решенија од 6,9 или година дена да се заокружи тој процес на тој погон и да може да изнајде опстанок сам за себе.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, нема да имаме многу фајде дали да го прифатиме или нема да го прифатиме Извештајот. Јас мислам и да го прифатиме и да не го прифатиме фајде нема да имаме, но да го прифатиме. Јас сум преставник на регионот од Мариово, од трите дела од Мариово, Битолскиот крај, Прилепскиот и Кавадаречкиот, каде што имавме своевремено развиено сточарство, со овци, со кози со крупен добиток, а сега за жал можеме да констатираме во Прилепскиот дел на Мариово со околу само 400 жители таму и останаа сите тие ресурси неискористени, поготово имаме слободни пасишта. Да не зборуваме, тоа се знае вината ја сноси комунистичкиот систем што го имавме досега (бурна реакција). Ако погледнеме од тунелот од Богомила да тргнеме кон Селечка Планина, по ридско-планинските места, да трнеме со Суводол, ќе видиме нема ни едно село каде што има повеке од 20 до 30 жители. Останати се само старци. Сите тие села беа со развиено сточарство до пред 20-30 години, а сега немаме ниту развиено сточарство, ниту развиено земјоделство. Можеби за некој преставува бурна реакција, но ова е очигледно. Затоа во потполнсот се согласувам со излагањето на г-дин министер, но апелирам понатаму да не се случува само на хартија да донесуваме заклучоци и за развој на недоволно развиените погранични места, како што беше досега, да напоменам ништо не бараат тие луѓе што ја чуваат границата. Едно осветлување да може да им се обезбеди и едно парче леб, бидејки сите се тие земјоделци немаат никаква егзистенција за живот. И уште еднаш еден апел до новата Влада да се направи нешто понатаму бидејки навистина селата се испустени како што кажав пред неколку дена. Да се изврши повторна ревитализација на селата, бидејки селата ги градеа градовите, но сега да се создадат обратни услови да му се оддолжиме и на селото со тоа на некој начин се оддолжи за овие 40 години кон ова опште, што го имавме, што го градевме.

СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:(Продолжение)

.......од неразвиената општина Крива Паланка од одржаниот состанок со директорите кои имале прилика да го користат Фондот да искажат дека од досегашните инвестиции ниедна инвестиција не била промашена. Изразуваат голема благодарност и се надеваат дека и понатаму Фондот добро ќе работи.

ФАИК АБДИ:

Мислам дека дами и господо не треба овде агресивно да настапуваме и да окривуваме некој си систем комунистички или не знам кој, ако нашите села се празни. Скопје има 650 илјади жители од каде дојдоа тие. Секој сакаше да биде граѓанин итн. И така настанаа сите општини, но едно е битно ние да му речеме на нашиот фонд ФНП и да му изречеме критики, тоа значи критики на самите себеси заради нашата неефикасност заради одредени политички фабрики, заради одредени фабрики кои што имаат перфектни хали кои празни стојат никој не работи, неорганизирано,

дезорганизирано итн. Она што претставникот од Македонски Брод зборува овде, тоа е неефчкасност, тоа е незалагање. Некоја поголема фабрика, јас нeќна ја спомнав заради добивање пари од ФНП или не знам од каде старите машини таму, а се новото овде во Скопте е. Такво нешто има присутно, но еве нашите општини нека се ангажираат и сигурно успехот нема да изостане и предлагам точно што рече колегата пред малку и да го усвоиме и да не го усвоиме ова помина. Точно е дека помина, меѓутоа, ние не мислиме да се растуриме утре доаѓаат нови средства имаме и денес нови средства кои што не се распоредени. Ве молам, може ли сето тоа да биде во согласност со сето она што денеска е роботизација, компјутеризација, ефикасност во однесување инт. Тие мерила да бидат земени во предвид. Да се има во вид нова технологија да не се доведе стара технологија. Нека не се излаже некој. Како така потпаѓаат под влијание раководители, директори, да не гиречам директоришта нема смисла. Значи се зависи од вас од општините и прашање е дали Скопје како главен град на СР Македонија и општините на Скопје, дали се развиени? Јас тврдам дека има една општина во Скопје која воопшто не е развиена. На тоа нашата Влада малку повеќе да размисли, општината Чаир..

СТОЈАН АНДОВ:

Барате реплика. Мораме репликите да ги уредиме малку поинаку со Деловникот.

ЈОВАНОВ РИСТО:

Господине претседателе протестирам против Вас.

Воопшто не се придржуваме према Деловникот. Овде некој зема збор по десет пати. Испаѓа дека господинот Фаик Абди е претседател, а не вие. Испаѓа дека тој е стручњак за сите области. Ве молам оваа говорница да ја употребиме, да кажеме една добра реченица. Испаѓа дека цел ден денеска протестира и кажува Австралија, Америка, Канада, децата сирење и леб. Ве молам, да работиме по Деловник дали една минута или две. Во почетокот на конституирањето на Собранието, господинот Петар Гошев рече да определиме една минута, две, три, пет минути, колку ќе се задржиме. Еве веќе 12 саата концентрацијата попушти, а ние донесуваме само некој закони. Ако сето ова е крај, да кажеме дека е крај и да ја продолжиме седницата за утре, бидејќи пратениците се по ходниците.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, Вие со реплики ќе се редите, меѓутоа ние сите овде сме дојдени по една работа и мора да ја тераме работата. Господинот Јованов не зборува за освртот, зборува за прашања на кои местото не им е сега да се зборува, а право да ви кажам најмногу гледам да држам до деловникот, меѓутоа, немам право на некого да не му дадам збор, кога бара збор, а друга работа да го опоменам ако бара збор а веќе на друг сум му дал збор, а тој натрчува тоа не е во ред на тие работи треба да се внимава. Кога со деловникот ќе ставиме ограничување, тогаш ќе има ограничуване. Има пуѓе се уште не кажале се што имаат да кажат, ќе кажат, има време. Пратениците имаат внатрешна потреба да кажат, а тоа право им е дадено од оние што гласале. Јас тоа не можам овде да им го скратувам. Секој што оценува дека по материјалот што е по дневен ред и има што да каже на секого му давам збор. Како можам да оценувам сега однапред кој за што ќе зборува. Дали некој ќе зборува за сирење или за леб. Така да интервенцијата на господин Јованов сега не можам да ја прифатам.

Господин Абди, сега пак бара реплика. Кон тоа водат Вашите реплики од почеток. Реплика во Парламентите во кој се уредени право на реплика се има ако од претходниот говорник е лично споменат било кој овде пратеник. Само во тој случај има право на реплика. А овде вие секогаш барате реплика по се. Бидејќи во нашиот деловник не е тоа добро подесено јас морам затоа да ви дадам сега збор.

ФАИК АБДИ:

Дами и господо, опростете што се јавувам често  иако забележите дека

зборувам неточни работи, јас ве молам можете вие да ме прекинете, но ако претходниот дискутант сакаше да ми врати мило за она "чичко Киро" мислам дека не успеа. Не треба така да се зборува. Ако се работи за Фондот за неразвиени подрачја верувајте ми лично се знам со директорот на Фондот и многу години соработувавме за многу работи, верувајте дека знам доста работи. Јас не се ставам над вашите интереси, над интересите на овој Парламент. Ако јас кажав некоја работа од областа на стопанството, јас верувам по мое осознавање можеби не вредам ништо, но можам со секој економиста паралелно да седнам да разговараме за економијата за оваа наша економија, ако лично како Фаик сметам, нека, и понатаму така ќе им сметам како Фаик, ако мисли некој така.

СТОЈАН АНШВ:

Ве молам, ако забележавте и по неколку точки истата опомена Ви ја давам. Не, овде лично не верувам дека господин Јованов има замерка токму на Фаик Абди, туку почнува испцрпеност кај сите, му се повторуваат некој говорници и затоа така е. Така да тука нема ништо злонамерно ни од едниот ни од другиот и не треба така да се свати. Меѓутоа, затоа господо пратеници, Ви укажувам на правата што ги имате што се да кажете на работните тела. Таму треба да се води суштинската материјална расправа и ние навистина сме нов Парламент но нашите 100 дена ги минавме и треба овде да одиме по она што ни е дадено. Овде освртот беше а има и предлог на заклучоци, и по тоа само да се дискутира да не прераскажуваме што има во освртот кој што во овие 3-4 години што е зафатен со Извештајот имал или забележал во својата општина итн. Тоа е најубаво така, значи во работните тела да се кажат тие работи, а овде треба да се зборува за извештаите на работните тела по материјалот. Тоа не се однесува само на Абди тоа се однесува на сите Вас. Така да се разбереме, бидејќи сакате и држење на нивото на Парламентот. Тоа треба да се почитува.

СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА:

Го поддржувам и натаму Фондот или пак и натаму како ќе се вика за поттикнување за развој на неразвиените подрачја, тоа е едно, и второ, бидејќи нема регулатива престана со важност општествениот договор кој ја регулираше оваа област од 1985 до 1990 година, нужно е да се донесе нова регулатива која што ќе значи поттикнување на недоволно развиените подрачја. Сметам дека треба да се направи едно целосно согледување за сите Општини за да се оцени дали одредени општини треба да поминат од неразвиени во развиени или обратно.

Го поддржувам заклучокот од Комисијата за развој кој што гласи дека треба да се преиспитаат критериумите за степенот на неразвиените подрачја.

МИЦЕВСКИ ТРАЈАН:

Почитуван претседателе, дами и господо.

Јас прво треба да се обратам кон сите пратеници, да бидеме малку парламентарни и да бидеме сите во интерес на времето и дискусиите да бидат усмерени токму на тоа.

Во врска со овој Извештај предлагам за недоволно развиените подрачја особено за Мариово предлагам во идните програми следното. Да се внесе или се донесе Закон за враќање на подарената земја која беа принудени на незнам и кој начин дали од аспект на непродуктивност или од поголеми даноци, од кои причини не знам, беа принудени тие да ја поклонат земјата на државата. Во тие села сега таа земја нити ја работи некоја стопанска организација ниту оние што ја поклонија со затоа што законот сега веќе не се сопственици, а има барање од нив во оние места каде што земјата не е поделена на некоја стопанска организација и стои така необработена бараат да им се врати и се пројавени желби истите да ја обработуваат.

Второ, во Програмата да се внесе за развој на сточарството мини сточарски фарми, изградба на мали земјени брани со кои ќе му се овозможи да може да се развива малото стопанство.

Враќање на оние стопански дејности што беа лоцирани на реонот на Мариово, како што беше пиланата, која што не знам по кој причини е преселена во Битола, така

да таа само ја загадува Битола со отпадоците, бичењето наместо тоа да останеше таму во планината а од таму ќе идеше само финален производ и ќе го држеше населението на тие работни места и во тие села да не се иселува.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот на заклучокот кој е содржан во Извештајот на Комисијата за економска политика и развој го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Благодарам.

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот* Притоа укажувам дека учеството на господин Петревски, министерот за развој овде во врска со овој осврт има посебно значење. Тој најави еден нов период на оценка и на компонирање на една нова политика и инструмент на решавање на ова прашање. Тоа му припаѓа нему како министер на ресорот. И ние му се обраќаме со еден апел бидејќи сега и петогодиштето се менува, едно петогодиште и инструментите веќе се ицрпени, сега почнува ново да го разработи целиот тој комплекс, неговото министерство преку Владата да дојде овде со Предлог на решенија

Се сложуваме ли со таква сугестија? (Пратениците се согласија)

Благодарам.

Минуваме на 43-та точка - Информација за резултатите и проблемите во остварувањето на Акционата програма за побрз развој на определени ридско-планински реони и пограничниот појас во Републиката за периодот од 1986 до 1990 година.

Информацијата, Мислењето од Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за економска политика и развој и Предлог-заклучокот Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, притоа напоменувам еден најголем дел од учесниците во расправата по претходната точка веќе зборуваа за проблеми кои се содржани во оваа информација.

Молам, кој бара збор? (Никој). Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака.(Пратениците креваат рака).

Благодарам.

Дали има некој против? (Нема).

Дали кекој се воздржува од гласање. (еден)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на 44-та точка - Избор на член на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Ве молам, Службите да ми укажат колку има присутни пратеници и дали постои ризик и сега да не избереме член на Делегацијата.

Последното броење укажа дека во салата се 78 пратеници и 10-тина се надвор од салата, значи негде под 90. Бидејќи изборот бара да се присутни 61, но без оглед колку се присутни мислам оти на кандидатот кој е сега предложен му се намалуваат шансите заради тоа што нема присутни ни 90 пратеници.

Дали смееме да си дозволиме таков ризик и уште еднаш да не избереме член на Делегацијата, или изборот да го одложиме за првата наредна седница и да го ставиме прва или втора точка, кога се сите пратеници овде.

Дали се согласувате со ваков предлог? (Се согласуваат).

Ако се согласувате со овој предлог заради бројноста односно заради тоа што има недоволно присутни, а не заради некоја друга околност, тогаш еве да заклучам дека 44-та точка е одложена за првата наредна седница.

Минуваме на 45-та точка - Предлог на одлука за разрешување судија на Општинскиот суд во Кочани.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Благодарам.
Дали има некој против? (Никој).
Дали некој се воздржува? (Никој).
Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за резрешување од должноста судија на Општинскиот суд во Кочани.
Минуваме на 46-та точка - Предлог на одлука за разрешување на судија на Општинскиот суд Скопје II - Скопје.
Предлогот на одлуката Ви е доставен. Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Молам, кој е за Предлогот на одлуката да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Благодарам.
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување од должноста судија на Општинскиот суд Скопје II - Скопје.
Минуваме на 47- та точка - Предлог на одлука за именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници. Предлогот на одлуката Ви е доставен. отворам претрес.
Молам, кој бара збор? Има збор Џафери Неџати.

ЏАФЕРИ НЕЏАТИ:

Бидејќи 47-та и 48-та точка се за Предлог на одлуката за избор на претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници, а веднаш 48-та точка исто така е предлог на Одлука за разрешување и именување на заменик на претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници, бидејќи граѓаните на Македонија се од православен вероисповест и исламска вероисповест, јас имам мислење дека претседателот на оваа Комисија би требало да биде од православната вероисповест, а потпретседателот од исламската вероисповест. Па во врска со тоа прифаќам претседател да биде господинот Блаже Ристовски, а за потпретседал имам предлог...

СТОЈАН АНДОВ:

Предлогот ќе го кажете кога ќе дојде на дневен ред. Господинот Цафери зборуваше за предлог кој се однесува на следната точка, а нема забелешки по Предлогот на оваа првата точка.
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Ако не бара никој, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Благодарам.
Дали некој друг бара збор? (Никој)
Го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (никој).
Дали некој се воздржува од гласањето (1 пратеник).

Според овие резултати од гласањето, констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Минуваме на точката 48. Предлог на одлука за разрешување и именување заменик на претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Напоменувам дека господинот Џафери веќе учествуваше во тој претрес.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Прво е предлог да не биде граѓанин од православниот дел на населението на Македонија, туку да  биде од муслиманскиот дел .

Кој бара збор?

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Предлогот за заменик на претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници што го има дадено Комисијата, ние остануваме при тој предлог кој што е доставен во писмена форма. До колку тој предлог не се прифати, може да се размислува за друго решение.

Јас сметам дека во однос на предлогот треба да се изјасниме, а доколку не се усвои во натамошната постапка можеме да се определуваме за друго решение.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, овде ние имаме предлог да не се прифати овој предлог, за да може да се истакне друг кандидат кој е од исламската вероисповед. Тоа е ставот на господинот Џафери. Значи овој предлог за именување, за разрешување се сложува да се разреши сегашниот потпретседател но тој предлага кандидатот кој е овде предложен за потпретседател да не се избере. Наместо него тој ќе предложи друг кој ќе го дадеме овде на гласање, т.е. тој ќе го даде на Комисијата за  избори и именувања, па тој после ќе види дали ќе го предложи и овој. Постапката ќе се повтори. Така е по Деловникот. Во овој случај тој предлага предлогот на Комисијата да не се прифати. Тоа е суштината.

Да гласаме прво вака, ако е тоа во иста одлука, содржи две решенија, прво за разрешување на сегашниот потпретседател.?

Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против. (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Предлогот е таков да на едното нема забелешки господин Џафери, а на другото има забелешки. И ние треба да му овозможиме демок-ратски одговор на Собранието, на предлогот што го даде господин Џафери.

Констатирам дека овој дел од одлуката за разрешување на досегашниот потпретседател на Комисијата за верски прашања, заменик е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот на господинот Џафери кој предлага да не се усвои предлогот на Комисијата за избори и именувања. По Деловникот неговиот предлог има предност.

Кој е за тој предлог молам да крене рака. (21)

Кој е против предлогот на господин Џафери? (38)

Дали има воздржани? (8)

Во секој случај предлогот на господинот Џафери не е прифатен.

Го ставам на гласање предлогот на Комисијата.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (57)

Кој е против предлогот од Комисијата? (14)

Дали има воздржани во однос на предлогот на Комисијата? (3)

Со 57 гласа од присутните имаме мнозинство, затоа што 88 пратеници се присутни на седницата.

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување заменик на претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Колку сум информиран предлозите на господинот Џафери воопшто не се

дискутиран во Комисијата за избори и именувања. Имате право во секоја Комисија да седнете и да кажете што мислите, немате право да гласате ако не сте член на Комисијата, меѓутоа имате право да кажете таму што мислите.

Минуваме на точката 49.

Предлог на одлука за именување на директор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Иако има писмен материјал со доволно образложение, морам да појаснам за да не настанат разидувања во однос на гласањето. Се предлага за директор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта досегашниот директор д-р Наумче Белковски. Во однос на овој предлог ние имавме писмен предлог со образложение од Републичкиот фонд, позитивно мислење од Стопанска комора на Македонија, посебни позитивни мислења од општина Делчево, од општина Струга и во писмена форма од општина Ресен. Сметаме дека овој предлог е издржан, а исто така од досегашната дискусија постои што позитивно искуство во соработката со овој фонд, значи дека ќе со нови програми-анализи, студии во натамошниот период се постигнат позитивни резултати, продуктивни инвестиции и слично. Сметам дека треба да се поддржи предлогот од Комисијата за изборот на директор, на постојниот директор на овој фонд.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Очигледно самите стапуваме во контрадикција. Досега го критикуваме развојот за недоволно развиени подрачја и сега истите личности пак продолжуваме да ги избираме. Од една страна досега го критикуваме не е добро, па од друга страна сега контрадикторно, дека е добар, подршка од општините. Значи нас ништо не не менува, само продолжуваме со монистичкиот систем. И понатаму продолжуваме со истата песна, само влакното најверојатно го менуваме, а ќудта не сакаме да ја менуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Гледате како е убаво кога човек има искуство со монистичкиот систем.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

На Комисијата за избори и именувања кога се расправаше по оваа точка јас дадов предлог кој што не помина. Би сакал ако може тој предлог да биде ставен на гласање пред Републичкиот парламент. Падна предлог од еден од пратениците во Комисијата за избори и именувања дека во овој фонд треба да бидат вклучени пратеничкиот состав во раководството на овој финд. Мој предлог беше еден пратеник од тука да биде претседател на фондот, конретно Темелковски Петар од Битола. Сега оставам на вас, ако дозволи претседателот на Парламентот да се изјасните.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Колегата Пановски ги помешал датите на состанокот. На овој состанок воопшто не присуствуваше, а тоа беше прашање за претседател на Управниот одбор на фондот каде што даде одреден предлог, па го напушти состанокот, не даде ниту образложение. Се работи за друг избор и за друг состанок каде што беше присутен.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи не е за оваа одлука предлогот на грсподинот Пановски. Се работи за некој друг избор. Тоа се две различни работи. Ве молам кога ќе дојде тоа, тогаш ќе видиме што било и како било.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (7)

Дали некој се воздржува од гласање (5).

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување директор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.

Минуваме на точката 50.

Предлог на одлука за давање согласност на одлуката на советот на институтот за фолклор "Марко Цепенко" во Скопје за именување директор на институтот.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор (никој )

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? Пратениците креваат рака.

Дали има некој против (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање (4 пратеника)

Според овие резултати од гласањето , констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на Иститутот за фолклор "Марко Цепенко" во Скопје за именување директор на Институтот.

Минуваме на точка 51

Предлог на одлука за избор на членови на советот на службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставан на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, Молам да крене рака.(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Советот на службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија.

Минуваме на точка 52

Предлог-одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во:

Советот на заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" Скопје..

- Советот на виша медицинска школа.
- Советот на заводот за рехабилитација на деца и младинци Скопје
- Советот на шумарскиот факултет - Скопје
- Советот на архитектонскиот факултет во Скопје
- Советот на заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух "Кочо Рацин" Битола.
- Советот на центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита "Елисије Поповски- Марко" - Скопје и
- Советот на работната организација рафинерија на нафта "Скопје" - Скопје

Предлозите на одлуките ви се доставени

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Во врска со предлог одлуките за разрешување и именување петставници во некои организации од посебен интерес на републиката сакам да го истакнам следното:

Многу е погрешна консттацијата дека албанската националност во Републиката ги бојкотира законите, уставот односно функционирањето на правната држава како што беше изнесено на завчерашната седица на собрнаието па и на некои претходни седници. Имено и покрај нашата желба да се вклучиме во општествено економскиот и политичкиот живот во Републиката, одредени кругови оваа исклучителна потреба ја блокираат. Всушност како може да се објасни фактот дека во периодот од ослободувањето до денес во Републичкиот завод за статистика на раководни мест а и во други институции да не се вработат лица од албанската, турската и ромската националност. Нормално е дека при ваквата состојба овие националности покажуваат не поверение во се она што е резултат на оваа значајна установа. Во врска со ова само по себе произлегува констатацијата дека албанската националност не ги бојкотира правните норми во Републиката туку таа многу одамна е бојкотирана од истата. Ваков е случајов и со споменатите предлог одлуки на оваа точка од дневниот ред.

Од вкупно предложени 23 предложени лица за претставници во некои организации од интерес на републиката, само еден од албанската националност. Веднаш се поставува прашањето каде е рамноправното застапување на националностите кога се има предвид дека секојдневно се колнеме во рамноправноста и дека сите националности што живеат во републиката се целосно рамноправни. Слична е и состојбата со изборот на членовите за конкурсни комисии каде од 18 предложени е само уважениот колега Фаик Абди.

На крајот само би додал да се има предвид односно да се запази составот на предложените членови.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Прво да укажам дека ова прашање не е на дневен ред, тоа е кадровско прашање, за понатамошен и досегашен период.

Друго стручна кадровска евиденција води сектор за кадри при Владата на Македонија. Ние таму се обраќаме за секое делегирање избор или слично и на основа на тоа вршиме избор. Од тие понуди што ги имавме само Мерсан Положани беше на две места па така што ние правиме избор од тие лица што ни се понудени. Ние само постапката за избор и именување ја спроведуваме и даваме согласност.

СТОЈАН АНДОВ:

Забелешката што ја изнесе Таири е од начелен карактер и бидејќи не се однесува ни на еден поединец од овде предложените, тогаш поаѓаме од тоа дека тој нема забелешка ни на еден предлог, а начелната забелешка ја упатуваме до Комисијата за избор и именување. Таа со писмо ќе се обрати до Владата и во понатамошната работа да се води сметка за таа забелешка.

Дали господинот Таири се согласува со предлогот што го дадов. (Се согласува)

ДУШКО ЃОРГЕСКИ:

Јас исто така како и претходниот дискутант немам забелешка на членовите и во советот и во конкурсната комисија. Меѓутоа имам една начелна забелешка на работата на Комисијата за избор и именување а тоа е сепак да се почитува паритетната застапеност на пратениците во овој Парламент и да се води сметка на застапеност од сите партии односно кандидирање и предлагање на членови на Комисии или во совети на одделни оргнани и организации.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Имам едно прашање до Комисијата.

Зошто е ставен член во Советот од рафинерија за нафта-Скопје? Дали се работи за акционерско друштво, јавно претпријатие или е работна организација, да

треба Собранието да одредува членови Прашав за себе? Не добив одговор затоа сега го поставувам прашањето па да расчистиме. Ако рафинеријата не е една од тие претпријатија ние не би требало да даваме согласност.

Второ, начлено прашање се однесува на двајцата претходни пратеници кои поставија прашање за некои сипаритети, некоја рамноправност. Сметам дека сите сме согласни за системот така наречен клуч кој отиде во неповрат. Сега ако се вратиме на него ќе одиме не еден чекор назад туку сто. Ќе предлагаме господа, или како ги викате другари по можности да ги обавуваат функциите.Затоа сакам на колегите од ПДП и НДП да им кажам повеќе да не се служиме со тоа овој не е застапен, зошто оној не е застапен и тн. Ке одиме без клуч.Тоа е мое.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во однос на првото укажување, клуч или паритет, тоа може да се обезбеди со работното тело, Комисија за избор и именување каде од ПДП во конкретниот случај се. застапени дваица членови. Со нивната активност.За водење на кадровска политика не се присуствува само од состанок на состанок туку треба да има доволно слух, да се следи кадровската политика, да се нудатат решенија и пред време и за време на конкретен предлог и во иднина. Со тоа ПДП е застапено, бидејќи таа Комисија едино со деловникот е должна да има сразмерен состав спрема паритетот на претставување во Парламентот.

Во однос на сите други комисии преовладува стручност. Затоа секаде неможе да се бара паритет, бидејќи имаме чисто медицински установи од републички карактер и ние мораме, ако имаме можност од медицинска струка да делегираме од неа. Меѓутоа сметам членовите во оваа Комисија да си бидат поактивни, да не одиме на недоразбирање.

Во однос на второто укажување, во однос на рафинерија, да кажам дека Комисијата не утврдува кое претпријатие е од јавен карактер. При самата регистрација во судскиот регистар при надлежниот суд тоа се утврдува. Меќутоа, ние имаме барања постојните делегати кој сеуште имаат мандат а тоа се Ќирил Серафимов, Небојша Јанкуловски, Јованка Дончевска, да се заменат сонови. Во писмениот дел предлагаме нови кандидати, а таа постапка ја поставуваме да се заменат постојните делегати.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

За да нема недоразбирање во врска со она што пратеникот СКМ ПДП, Душко Ѓоргески овде го изнесе, а тоа е соодветна застапеност од сите партии кои што учествуваат во работата на парламентот, барем во оној дел што се однесува на пратенички дел во советите и во комисиите.

Само илустративно, споредување на голи бројки покажува дека застапеноста на пратниците од ВМРО ДПМНЕ во однос на пратениците од СКМ ПДП е некаде 3,-5 спрема 1 односно-14,3.

Бидејќии овде беа споменати аргументи од типот на стручноста а не клучот на застапеност, не може никој да не убеди, ако некој има доволно аргументи нека повели, да било која област дека најголем број од стручњаците во овој Парламент се содржат токму во пратеничката група од ВМРО ДПМНЕ.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во делегирањето и изборот не применуваме математички правила, туку го земаме предлогот од Секретаријатот за стручни кадри на Владата. Ниту еден немаме дополнето надвор од нивните можности. Некаде предлагаат толку колку што се потребни делегати ако се потребни двајца, двајца предлагаат некаде пак троица. Од тие троица можеме да се насочиме спрема двајца, но тој предлог го утврдуваме со потребно мнозинство. Значи таму може да се каже тоа. Ние таму немаме апсолутно мнозинство, ние од ВМРО сме четворица. Со тоа ние надвор од таа кадровска политика во Владата, не истапуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Треба да се има во вид и следното: Овие членови што се утврдуваат во советот нив ќе ги утврдува Собранието. Тие таму ниту може да настапуваат со лични ниту со партиски ставови. Тие таму ги застапуваат интересите на општествената заедница и политиката што ја утврдува Собранието со акти. Според тоа овде се влегува, јас уште од почетокот видов дека се мешаат работите а за тоа придонесоа пратениците.

Од партијата се влегува на кандидатска листа, а од изборите се излегува како пратеник на народот. Тоа е позната работа. А, овде од Ссбранието се излегува некаде како застапник на Собранието и неговата политика. Не може дури и Собранието што некого ќе го задолжи да излезе и да ги застапува ставовите само на својата партија. Сите овие работи треба да ги имаме во вид, а сепак на ова што Горгевски што упатува треба да обрнеме внимание, да не се побудат непотребни сомневања.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Јас ќе одговорам сега на тројца дискутанти.

Првиот беше од ПДП, се држеше за точката за која се говори.

Како е можно од албанска, ромска и друга народност да не се назначуваат членови и директори.

Потоа дојде претставникот од СКМ ПДП да каже дека во стручните тела треба да се запази паритет и на крајот јас доаѓам и говорам дека ќе треба да се напушти системот на клуч и дека не треба претставниците на ПДП и НДП да ни приговараат на оваа околност, кој се избира а кој не. И на крај да дојде господин Црвенковски и да каже кој на нас ни гарантира и со кој факти ќе биде тој убеден и да се врати натаму дека ВМРО е по писмен од СКМ ПДП. Јас го поставувам прашањето во спротивен смер, со кој аргумент господин Црвеновски ќе не убеди дека пратениците на СКМ ПДП се најписмени во овој Парламент.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас гледам дека сега работата оди на друг план. Вистината е друга. Бранко Црвенковски праша дали има докази дека 3,5 пати спрема еден е предимството на писменоста во една Партија и како е тоа одмерено.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сум адвокат и подобро знам.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие си бидете адвокат, но овде сте пратеник и член на Парламентот.

Предлагам да одиме на именување на овие членови што овде се кандидирани

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас би сакал на господинот Брнко Црвенковски да му реприцирам.

Точно е дека господата од СКМ ПДП, може би се railписмени, во тоа не навлегувам, а ќе кажам само еден суров факт. 17 Пратеници од СКМ ПДП се директори, 5 се раководители на сектори кај што работат, 7 се професионални професори, 2 се електроинжињери, а исто така се политичари. Својата интелектуалност и својата памет требаше да ја покажат во иницијативите што ги даваат тука, во работата на досегаш - ното постоење на Парламентот, а тоа дали ВМРО има и колку има интелегенција, во тоа не сакам да навлегувам. Ние се гордееме со тоа, а тој што кажа петта колона, нека излезе и нека го каже тука на говорницата, ако е Македонец. Ние се гордееме со тоа што во нашиот состав има од работник до професор, а не само морално политички подобни луѓе, какви што се од нивната страна.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Почитувани дами и господа.

Денес на оваа седница пратеникот од ВМРО ДПМНЕ, Јордан Богданов ни

предложи еден многу убав термин-ситен политички маркетинг. Мислам дека со ова ништо не добиваме и дека ваква критика не е конструктивна и не не води напред.

Предлагам да прекинеме со овој ситен политички маркетинг и да преминеме на точката од дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова треба да се поздрави. Инаку тој ситен маркетинг толку многу го има што за гледачите е невкусна работа. Тој е штетен за се кого и за тој што сам го застапува, само не е во состојба да види што сам штети трпи.

ГАЗМЕН АЈДАРАГА:

Мислам дека вчера доста се испуцавме па треба да прекинеме со такви испуцавања, да не губиме време, бидејќи тоа е скапо. Поради тоа мислам се носам со замисла дека Комисијата овде недоволно работела и заради тоа предлагам оваа точка да ја одложиме за следната седница. Мислам дека не не води на добар пат ваквиот начин на вршење на избори.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Крстевски ќе ни каже дали има можности да се одлага бидејќи некои работи чекаат во институциите. Има конкурси кои треба да се распишат, и да се заменат некои луѓе.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Прво, јас сум против одлагање бидејќи, прво нема доволно образложение за тоа, друго, на прилозите во писмена форма, почнувајќи од Црвенковски, никој не даде против предлогот туку на празно се даваат предлози.

Второ Комисијата е избрана едногласно. Треба да одиме и да работиме малку со доверба. Ние немаме доверба во партии, немаме доверба во други работи. Ние ова сме го имале на состанок, сите сме дискутирале за тоа, сме ги виделе сите околности и треба да се даде доверба и да се продолжи оваа постапка.

Понатаму со новата поделба на власт овие работи ќе си преминат во сектор на Владата. Ова се симболични делегирања и со два претставника во советот на Факултетот ние не можеме Собранието да го застапиме. Затоа сметам за овие работи да не бараме не знам какви кадровски решенија, некои капацитети. Тие симболично го претставуваат Собранието. Бидејќи советите ги сочинуваат по 20-30 членови, а ние со двајца членови од Собранието сигурно не можеме да придонесеме на пример околу разрешување на некој си директор. Затоа за овие ситни кадровски решенија да не бараме нови седници кое многу поскапо ќе не чини. Затоа сум против овој предлог за одлагање.

СТОЈАН АНДОВ:

И друго една напомена која не е неважна.

Се настојува, по правило, бидејќи овие институции воглавно се во Скопје, или оние што се во Битола, членовите на Советот да бидат од тие градови, да нема трошоци за патување итн.

Молам ако никој друг не се јавува за збор, да минеме на гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Овие општи напомени Комисијата да ги има предвид како и Владата после. Бидејќи овде ниеден поединец не се доведе во прашање можеме да одиме понатаму со работа.

Имаме предлог од господинот Ајдарага да се одложи оваа точка.

Молам, кој е за Предлогот на господин Ајдарага, да крене рака? (16).

Кој е против Предлогот за одлагање на точката? (54).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Според резултатите од гласањето констатирам дека Предлогот на господин Ајдарага не е прифатен.

Молам, кој е за предлозите на одлуките да крене рака?(51).

Кој е против? (13).

Дали има воздржани? (5)

Според резултатите од гласањето констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување на претставници на општествената заедница.

Минуваме на 53 точка - Предлог на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии за:

- Именување директор на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" - Скопје,
- За именување директор на Ансамблот за народни игри и песни "Танец" - Скопје,
- Именување директор на Новинско-издавачката работна организација "Службен весник на СРМ",
- Именување директор на Институтот за ортопедија и трауматологија во Охрид,
- Именување директор на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Социјалистичка Република Македонија,
- Разрешување директор на Педагошката академија "Климент Охридски" во Скопје,
- Именување директор на Работната организација Музеј на Македонија - Археолошки, Етнолошки и Историски во Скопје,
- Именување директор на Работната организација за производство на филмови "Вардар-филм" во Скопје,
- Именување директор на Институтот за национална историја во Скопје.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање? (11)

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за избор на членови на конкурсни комисии.

Минуваме на точката 54 - Нацрт на закон за обезбедување на средства за учество на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во основачкиот капитал на мултилатералната агенција за гарантиранње и инвестиции МИГА (АС бр.1336).

Нацртот на законот, Мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени доносно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот по Нацртот на законот за обезбедување средства за учество на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во оснивачкиот капитал на мултилатералната агенција за гарантирање и инвестиции МИГА е усвоен.

Минуваме на точката 55 - Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на Народните банки на автономните покраини (АС број 1337).

Нацртот на законот, - мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, Извештаите на комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот по Нацртот на законот за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини е усвоен.

Минуваме на точката 56 - Предлог на закон за ратификација на платната спогодба помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Сојузот на Советските Социјалистички Републики и на Протоколот кон платната спогодба (АС број 1338).

Предлогот на законот, Мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство, Законодавно-правната комисија, како и на Комисијата за финансирање и буџет и Предлогот на заклучокот за давање согласност Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој протиз? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот по предлогот на законот за ратификација на Платната спогодба помѓу СФРЈ и СССР и на Протоколот кон Платната спогодба е усвоен.

Минуваме на точката 57 - Предлог на закон за ратификација на платната спогодба помеѓу СФРЈ и НСР Албанија (АС број 1339) .

Предлогот на законот,,Мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство и на ЗПК и Предлогот на заклучокот за давање согласност ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема).

Констатирам дека заклучокот по Предлогот на Законот за ратификација на Платната спогодба помеѓу СФРЈ и НСР Албанија е усвоен.

Минуваме на точката 58 - Предлог на закон за ратификација на Платната спогодба помеѓу СФРЈ и НР Монголија (АС број 1340) .

Предлогот на законот, Мислењето на Владата на СРМ, Извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство и на ЗПК и Предлогот на заклучокот за давање согласност ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот за давање на согласност го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот по Предлогот на законот за ратификација на Платната спогодба помеѓу СФРЈ и НР Монголијае усвоен.

Минуваме на точката 59 - Предлог на закон за измена на Законот за ратификација на Конвенцијата, организација на трудот број 158 за престанок на работниот однос на иницијатива од работодавецот (АС број 1272).

Предлогот на законот, Мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за надворешно-политички

прашања и односи со странство и Законодавно-правната комисија како и Предлогот на мислењето Ви се доставени односно поеделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на мислењето го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Мислењето по Предлогот за донесување на закон за измена на Законот за ратификација на Конвенцијата за меѓународната организација на трудот број 158 за престанок на работниот однос на инспекцијата од работодавецот е усвоена.

Минуваме на точката 60 - Дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Собранието на Социјалистичка федеративна Република Југославија на Нацрт-законот за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (Кон АС број 1297).

Дополнителниот предлог на Нацрт-законот, Мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Законодавно-правната комисија и Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (3).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот по Дополнителниот предлог на Сојузниот извршен совет на Собранието на СФРЈ на Нацрт законот за измени и дополненија на Законот на НБЈ и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини е усвоен.

Минуваме на точката 61 - Пречистен текст на Нацрт-законот за претворање на курсните разлики по депонираното девизно штедење кај Народната банка на Југославија во јавен долг на Федерацијата (Кон АС Бр.1206).

Пречистениот текст на Нацртот на законот, Мислењето на Владата на СРМ, Извештаите на Комисијата за финансиранње и буџет и Законодавно-правната комисија, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот по пречистениот текст на Нацртот на законот за претворање на курсните разлики по депонираното девизно штедење кај Народната банка на Југославија во јавен долг на Федерацијата е усвоен.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен преминуваме на пратенички прашања.

Извршниот совет на Собранието на СРМ односно Владата на СРМ достави одговори на прашањата на пратениците: Хисни Шакири, Бранко Арсовски, Вецко Личоски, Владимир -Голубовски, Санде Давчев, Симеон Ивановски, Јован Манчевски, Панче Минов, Тодор Петров, Трајан Мицевски, Гоце Андоновски, Фаик Абди, Иван Иванов, Џелал Таири, Оломан Сулејмани, Алиу Халит, Ферид Садику, Мерсим Положани, Славе Наумовски, Михаил Пановски, Неџати Џафери, Митко Анастасовски, Цветан Јовчевски, Сејфедин Харуни, Туше Гошев и Горан Зафировски, поставени на седниците на Собранието одржани на 25 и 26 јануари 25 февруари и 7 март 1991 година.

Одговорите на пратеничките прашања ви се доставени.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат

дополнителни прашања
Хисни Шакири, не е тука
Бранко Арсовски, нема
Вецко Личовски има.

ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:

Што се однесува до одговорите на поставените прашања не сум задоволен, тоа би го молел господинот претседател на наредната седница, бидејќи сме многу заморени да се изјаснам.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам што имате сега кажете и со тоа е завршено,а на наредната седници нови одговори и прашања ќе има.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Што се однесува до прашањата што ги имам поставено на овој Парламент како прво прашањата беа поставени на 25 јануари 1991 година, а ми се одговори на 18 март што значи дека има еден голем вакум во однос на одговорот.

Поставувајќи ги прашањата јас не сум задоволен од одговорите скоро на сите прашања, затоа што одговорот не е во права смисла како што го барав.

Имено, прво барав за застојот на термоелектранaта "Осломеј" која што стоеше 18 дена, од каде и колку средства се одобрени на што не ми се одговори. Понатаму, барав...

(Реагирање на пратениците. Тоа од старата влада)

СТОЈАН АНДОВ:

Што се однесува за прашањето за Осломеј, колку што знам вие таму работите и зошто таму не го поставите тоа прашање.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Јас овде го поставив прашањето

Понатаму барав од каде и колку средства се обезбеди за Јарослав Черни, кој беа три месеци, работеа. Меѓутоа, ние овде имаме доволно кадри, доволно умни факултетски наобразовани луѓе Хидрометеоролошки завод кои што можеа да се ангажираат во однос на работата што требаше да ја работи Јарослав Черни. Работата да ја работат наши луѓе а не Јарослав Черни. Не ми се одговори на тоа прашање.

_____________: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Не ми се одговори на прашањето зошто е формирано јавното претпријатие за водоводот Студенчица и Злетовица, а немаат ништо заедничко, едното е исклучиво за пиење вода, а другото е за наводнување. Сеуште не е изградено и се наоѓа на два различити региони. Бидејќи нема направено претходно општествено-економски елаборат и неговата оправданост за формирање на тоа претпријатие и колкава е неговата оправданост. За тоа не се одговори. Кое претпријатие вршело и врши амортизација за досегашното користење на овој водовод и ако има такво претпријатие колку се обезбедени средствата. И на тоа прашање не ми се одговори.

Понатаму, јас имав една информација дадена од граѓаните на Горно и Долно Добреноец кое што требеше да се раздели, да се размножи и да се раздели на пратениците, а во таа информација имаше и прашања кои што требаше да се одговорат и на нив не се одговори. Затоа, инсистирам на овие прашања по втор пат да ми се одговори.

СТОЈАН АНДОВ:

Овле се пак фактички како дополнителни прашања поставени, така да им дадеме третман па нека Владата одговори на првата наредна седница или по писмен пат.

Дали е задоволен Владимир Голубовски? (Не е тука).

Дали господинот Санде Давчев е задоволен од одговорот? (Задоволен е).

Симеон Ивановски? (Не е тука).

Јован Манчевски? (Задоволен е).

Панче Минов?

ПАНЧЕ МИНОВ:

Не сум задоволен од одговорот по пратеничкото прашање, па барам дополнително да ми одговори новата Влада преку новото Министерство за можностите за материјално обезбедување на стечените работници кои го искористија правото на еднократна исплата на паричниот надомест, а посебно за можностите за создавање на услови за нивно продуктивно ангажирање, писмено да ми се одговори на една од наредните седници.

Тодор Петров?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Барам на прашањето кое го поставив на 25 јануари во форма во која го поставив да ми се одговори, заради тоа што Извршниот совет од стариот состав го испревртел и се добива нормално поинаков одговор по следното прашање.

Имам дополнителни прашања кои не се дадени и на кои барам да се даде одговор.

Дали тивката економска блокада која што се спроведува од Србија спрема Македонија продолжува и денес. Што е се сторено од страна на Владата за наплата од побарувањето од другите републики од 1 јануари 1991 година до сега, кои се ефектите од примената на актите за заштита на интересите на Републиката.

СТОЈАН АНДОВ:

Овие се нови прашања господине Петров, Вие ќе добиете збор после.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Не сум задоволен па поставувам дополнителни прашања.

СТОЈАН АНДОВ:

После ќе добиете збор, сега за новите прашања, не се дополнителни овие прашања.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Овие се во рамките на ова прашање дополнителни.

СТОЈАН АНДОВ:

Неможе десет прашања во едно дополнително прашање. Тоа не се дополнителни прашања. Вие ќе си добиете после збор.

Господин Трајан Мицевски?

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Господа пратеници, јас не сум задоволен од одговорот, со оглед на тоа што незнам дали тоа старата Влада го стори, меѓутоа прашањето гласеше определените средства, што е сторено со определените средства за преселување на селата трите и за загадената екологија на селата. Барам да се оформи или ако не е во склопот, поради тоа што одговорот не е сторено она што го велат во тоа, да се формира парламентарна група да го посети селото.

СТОЈАН АНДОВ:

За тоа друг пат, а сега се бара појасен одговор на прашањето што го поставив. Значи, за одредените средства, што веќе биле определени за таа намена.

Гоце Андовновки? (Задоволен)

Фаик Абди?

ФАИК АБДИ:

Јас поставив две, големи прашања се тие, за инфлацијата на СР Македонија како едно стопанство замислено. Само добив известие дека службите односно Извршен совет работат на таа проблематика. Сега е месец април и веројатно сите завршни сметки одамна ги предадоа и гледам дека набрзо ќе добијам таков одговор.

На второто прашање сум известен дека се работи. Општините даваат материјал до Републиката и верувам дека Владата *ќе* направи еден добар одговор и акција како да се решат прашањата од аспект на супстонарното живеење во СР Македонија. Очекувам одговор.

СТОЈАН АНДОВ:

Иван Иванов? (Задоволен).

Џелил Таири? (Задоволен).

Оломан Сулејмани? (Задоволен).

Хамид Алиу?

ХАМИД АЛИУ:

Не сум задоволен од одговорот затоа што прво Здружението на наставниците

на предметот албански јазик и литература на 3.12.1990 година барале да се одложи тематска тема посветена на 90-годишнината на претседателот Наим Фрашли. (Го покажува барањето).

Одговорот од прв степен се одбива и се забранува одржување на пријавените собири од причина што е кажано (покажува лист од првостепениот суд).Второстепениот орган со иста мотивација го одбива. Исто така од стариот Извршен совет под иста мотивација е одбиено. За мене не е исто тематска тема, тоа е округла маса и не е ист собир. Затоа, истото прашање му го повторувам на новиот министер за внатрешни работи.

СТОЈАН АНДОВ:

Ферик Садику? (Задоволен)

Мерсим Положани?

МЕРСИМ ПОЛЖАНИ:

Да повторам, моето прашање беше како дојде данокот од земјоделската дејност оваа година да се зголеми за 1200 односно 1300 индексни поени. Во одговорот стоеше покрај другото дека до тоа дошло поради валоризираните катастарски приходи, кои основици биле постигнати во договор со републиките и покраините. Ме интересира која е таа одлука и кога е постигната. Ако таква одлука не постои или дури и ако постои предлог сега до Извршниот совет што може да се стори тие основици да се преиспитаат, бидејќи тие се енормно високи за сегашни услоги. Сега го пренесувам расположениeто од базата, нема никакво расположение за плаќање на даноци. Значи, престои да речам една така масовна граѓанска непослушност. Да не испадне сега дека тоа се организира од некои политички субјекти. Затоа барам појасен одговор на една од наредните седници.

СТОЈАН АНДОВ:

Две прашања се дополнителни, едно е со кој акт е тоа сторено, а друго дали постои можност да се преиспитаат висината на ревалоризацијата. Јас ве молам ако може писмено да му одговорите на пратеникот. Така би било подобро, затоа што ќе имате и увид во документацијата и се.

Славе Наумовски?

СЛАВЕ НАУМОВСКИ:

На моето прашање беше опширно одговорено, меѓутоа на делот на кој очекував вистински одговор, дали од неразбирање, не добив одговор. Се однесуваше покрај другото за бројот и правата на Македонците во Србија, односно оние што се на границите на северозападната страна од Шар Планина, т.е. Македонците-муслимани.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, повторно остануваш на прашањето само за тој дел.

Михаил Пановски? (Задоволен).

Неџади Џафери?

НЕЏАДИ ЏАФЕРИ:

Од одговорот на делегатското прашање поставено на Деветтата седница на Собранието за интервенција на милицијата во гостиварската гимназија не сум задоволен само од бројот на милиционерите кои присуствувале во оваа интервенција не бил седум, туку повеќе, бидејќи е извршена рација по гостиварските улици. Не сум задоволен дека се приведени 12 ученици, а приведени се 18. За овие податоци располагав и со слики и видеокасети.

Со дополнителното второ прашање за второто поставено прашање во врска со јавните и информативни средства, гласила поставив прашање на министерот за правосудство, а одговараше министерот за информации. Би сакал по тоа прашање да ми одговори министерот за правосудство.

СТОЈАН АНДОВ:

Во ред, тоа треба да се види во чија надлежност е.

Митко Анастасовски? (Задоволен е).

Цветан Јовчевски? (Не е задоволен).

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

На моето прашање не сум задоволен. Има и една изрека од Езоп една басна, кога ја прашале маската кој ти е татко, таа одговорила коњот ми е вујко, па во интерес и на времето не сакам да ја заморувам новата Влада и нека остане таков каков што е даден одговорот од старата Влада.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи господинот Цветан Јовчевски е задоволен да биде незадоволен.

Сејфедин Харуни? (Незадоволен).

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

На самото прашање од минатата седница и на одговорот што беше од соодветниот ресор на Владата беше умесен. Мегутоа, водостопанството во Гостивар не се придржува на таа одлука што ја имаа донесено. Тука имаме две битни работи. Тој и натаму оди и тоа со присуство на власт да им ги земе насилно парите на земјоделските производители, а од друга страна и суша и недостиг на водата имавме лани и предминатата година.

СТОЈАН АНДОВ:

Да го формулираме прашањето дополнително и надлежниот орган да преземе мерки.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Тоа сакав да го кажам. Надлежниот орган да преземе мерки и треба да го опоменува водостопанската организација "Вруток" - Гостивар.

СТ0ЈАН АНД0В:

Прашањето е што намерава надлежниот орган да поведе тоа што е во законот.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Токму така, во името на законот надлежниот орган треба да преземе соодветни мерки.

СТОЈАН АНД0В:

Не, ние не му кажуваме што, тоа не е прашање, тоа е наредба. Вие го прашувате односно ја прашувате Владата што надлежниот орган ќе преземе да го спроведе законот. Тоа е прашањето.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Прашањето се однесува на Владата, само на ресорскиот орган.

СТОЈАН АНДОВ:

Само дополнително во врска со тоа, а не ново прашање.

Туше Гошев? (Задоволен е).

Горан Зафчровскч? (Незадоволен).

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:

Дали е некој земен на одговорност, поради со ништо неиспровоцираното тепање на вардаровите навивачи. Ова е во врска со истото прашање и не е ново прашање. Јас не сум задоволен со првото прашање.

Сега прашувам дали е некој земен на одговорност.

Исто така, како дополнително прашање и за со ништо неиспровоцираното тепање на вардаровите навивачи за време на натпреварот меѓу Вардар и ОФК Белград. Барам писмен одговор.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега ние завршивме со одговорите на порано поставените прашања. Сега за натаму имам едно вакво прашање до вас.

Ги молам пратениците сега  да се сложат со следното, секое ваше прашање кое

не е од итен карактер да го поставите по писмен пат од утре натаму до Владата, а она што мислите не трпи никакво одлагање, тоа да го поставите сега и Владата да одговори. Ова го предлагам од причина што мислам дека се сите доста заморени, а некои ќе испуштат и превозно средство да стигнат до дома.

Дали се сложувате со тоа? (Се сложуваат).

Прашањата ќе ги упатувате до мене и јас ќе ги препратам. Молам, дали има некое итно прашање. Значи, прво за збор се јави господин Анастасовски, па Јовчевски, господин Пановски и  господин Стојков, господин Арнаудов и сите господа.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Драги пријатели, овие денови многу избеглици од Албанија пребегнале наши луѓе Македонци. Некои се во преспа, некои се во Битола, а некои се подалеку однесени. Ставот на Владата незнам каков е, но имам некои извештаи, а имам и видно луѓе во Скопје се дојдени, Македонци и сега луѓето незнаат што да прават. Овие не се од делот на Преспа, тие се од Тирана и од Корча. По некои имаат родител од овој дел на Македонија. Луѓето сакаат да останат со своите фамилии. Што ќе преземе Владата тие луѓе да останат тука во Македонија. А што ќе стане со тие луѓе што се однесени подалеку од нашата Република. Тоа да се реши под итно. Имам уште едно прашање, тоа е под итно се обраќам до Владата вчера имаше претставници дојдено од Пробиштип. ТАМ е фабрика за акумулатори. Работат околу 1500 души и од субјективни причини повеќе од луѓето не работат. Работат само околу 300 а колку што ни е позната таа фабрика беше продуктивна, а сега повеќе од нив не работат, работат околу 300 а има околу 450 души апарат внатре што работат во службите. Сега неможат да дојдат до спогодба, тие со директорот. Се јавува некој директор од старата гарда, тие не го сакаат. Поставувам прашање на Владата, затоа што ова неможе да се реши, ако така продолжуваме, тогаш целото стопанство и фабриките треба да ги азтвориме.

Луѓето молат, предлагам на Владата да оформат една комисија, да одат на лице место и да види кој е тој субјект кој ја натера фабриката и ги натера работниците да не работат.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали имате прашање?

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Прашањето е во тоа зошто фабриката не работи?

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господинот Јовчевски, па Пановски и други.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Во интерес на итноста да дадам надополна на првото прашање од господин Анастасовски, за предлогот за доселување на нашите македонци од Мала Преспа, или од другиот дел на Албанија, ако може да се населат во Западниот дел со еден предлог становите кои што се наменети за повратниците од источните земји, а се узурпирани од националните малцинства. Тоа како предлог.

Второто прашање ни е упатено до министерот за народна одбрана, врз основа на кои критериуми е дадено оружјето од територијалната одбрана на чување во касарните на ЈНА: Барам писмен одговор.

СТОЈАН АНДОВ:

Ќе добиете писмен одговор.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Имам две прашања на кои што барам писмен одговор. Првото прашање е до министрите за здравство и правосудство и тоа, дали во Стоматолошките клиники при Стоматолошкиот факултет во Скопје директорот проф.д-р Игњат Богдановски си ја има узурпирано својата функција и дали масовните отказни решенија на професорите и асистентите во овие установи се оправдани, како и ограничените човечки слободи и права на вработените. Тоа е првото прашање.

Второт прашање до Владата, бидејќи сме добиле неколку анонимни писма од поедини новинари во Радио-телевизија Скопје, сегашна Македонска телевизија, барам Владата да ми одговори на следното прашање. Дали Македонската Радио-телевизија има снимено 2 видео-касети во тираж од 60 илјади примероци со иредентистичка, сепаратистичка содржина на прогласување на Качанички устав, Косово-република и т.н. Ме интересира дали е вистина дека Македонската Радио-телевизија ги снимила тие две касети во својата продукција и во тој тираж од 60 илјади касети.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Имам едно конкретно прашање до Владата и ако е можно Ве молам, да ми одговорите усно. Дали е запознаена Владата и ако е запознаена, каков став има во врска со забрзаната активност на преструктуирање на сопственоста на таканаречените стопански системи, особено на оние системи чија домицилност е надвор од нашата Република, со која активност се ограничува сопственоста и односите во тие стопански субјекти кои се на територијата на нашава Република.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи господин Петров дојде до говорницата, јас него го замолив после да каже а сега се договаравме да се поставаат прашања по писмен пат се што не е итно. Дали тој од своите прашања има нешто што ќе издвои како итно сега да го постави, а некои други прашања да бидат поставени по писмен пат, или сите писмено ќе ги постави.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Моите прашања ќе ги поставам писмено, меѓутоа, протестирам против претседателот затоа што пратеничките прашања ги прави како еден циркус овде. Ако бил во состојба да стави 60 точки, тогаш не мора да создаваме ситуација пратениците кога поставуваат прашања, се исмејување и ги враќаме на пратеничките клупи. Прашањето ќе го поставам писмено.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Барам усно да ме извести на оваа седница претседателот на Собранието господин Стојан Андов, а во врска,со неговата изјава околу состанокот на 6-те претседатели на републиките и донесениот, став за референдум.

Дали неговото изнесено мислење во Кавадарци го дал како претседател на Собранието на СРМ или како претседател на Реформските сили на Макеоднија.

СТОЈАН АНДОВ:

Како избран пратеник од изборната единица во која разговарав таму.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Имам две прашања и тие се упатени едното до МИнистерството за правосудство, а другото до МИнистерството за информации.

Првото, како протече постапката околу менувањето на титуларот на сопственоста на НИП "Нова Македонија" поточно барам од Министерството за правосудство да изврши целосна ревизија на оваа постапка и да ми одговори дали таа во целост била уставна и законита.

НИП "Нова Македонија", на сите ние е познато, беше орган на сега веќе непостоечкиот Социјалистичкит сојуз на работниот народ, а сега е регистрирано како општествено претпријатие. Мислам дека со тој чин е узурпиран еден огромен општествен имот кој е стекнат благодарение на заедницата и ставен во функција на заштитување на личните интереси на директорот на НИП "Нова Македонија". Тоа значи дека "Нова Македонија" сега се декларира како независен дневник и отфрла секаков простор за сомнение и одговорност, а Макеоднија останува без официјален државен весник.

Прашањето беше дали постапката околу пререгистрирањето со титуларот на сопственоста е регуларна и законита. Ако можам да добијам и опис на постапката.

Второто прашање е до Министерството за информации. Нека ми одговори ресорниот одговор, дали размислува на формирање на државен официјален дневен зесник на Македонија, бидејќи ми се чини неговиот недостаток сите го чувствуваме.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Прашањето е едно, само ќе биде упатено до 2 ресори. Едното е до финансии а другото е до Минстерството за просвета и култура.

Прво, барам одговор, ако може, да ми се даде бројот на лицата кои ги користат така наречените благодети од учеството во "НОВ" од 1945 па наваму, нивниот број. Тоа е првиот дел.

Вториот дел тоа се од Републиката, кој се оние кои треба да ни се вратат од Сојузот, колку е нивниот број и за двата случаи колку ќе треба и колку се издвојува од Буџетот на Макеоднија заподмирување на овие потреби.

Третиот дел од прашањето е колкав е бројот на учителите и просветните работници односно наставници во основното образование за кои денеска практично биевме бој дали да им обезбедиме место и од кои средства да го финансираме, да видиме клку е нивниот број и колку средства се издвојуваат односно ќе треба да се издвојат за подмирување на оваа општествена потреба.

СТОЈАН АНДОВ:

Само момент, она што рековте под наводници на што се однесува оти не ќе знаат да го протолкуваат. Напишете го тогаш и по писмен пат да го дадете и тоа попрецизно.

ЈОВАН НИКОЛОВ:

Почитувани пратекици,

Моето прашање е до министерот за внатрешни работи, тој не е присутен денеска, тука е заменикот, но јас ќе барам одговорот да биде од минситерот, а не од заменикот и затоа сакам на наредната седница да даде одговор. Не по мое лично прашање, прашањето е поставено од членовите на СКМ-ПДП од Титов Велес, нивни симпатизери и голема група граѓани кој се обратија да се обратам до министерот во врска со поседувањето на просториите на Општинскиот комитет од страна на секцијата ВМРО-ДПМНЕ.

Прашњето нема да го читам овде, печатот е запознаен, јас ќе го доставам во писмена форма, но усно на наредната седница министерот да ни даде одговор.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие не сакате писмен одговор, туку устен

БРАНКО БЛАЖЕСКИ:

Ке бидам побрз во читањето, а прашањето е од витален карактер со оглед на тоа морам да го поставам затоа што сум задолжен.

Собранието на општина Македонски Брод смета дека при донесувањето на одлуката за зафаќање на водите на изворот "Питран" и вклучување во системот "Студенчица" од страна на поранешниот ИС на Собранието на СРМ имал за задача за моментално ублажување на реагирањата на граѓаните од општините Прилеп, Кичево, Крушево и Македонски Брод и со тоа е изнајдено решение за водоснабдување не водејќи сметка притоа дека на реката Треска и се одзема и вториот главен извор.

СТОЈАН АНДОВ:

Поставете го прашањето.

БРАНКО БЛАЖЕСКИ:

Ако веќе се познати причините, прашањето е, ќе го скратам нема читање, прашањето се состои во тоа до колку и во наредниот период како и претходните 5-6 години се погоди суша што би станало со населението кое ја користи водата од изворот "Питран" до сливот во Матка, што со Матка, што со Езерото Треска, што со Вардар, бидејќи ни е познато дека водите ова лето беа само од Треска и дали при сето ова, бидејќи веќе се извршуваат некои работи таму дали при сето ова се користени сознанијата на сите научни и стручни институции и дали биле вклучени. Итно е, бидејќи работите се изведуваат, очекуваме 4 илјади жители да излезат и да ги сопрат во работа другарите што се таму. И дали се има предвид водата на Треска во системот таканаречената "Вардарска долина".

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Моето прашање апсолутно не е од итна природа, меѓутоа, бидејќи сите овие досегашни прашања верувам дека ни едно од нив не беше поитно така си го земам правото и јас да го поставам прашањето.Се работи за следното:

Во текот на изминатиот месец во Виена се одржа средба на претставници на национални партии од повеќе европски држави.

Според средствата за јавно информирање, македонската јавност беше запознаена дека на оваа средба во Австрија, во Виена учествувале и претставници на Партијата ВМРО-ДПМНЕ, нејзиниот претседател Љупчо Георгиевски и претседателот на Партијата за Демократски просперитет Невзат Халили. Можеби имало и други, меѓутоа, во средствата за јавно информирање не можев да изведам заклучок дали и некој друг бил присутен на таа средба.

По враќањето во својата изјава за Македонската Радио-телевизија г.Георгиевски даде изјава од која не можеше да се заклучи дали на оваа средба учествувал како претставник од ВМРО-ДПМНЕ или како претставник на Македонската држава, со оглед на тоа што тој во исто време ја врши функцијата потпретседател на претседателот на Републиката.

Од тука моето конкретно прашање гласи, Дали на оваа срдба во Виена г.Георгиевски учествувал како претставник на својата партија ВМРО-ДПМНЕ или како претставник на македонската држава односно потпретседател на претседателот на СРМ.

Второ, дали во придржубата на г. Георгиевски за време на престојот во Виена учествуваа вработени луѓе при Собранието или ИС односно Владата на Македонија што е нормално ако се работело аз државничка посета, меѓутоа, далеку е од нормално ако се работело за партиска посета и партиско учество во работата.

Трето, кој ги сносеше трошоците за овој престој во Виена направени во врска со оваа посета.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира, ние ќе му го пренесеме прашањето, а дали се однесува и за г.Халили?

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Пратеничко прашање за г.Халили немам никакво право да поставувам, поставувам прашање за г.Георгиевски, бидејќи за него можам да поставам прашање, тој е носител на државна функција и истовремено прашањето го упатувам до Владата, бидејќи сметам дека има надлежни ресори кои се предодредени за ова да имаат информации да дадат одговор.

СТОЈАН АНДОВ:

Морам да дадам појаснување, колку ми е јасно, се знае на кого е упатено прашањето и таму ќе се добие одговор. Владата не е надлежна да прашува каде и во кое својство оди потпретседателот на претседателот. Таа може да испита каде одат нејзините службеници, а прашањето за него ќе го доставиме на г.Георгиевски и тој ќе процени дали е задолжен да одговори.

Вие се сеќавате во слична ситуација кога прашањето беше упатени до г.Тупурковски, му се обративме тој беше подготвен да одговори и одговори.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Тоа е уште подобро, јас мислев да го поштедам г.Георгиевски.

НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:

Иако имаше јасна информација за настанот за селото Тумчевиште од страна на СВР-Гостивар пак би се обратил до министерот за внатрешни работи со прашањто дали селаните од селото Тумчевиште биле нападнати од селаните на село Чегране, барам писмен одговор.

АСЛАМ СЕЛМАНИ:

Јас не знам али има потреба да го повторам прашањето затоа што не добив одговор месец и пол.

СТОЈАН АНДОВ:

Повторе те го прашањето, можеби во овие силни прашања се изгубило.

АСЛАМ СЕЛМАНИ:

Жал ми е, ова прашање беше упатени до ИС, но барам сега од новата Влада да ми се одговори

Видете, во рамките на П.А."Климент Охридски" во Скопје постоеше студиска група македонски и албански јазик се до 1985 година меѓутоа, наставниците од оваа студиска група беа отстранети од наставниот процес не од работниот однос. Затоа што дипломите добиени на регуларен начин се обезвреднувани, па затоа поставувам следно прашање: Врз основа на каква стручна експертиза е донесена одлука за отстранување на наставниците од оваа студиска струка односно кој институции учествувале во доне сувањето на таквата одлука, колку изнесува вкупниот број на таквитс каставпици во СРМ и што новата Влада може да презем за разрешување на овој мошне драстичен проблем.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара да псотави прашање?
(Некои од пратениците доставуваат писмени прашања)
Ако имате писмени прашања можете да ги доставите и утре и друг ден, ако немате, бидејќи дневниот ред за денешната седница е исцрпен, ја заклучувам 11-тата седница на Собранието на СР Македонија.

(Седницата заврши со работа во 20,30) часот.